Службен весник на Република Македонија

Број 22 **31 јануари 2019, четврток** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
319.	**Уредба** за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар - поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството.....	**2**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

319.

Врз основа на член 3 став (4), член 146 став (2) и член 147 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), а во врска со член 3 од Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07 и 98/09), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.1.2019 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ, НАЧИН И ПОСТАПКА НА УТВРДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ НА ПЕРСОНАЛОТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО, РОКОВИТЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ЛЕКАРСКИТЕ УВЕРЕНИЈА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ И ОВЛАСТЕН ЛЕКАР - ПОЕДИНЕЦ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ НА ПЕРСОНАЛОТ ВО ВОЗДУХОПЛОВСТВОТО

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството.

Член 2

(1) На персоналот во воздухопловството кој подлежи на здравствени прегледи им се издава лекарско уверение.

(2) Персоналот во воздухопловството кој подлежи на здравствени прегледи, во зависност од видот на лекарските уверенија се дели на:

1. Класа 1, во која спаѓаат кандидатите за и имателите на дозвола за комерцијален пилот (CPL), дозвола за пилот за екипаж од повеќе членови (MPL) или дозвола за сообраќаен пилот (ATPL) и инженери-летачи;
2. Класа 2, во која спаѓаат кандидатите за и имателите на дозвола за приватен пилот (PPL), дозвола за пилот за едрилица (SPL) или дозвола за пилот на балони (BPL) и навигатори-летачи;
3. Класа 3, во која спаѓаат контролори на летање и студенти контролори на летање;
4. Класа 4, во која спаѓаат персоналот во воздухопловството кој не е опфатен со горенаведените класи, а подлежи на здравствени прегледи согласно прописите за соодветниот персонал во воздухопловството и
5. Пилоти на лесен воздухоплов (LAPL), во која спаѓаат кандидатите за и имателите на дозвола на пилот за лесни воздухоплови (LAPL).

(3) По исклучок на став (1) на овој член на кандидатите за, или имателите на, потврда за кабински персонал им се издава лекарски извештај.

Член 3

(1) Посебните услови, начин и постапка за утврдување на здравствената способност на персоналот од Класа 1, Класа 2, пилот на лесен воздухоплов (LAPL) и кабински персонал, како и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот од Класа 1, Класа 2, пилот на лесен воздухоплов (LAPL) и кабински персонал, се утврдени во Регулативата (ЕЗ) бр. 1178/2011 на Комисијата, за утврдување на техничките услови и административните постапки во врска со членовите на екипаж во цивилното воздухопловство согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (во понатамошниот текст: Регулативата (ЕЗ) бр. 1178/2011), изменета и дополнета со Регулативата (ЕЗ) бр. 290/2012, Регулативата (ЕЗ) бр. 70/2014, Регулативата (ЕЗ) бр. 245/2014, Регулативата (ЕЗ) бр. 2015/445 и Регулативата (ЕУ) бр. 2016/539 кои се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба.

(2) Прифатливите начини на придржување (Acceptable Means of Compliance-AMC) и упатствата (Guidance Materials – GM) во однос на ЕУ Регулативите од став (1) на овој член се дадени во Part- MED / AMC / GM и Part-ARA / AMC / GM и во нивните ревизии донесени од Европската агенција за воздухопловна безбедност (EASA) и кои се прифаќаат и директно се применуваат.

(3) По исклучок од став (1) на овој член, посебните услови, начин и постапка за утврдување на здравствената способност на навигатори-летачи од класа 2, како и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на навигатори-летачи од класа 2 се утврдени во ICAO Анекс 1 на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство.

Член 4

(1) Посебните услови, начин и постапка за утврдување на здравствената способност на персоналот од Класа 3, како и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот од Класа 3 се утврдени во Регулативата (ЕЗ) бр. 2015/340 на Комисијата, за утврдување на техничките услови и административните постапки кои се однесуваат на дозволите и уверенијата на контролорите на летање согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и Советот дадена во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба.

(2) Прифатливите начини на придржување (Acceptable Means of Compliance-AMC) и упатствата (Guidance Materials – GM) во однос на ЕУ Регулативата од став (1) на овој член се дадени во Part-ATCO.MED-AMC/GM и Part-ATCO.AR-AMC/GM и во неговите ревизии донесени од Европската агенција за воздухопловна безбедност (EASA) и кои се прифаќаат и директно се применуваат.

Член 5

Посебните услови, начин и постапка за утврдување на здравствената способност на персоналот од Класа 4, како и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот од Класа 4 се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба.

Член 6

(1) Поимите „Заедница (Community)“, „Право на заедницата (Community Right)“, „Договор за воспоставување на Европската заедница (Treaty establishing the European Community)“, „Службен весник на Европската унија (Official Journal of the European Union)“, „земја–членка (Member State)“ употребени во ЕУ Регулативите бр. 1178/2011, 290/2012, 70/2014, 245/2014, 2015/445, 2016/539 и 2015/340 од членовите 3 и 4 на оваа уредба се читаат согласно точките 2 и 3 од Анексот II на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и Мисијата на Обединетите нации за привремена администрација на Косово за основање на Европската заедничка воздухопловна област ратификувана со Законот за ратификација на Мултилатералната спогодба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/07 и 98/09).

(2) Другите поими при спроведување на оваа уредба ќе го имаат значењето утврдено во ЕУ Регулативите бр. 1178/2011, 290/2012, 70/2014, 245/2014, 2015/445, 2016/539 и 2015/340 дадени во Прилог 1 и Прилог 2 на оваа уредба.

(3) “Надлежен орган” е Агенцијата за цивилно воздухопловство која ги извршува должностите и задачите предвидени со ЕУ Регулативите од став (2) на овој член, како независно регулаторно тело, односно надлежна воздухопловна надзорна власт.

Член 7

(1) Уверенијата за здравствена способност на персоналот во воздухопловството кои се издадени согласно Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2008, 87/2011 и 169/2013) важат до истекот на нивната важност, а најдоцна до 31 октомври 2019 година по што се заменуваат со уверенија согласно оваа уредба.

(2) Уверенијата за овластување на здравствена установа и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството кои се издадени согласно Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2008, 87/2011 и 169/2013) важат до истекот на нивната важност, а најдоцна до 31 октомври 2019 година по што се заменуваат со уверенија кои се издаваат согласно оваа уредба.

(3) Лекарите – поединци кои се овластени за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството согласно Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/08, 87/11 и 169/13) треба во рок од една година од денот на отпочнување на примена на оваа уредба да завршат обука согласно оваа уредба.

(4) Агенцијата за цивилно воздухопловство, овластените здравствени установи и лекари- поединци треба да ги усогласат процедурите за работа со барањата од оваа уредба најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 8

Одредбите од член 3 на оваа уредба ќе отпочнат да се применуваат од 1 октомври 2020 година.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престануваат да важат одредбите од Уредбата за посебните услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал, роковите на важење на лекарските уверенија и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар-поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот во воздухопловството и другиот стручен персонал („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/08, 87/11 и 169/13) со исклучок на одредбите на член 3 кои ќе се применуваат до 1 октомври 2020 година.

Член 10

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-11544/1-18
22 јануари 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Зоран Заев, с.р.

Прилог 1

РЕГУЛАТИВА (ЕУ) бр. 1178/2011 на КОМИСИЈАТА

од 3 ноември 2011 година,
за утврдување на техничките услови и административните постапки во врска со членовите на екипаж во цивилното воздухопловство
согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот

(Текст со важност за ЕЕО)

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈАТА,

имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската Унија,
имајќи ја предвид Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 20 февруари 2008 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Европска агенција за воздухопловна безбедност и за укинување на Директива 91/670/ЕЕЗ на Советот, Регулатива (ЕЗ) бр. 1592/2002 и Директива 2004/36/ЕЗ ([1]), а особено членовите 7(6), 8(5) и 10(5) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Целта на Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 е воспоставување и одржување на високо ниво на еднообразност на безбедноста на цивилното воздухопловство во Европа. Во таа регулатива се предвидуваат средствата за постигнување на таа цел, како и на други цели во областа на безбедноста на цивилното воздухопловство.

(2) Пилотите кои се вклучени во операциите на одредени воздухоплови, како и на уредите обука кои симулираат лет, лицата и организациите кои се вклучени во обуката, испитувањето или проверката на овие пилоти, мора да се придржуваат кон соодветните основни услови утврдени во Анекс III кон Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008. Согласно таа регулатива пилотите, како и лицата и организациите кои се вклучени во нивната обука треба да имаат дозволи/уверенија откако ќе се утврди дека се придржуваат кон основните услови.

(3) Исто така, на пилотите треба да им се издаде и лекарско уверение, а на лекарите по воздухопловна медицина, кои се одговорни за проценка на здравствената способност на пилотите, да им се издаде уверение, откако се утврди дека ги исполнуваат соодветните основни услови. Меѓутоа, во Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, се предвидува можност лекарите по општа медицина да делуваат како испитувачи по воздухопловна медицина под определени услови и ако тоа го дозволуваат националните прописи.

(4) Кабинскиот персонал, кој е вклучен во операциите на одредени воздухоплови треба да се придржува кон соодветните основни услови утврдени во Анекс IV кон Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008. Согласно таа регулатива, здравствената способност на членовите на кабинскиот персонал треба периодично да се проценува заради безбедно извршување на должностите кои им се доделени, а се поврзани со безбедноста. Придржувањето кон условите мора да се прикаже преку соодветна проценка врз основа на најдобрата воздухопловно–медицинска пракса.

(5) Со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, од Комисијата се бара да ги усвои потребните правила за спроведување заради утврдување на условите за издавање на дозволи на пилотите, како и на лицата кои учествуваат во нивната обука, испитување и проверка, условите за потврди на кабинскиот персонал и за проценката на нивната здравствена способност.

(6) Треба да се утврдат условите и процедурите за замена на националните дозволи на пилотите и националните дозволи на инженерите летачи, за да се обезбеди дека им се дозволува вршење на нивните активности под изедначени услови; а исто така и квалификациите за пробни летови треба да се заменат согласно оваа регулатива.

(7) Земјите–членки треба да имаат можност да ги прифаќаат дозволите кои ги издале трети земји, кога може да се гарантира дека новото безбедноста е еднакво на условите утврдени во Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008; Треба да се утврдат условите за прифаќање на дозволи издадени од трети земји.

(8) Со цел да се обезбеди дека обуката која започнала пред примената на оваа регулатива може да се земе предвид за целите на стекнување дозволи на пилоти, треба да се утврдат условите за признавање на веќе завршена обука; исто така, треба да се утврдат и условите за признавање на воени дозволи.

[1] Сл. весник L 79, 19.3.2008 год., стр. 1.

(9) Пред отпочнување со примена на оваа регулатива, потребно е да се обезбеди доволн време за воздухопловната индустрија и администрацијата на земја–членка за да се прилагодат кон новата регулаторна рамка, за да им се даде на земјите–членки доволно време за издавање на специфични видови на дозволи на пилоти и лекарски уверенија, кои не се опфатени во JAR, и за да се признае, под определени услови, важноста на издадените дозволи и уверенија, како и на извршената воздухопловно–здравствена проценка.

(10) Директива 91/670/ЕЕЗ на Советот од 16 декември 1991 година, за заемно прифаќање на дозволите на персоналот за извршување на функции во цивилното воздухопловство ([1]) се укинува согласно член 69(2) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008. Мерките кои се донесува согласно оваа регулатива треба да се сметаат како соодветни мерки.

(11) Со цел да се обезбеди непречен премин и високо ниво на еднообразност на безбедноста на цивилното воздухопловство во Унијата, мерките за спроведување треба да ги изразуваат последните достигнувања, вклучувајќи ги и најдобрите практики научниот и техничкиот напредок во областа на обуката на пилотите и здравствената способност на екипажите на воздухопловите. Според тоа, до 30 јуни 2009 година, треба да се разгледаат техничките услови и административните постапки кои се договорен од Организацијата за меѓународно цивилно воздухопловство (ICAO/ИКАО) и Заедничките воздухопловни власти, како и со постојните закони и други прописи кои се однесуваат на определена национална средина.

(12) Агенцијата изготви нацрт правила за спроведување, кои како мислење ги достави до Комисијата согласно член 19(1) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008.

(13) Мерките кои се предвидуваат во оваа регулатива се во согласност со мислењето н... Комитетот, воспоставен согласно член 65 од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

Член 1

Предмет

Со оваа регулатива се утврдуваат детални правила за:

(1) различните овластувања за дозволите на пилоти, условите за издавање, одржување, измена, ограничување, суспендирање или одземање на дозволите, правата и одговорностите на имателите на дозволите, условите за замена на постојните национални дозволи на пилоти и на инженерите–летачи во дозволи на пилоти, како и условите за признавање на дозволи кои ги издале трети земји;

(2) издавањето на уверенија на лицата кои се одговорни за спроведување на обуката по летање или обуката на симулатори и за оценување на практичната оспособеност на пилотите;

(3) различните лекарски уверенија за пилоти, условите за издавање, одржување, измена, ограничување, суспендирање или повлекување на лекарски уверенија, правата и одговорностите на имателите на лекарските уверенија, како и условите за замена на националните лекарски уверенија во заедничките прифатени лекарски уверенија;

(4) издавањето на овластувања на лекарите по воздухопловна медицина, како и условите под кои лекарите по општа пракса можат да делуваат како испитувачи по воздухопловна медицина;

(5) периодичната воздухопловно–медицинска проценка на членовите на кабинскиот персонал, како и квалификациите на лицата кои се одговорни за оваа процена.

Член 2

Дефиниции

За целите на оваа регулатива, се применуваат следните дефиниции:

(1) „Дозвола согласно Дел–FCL (Part–FCL licence)“ е дозвола за екипаж на летање, која се придржува кон условите наведени во Анекс I;

(2) „JAR“ се заеднички воздухопловни услови донесени од Заедничките воздухопловни власти, како што се применува од 30 јуни 2009 година;

(3) „Дозвола на пилот за лесен воздухоплов (Light aircraft pilot licence–LAPL)“ е рекреативна

[1] Сл. весник L 373, 31 декември 1991 год., стр. 21.

дозвола како што е наведено во член 7 од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008;

(4) „Дозвола усогласена со JAR (JAR–compliant licence)“ е дозвола на пилот и придружните овластувања, потврди, авторизации и/или квалификации, издадени или признати согласно националните закони и други прописи кои се во согласност со JAR и процедурите, од страна на земја–членка која ги применила соодветните JAR и која се препорачува за меѓусебно признавање во рамките на системот на Заедничките воздухопловни власти во однос на овие JAR;

(5) „Дозвола која не е усогласено со JAR (Non–JAR–compliant licence)“ е дозвола на пилот, издадена или призната од страна на земја–членка согласно националното законодавство, а која не е препорачана за меѓусебно признавање во однос на соодветните JAR;

(6) „Признавање (Credit)“ е признавање на претходно искуство или квалификации;

(7) „Извештај за признавање (Credit report)“ е извештај врз чија основа можат да се признаат претходното искуство или квалификации;

(8) „Извештај за конверзија (Conversion report)“ е извештај врз чија основа дозвола може да се замени со дозвола согласно Дел–FCL (Part–FCL дозвола);

(9) „Лекарско уверение за пилоти и овластување за лекари по воздухопловна медицина усогласени со JAR (JAR–compliant pilots' medical certificate and aero – medical examiners)“ е уверение издадено или признато, согласно националните закони и други прописи кои се усогласени со JAR и процедурите, од страна на земја–член која ги применила соодветните JAR и кое е препорачана за меѓусебно признавање во рамките на системот на Заеднички воздухопловни власти во однос на овие JAR;

(10) „Лекарско уверение за пилоти и овластување за лекари по воздухопловна медицина кои не се усогласени со JAR (Non–JAR–compliant pilots' medical certificate and aero – medical examiners)“ е уверение издадено или признато од страна на земја – членка согласно националното законодавство, а кое не е препорачано за меѓусебно признавање во однос на соодветните JAR.

Член 3

Издавање на дозволи на пилоти и лекарски уверенија

Без да е во спротивност со член 7, пилотите на воздухоплови споменати во член 4(1)(б) и (в) и член 4(5) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 се придржуваат кон техничките услови и административните постапки утврдени во Анекс I и Анекс IV кон оваа регулатива.

Член 4

Постоечки национални дозволи на пилоти

1. Дозволите кои се во согласност со JAR, а ги издала или признала земја–членка пред 8 април 2012 година, се смета дека се издадени во согласност со оваа регулатива. Земјите–членки ги заменуваат овие дозволи со дозволи кои се во согласност со форматот утврден во Дел–ARA, најдоцна до 8 април 2017 година.

2. Дозволите кои не се во согласност со JAR, вклучувајќи ги и сите поврзани овластувања, уверенија, авторизации и/или квалификации издадени или признати од земја–членка пред примената на оваа регулатива, се заменуваат во Дел–FCL дозволи од страна на земјата–членка која ја издала дозволата.

3. Дозволите кои не се во согласност со JAR се заменуваат во дозволи од Дел–FCL и поврзани овластувања или уверенија согласно:

(а) одредбите од Анекс II; или

(б) елементите утврдени во извештајот за конверзија.

4. Извештајот за конверзија:

(а) го подготвува земјата–членка која ја издала дозволата во договор со Европската агенција за воздухопловна безбедност (Агенцијата);

(б) содржи опис на националните услови врз основа на кои се издавале дозволите на пилоти;

(в) содржи опис на опсегот на правата кои им биле дадени на пилотите;

(г) укажува за кои услови во Анекс I треба да има признавање;

(д) укажува на кои било ограничувања кои треба да се впишат во Дел–FCL дозволите и кои било услови кон кои пилотот треба да се придржува за да се отстранат овие ограничувања.

5. Извештајот за конверзија содржи примероци од сите документи кои се потребни за докажување на елементите наведени во точките од (а) до (д) од став 4, вклучувајќи и примероци од соодветните национални услови и процедури. При подготовката

на извештајот за замена, земјите–членки настојуваат да им овозможат на пилотите да го одржат, што е можно подолго, постојниот опсег на активности.

6. И покрај наведеното во ставовите 1 и 3, на имателите на овластување за инструктор за овластување за класа или овластување за испитувач, кои имаат права за сложени воздухоплови со високи перформанси со еден пилот, овие права им се заменуваат со овластување за инструктор за овластување за тип или овластување за испитувач за авиони со еден пилот.

7. Земјите–членки може да му дозволат на ученик–пилот да користи ограничени права без надзор, пред тој да ги исполни сите услови кои се потребни за издавање на LAPL, под следните услови:

(а) правата се ограничуваат на неговата националната територија или на дел од истата;

(б) правата се ограничуваат на ограничена географска област и на едномоторни клипни авиони со најголема маса на полетување која не надминува 2 000 кг., и не смеат да опфаќаат превоз на патници;

(в) овие овластувања се издаваат врз индивидуална проценка на ризикот на безбедноста која ја врши инструктор следејќи го концептот за проценка на ризикот на безбедноста на земјата–членка;

(г) земјата–членка доставува периодични извештаи до Комисијата и Агенцијата на секои 3 години.

Член 5

Постоечки национални лекарски уверенија на пилоти и овластувања за лекари по воздухопловна медицина

1. Лекарските уверенија на пилоти и овластувањата за лекари по воздухопловна медицина согласно JAR, коишто земја–членка ги издала или признала пред влегувањето во сила на оваа регулатива, се смета дека се издадени согласно оваа регулатива.

2. Земјите–членки ги заменуваат лекарските уверенија на пилоти и овластувањата на лекарите по воздухопловна медицина со уверенија/овластувања кои се придржуваат кон форматот утврден во Part–ARA (Дел–ARA), најдоцна до 8 април 2017 година.

3. Лекарските уверенија на пилоти и овластувањата на лекарите по воздухопловна медицина, кои не се во склад со JAR, а кои ги издала земја–членка пред примената на оваа регулатива, остануваат важечки до датумот на нивното следно продолжување или најдоцна до 8 април 2017 година, во зависност што е порано.

4. Продолжувањето на уверенијата/овластувањата наведени во ставовите 1 и 2 се придржува кон одредбите наведени во Анекс IV.

Член 6

Конверзија/Замена на квалификацијата за пробни летови

1. На пилотите кои пред примената на оваа регулатива вршеле пробни летови категорија 1 и 2, како што е дефинирана во Анексот кон Регулативата (ЕЗ) бр. 1702/2003 ([1]), или кои вршеле обука на пилоти за пробни летови, им се заменуваат нивните квалификации за пробни летови со овластувања за пробни летови согласно Анекс I кон оваа регулатива и, ако треба, со овластувања/уверенија за инструктори за овластување за пробни летови од страна на земјата–членка која ги издала квалификациите за пробни летови.

2. Оваа замена се врши согласно ставките утврдени во извештајот за замена, кој се придржува кон условите наведени во член 4(4) и (5).

Член 7

Постоечки национални дозволи на инженери–летачи

1. Имателите на дозволи на инженер–летач, издадени согласно условите наведени во Анекс 1 кон Чикашката конвенција, поднесуваат барање за замена на овие дозволи во Дел–FCL дозволи, во земјата–членка која ги издала дозволите.

2. Дозволите на инженери–летачи се заменуваат во Дел–FCL дозволи согласно извештајот за замена, кој се придржува кон условите наведени во член 4(4) и (5).

3. Кога се поднесува барање за дозвола на сообраќаен пилот (ATPL) за авиони, се почитуваат одредбите за признавање наведени во FCL.510.A(ц)(2) од Анекс I.

Член 8

Услови за признавање на дозволи издадени од трети земји

1. Без да е во спротивност со член 12 од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, и кога не постојат договори кои опфаќаат издавање на дозволи на пилоти, склучени меѓу Унијата и трета земја, земјите–членки може да прифатат дозволи од трети земји и поврзани лекарски уверенија, издадени од трети земји или во име на трети земји, согласно одредбите наведени во Анекс III кон оваа регулатива.

([1]) Сл. весник L 243, 27.9.2003 год., стр. 6.

2. Кандидатите за Дел–FCL дозвола, кои се веќе иматели на најмалку една таква дозвола, овластување или уверение издадени од трета земја согласно Анекс 1 кон Чикашката конвенција, се придржуваат кон сите услови наведени во Анекс I кон оваа регулатива, со тоа што условите кои се однесуваат на времетраењето на курс, бројот на часови и часовите за посебна обука може да се намалат.

3. Признавањето на подносителот на барањето се определува од страна на земјата–членка во која пилотот го поднесува барањето, врз основа на препорака дадена од овластена организација за обука.

4. На имателите на ATPL, издадени од страна или во име на трета земја согласно Анекс 1 кон Чикашката конвенција, кои ги исполнуваат условите за искуство кое е потребно за стекнување на ATPL за соодветната категорија на воздухоплови, како што е наведено во Поддел Ѓ од Анекс I кон оваа регулатива, може во целост да им се признае условот за посетување на курс за обука пред полагање на испити по теоретско познавање и проверката на практичната оспособеност, под услов дека дозволата од третата земја содржи важечко овластување за тип на воздухопловот кој треба да се користи за време на испитот по практична оспособеност за стекнување на ATPL.

5. Овластувањата за тип на авион или хеликоптер може да се издаваат на имателите на Дел–FCL дозволи, кои се придржуваат кон условите : стекнување на тие овластувања кои ги утврдила таа трета земја. Овие овластувања се ограничуваат на воздухоплови регистрирани во таа трета земј Ограничувањето може да се укине, кога пилотот ќе ги исполни условите наведени во точка B.1 од Ане III.

Член 9

Признавање на обука која започнала пред примената на оваа регулатива

1. Што се однесува на издавањето на Дел–FCL дозволи согласно Анекс I, во целост се признава обуката која започнала пред примената на оваа регулатива согласно условите и постапките на Заедничките воздухопловни власти, под законски надзор на земја–членка која е препорачана за меѓусебно признавање во рамките на системот на Заедничките воздухопловни власти во однос на релевантните JAR, под услов дека обуката и испитувањето завршиле пред 8 април 2016 година.

2. Обуката која започнала согласно Анекс I кон Чикашката конвенција пред примената на оваа регулатива се признава со цел издавање на Дел–FCL дозволи, а врз основа на извештај за признавање воспоставен од страна на земјите–членки во консултации со Агенцијата.

3. Извештајот за признавање го опишува опсегот на обуката, посочува за кои услови за Дел–FCL дозволи се признава обуката и, ако е применливо, кои услови треба да ги исполнат кандидатите за да добијат Дел–FCL дозволи. Тој вклучува примероци од сите документи потребни за докажување на опсегот на обуката и на националните прописи и постапки согласно кои започнала обуката.

Член 10

Признавање на дозволи на пилоти стекнати за време на воена служба

1. За да се стекнат со Дел–FCL дозволи, имателите на дозволи на екипаж на летање стекнати за време на воена служба поднесуваат барање до земјата–членка во која биле на воена служба.

2. Знаењето, искуството и вештините стекнати за време на воената служба се признаваат за целите на исполнување на соодветнте услови од Анекс I согласно елементите од извештајот за признавање воспоставен од земјите–членки во консултации со Агенцијата.

3. Извештајот за признавање:

(а) содржи опис на националните услови, врз основа на кои се издале воените дозволи, овластувања, уверенија, авторизации и/или квалификации;

(б) содржи опис на опсегот на правата кои им се дадени на пилотите;

(в) наведува кои услови од Анекс I се признаваат;

(г) ги наведува сите ограничувања кои треба да се впишат во Дел–FCL дозволите и ги одредува сите услови кон кои пилотите треба да се придржуваат за да се повлечат ограничувањата;

(д) опфаќа примероци од сите документи кои се потребни за да се докажат гореспоменатите елементи, заедно со примероците од односните национални услови и постапки.

Член 11

Здравствена способност на кабинскиот персонал

1. Членовите на кабинскиот персонал кои се вклучени во операциите на воздухопловите наведени во член 4(1)(б) и (в) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, се придржуваат кон техничките услови и административните постапки наведени во Анекс IV.

2. Прегледите за и проценката на здравствена способност на членовите на кабинскиот персонал кои се спроведувале согласно Регулатива (ЕЕЗ) б 3922/91[(1)] [1]на Советот, а кои се сè уште важечки на денот на примената на оваа регулатива, се смета дека се важечки согласно оваа регулатива до оној период што ќе дојде порано:

(а) крајот на периодот на важноста кој го утврдил надлежниот орган согласно Регулатива (ЕЕЗ) б 3922/91; или

(б) крајот на периодот на важноста предвиден во точка MED.C.005 од Анекс IV;

Периодот на важност се смета од денот на последниот преглед или проценка за здравствена способност.

До крајот на периодот на важност секоја повторна воздухопловно–медицинска проценка се врши согласно Анекс IV.

Член 12

Влегување во сила и примена

1. Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службен весник на Европската унија.*

Таа се применува од 8 април 2012 година.

2. По пат на отстапување од став 1, земјите–членки можат да одлучат до 8 април 2015 година да не ги применуваат следните одредби од Анекс I:

(а) одредбите поврзани со дозволи на пилоти за воздухоплови со вертикално полетување, воздушни бродови, балони и едрилици;

(б) одредбите наведени во Поддел Б;

(в) одредбите наведени во точките FCL.800, FCL.805, FCL.815 и FCL.820;

(г) во случај на хеликоптери, одредбите од Оддел 8 од Поддел S;

(д) одредбите од Одделите 10 и 11 од Поддел S.

3. По пат на отстапување од став 1, земјите–членки можат да одлучат да не заменуваат дозволи за авион и хеликоптер, кои не се по JAR, а кои тие ги издале до 8 април 2014 година.

4. По пат на отстапување од став 1, земјите–членки можат да одлучат да не ги применуваат одредбите од оваа регулатива на пилоти иматели на дозвола и придружно лекарско уверение, издадени од страна на трета земја, а кои се вклучени во некомерцијални операции на воздухопловите, како што е наведено во член 4(1)(б) или (в) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 до 8 април 2014 година.

5. По пат на отстапување од став 1, земјите–членки можат да одлучат да не ги применуваат одредбите наведени во Оддел 3 од Поддел Б од Анекс IV, до 8 април 2015 година.

6. По пат на отстапување од став 1, земјите–членки можат да одлучат да не ги применуваат одредбите наведени во Поддел В од Анекс IV, до 8 април 2014 година.

7. Кога земја–членка ги применува одредбите од ставовите од 2 до 6, таа за тоа ја известува Комисијата и Агенцијата. Во ова известување се наведуваат причините за таквото отстапување, како и програмата за спроведување којашто ги содржи планираните активности и соодветните рокови.

[1] Сл. весник L 373, 31.12.1991 год., стр. 4.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји–членки.

Брисел, 3 ноември 2011 год.

За Комисијата
Претседател
Жозе Мануел БАРОСО

Прилог 1

АНЕКС I

[PART–FCL (ДЕЛ-FCL)]

ПОДДЕЛ А

ОПШТИ УСЛОВИ

FCL.001 Надлежен орган

За целите на овој дел, надлежен орган е органот определен од земјата–членка, каде што лице поднесува барање за издавање на дозволи на пилоти или придружни овластувања или уверенија.

FCL.005 Опсег

Во овој дел се утврдуваат условите за издавање на дозволи на пилоти и придружни овластувања и уверенија, како и условите за периодот на важноста и користењето на истите.

FCL.010 Дефиниции

За целите на овој дел, се применуваат следните дефиниции:

„**Акробатско летање** (Aerobatic flight)“ се намерно извршени маневри, кои вклучуваат нагли промени на положбата на воздухопловот, невообичаена положба на воздухопловот или невообичаена промена на брзината на воздухопловот, коишто не се потребни за нормален лет или за обука за стекнување на дозволи или овластувања, освен за овластување за акробатско летање.

„**Авион** (Aeroplane)“ е воздухоплов потежок од воздухот, на моторен погон и со фиксни крила, кој се одржува во воздухот врз основа на аеродинамичната реакција врз крилата.

„**Авион кој треба да се управува со копилот** (Aeroplane required to be operated with a co–pilot)“ е тип на авион за чие управување е потребен копилот, како што е утврдено во прирачникот за летање или во уверението за исполнување на безбедносните услови (AOC).

„**Воздухоплов** (Aircraft)“ е секоја направа која може да се одржува во атмосферата користејќи ги реакциите на воздухот, освен реакциите на воздухот во однос на површината на земјата.

„**Водење на воздухоплов** (Airmanship)“ е доследна примена на добра проценка, знаење, вештини и ставови со цел исполнување на целите на еден лет.

„**Воздушен брод** (Airship)“ е воздухоплов на моторен погон полесен од воздухот, со исклучок на воздушните бродови кои користат топол воздух, кои, за целите на овој дел, се вклучени во дефиницијата за балон.

„**Балон** (Baloon)“ е воздухоплов полесен од воздухот, без моторен погон, кој се одржува во воздух со користење на гас или на грејач на воздух (друг извор на топлина). За целите на овој дел, воздушен брод кој користи топол воздух, иако има моторен погон, исто така се смета како балон.

„**Уред за основна обука за летање по инструменти (BITD)** (Basic Instrument Training Device (BITD)“ е уред за обука на земја, кој претставува станица на ученик–пилот за класа на авиони. Може да се користат панели со инструменти поставени на екран и команди за лет со пружина, кои обезбедуваат платформа за обука најмалку за процедуралните аспекти на лет по инструменти.

„**Категорија на воздухоплов** (Category of aircraft)“ е категоризација на воздухоплови според специфицирани основни карактеристики, на пр., авион, воздухоплов со вертикално полетување, хеликоптер, воздушен брод, едрилица, слободен балон.

Прилог 1

„Класа на авион (Class of aeroplane)“ е категоризација на авиони со еден пилот, за кои не се бара овластување за летање на тип на авион.

„**Класа на балон** (Class of ballon)“ е категоризација на балони, земајќи ги предвид средствата за подигање, кои се користат за одржување во воздух.

„Јавен воздушен сообраќај (Commercial air transport)“ е превоз на патници, товар или пошта со плаќање на надомест или изнајмување.

„Стручна оспособеност (Competency)“ е комбинација од вештини, знаење и ставови кои се потребни за извршување на задачите согласно пропишаните стандарди.

„Елемент на стручна оспособеност (Competency element)“ е активност, која ја сочинува задачата која има свои почетни и крајни настани, со кои јасно се дефинирани неговите граници и значајните резултати.

„Единица на стручна оспособеност (Competency unit)“ е засебна функција, која се состои од определен број на елементи на стручна оспособеност.

„**Копилот** (Co–pilot)“ е пилот, кој врши должности поврзани со управување со воздухоплов, но кои се различни од оние на водачот на воздухоплов, на воздухоплови за кои е потребено повеќе од еден пилот, но со исклучок на пилотот кој се наоѓа во воздухопловот само со цел за обука по летање за стекнување на дозвола или овластување.

„Лет на маршрута (Cross–country)“ е лет помеѓу точка на поаѓање и точка на пристигнување, кој се одвива по однапред испланирана рута користејќи стандардни процедури за навигација.

„Копилот на крстарење (Cruise relief co–pilot)“ е пилот, кој го заменува копилотот на неговите должности зад командите во текот на фазата на лет на режим на крстарење, во операции со екипаж од повеќе пилоти над FL 200.

„**Време на обука со инструктор** (Dual instruction time)“ е време на летање или време на летање по инструменти на земја, за кое време лицето добива обука по летање од соодветно овластен инструктор.

„Грешка (Error)“ е активност или пропуст на екипажот за летање, што доведува до отстапувања од организациските намери или намерите и очекувањата на летот.

„Управување со грешки (Error management)” е процесот за откривање и реагирање на грешките со противмерки за намалување или отстранување на последиците од грешките и за ублажување на веројатноста за грешки или несакани состојби на воздухопловот.

„Уред за целосна симулација на лет (Full Flight Simulator – FFS)” е комплетна копија на пилотска кабина на одреден тип и модел на воздухоплов, вклучувајќи ја и вградената комплетна опрема и компјутерските програми, кои се неопходни за претставување на операциите на воздухоплов, на земја и во лет, визуелен систем кој овозможува прегледност вон пилотската кабина и систем кој го покренува уредот за целосна симулација на летањето, со кој се обезбедува реално пренесување на силите кои делуваат врз воздухопловот.

„Време на лет (Flight time)”:за авиони, моторни едрилици и воздухоплови со вертикално полетување – е вкупното време пресметано од моментот на првото придвижување на воздухопловот со цел да полета, па сè до моментот кога се гаснат моторите на крајот од летот;

за хеликоптери – е вкупното време сметано од моментот на вртење на перките на главниот ротор, па се до моментот кога хеликоптерот ќе застане по завршување на летот, а перките ќе престанат да се вртат;

за воздушни бродови – е вкупното време сметано од моментот кога воздушниот брод ќе се ослободи од врските со платформата со цел да полета, па сè до моментот на запирање на крај од летот и врзување на платформата;

Прилог 1

за едрилици – е вкупното време сметано од моментот кога едрилицата ќе започне со залетот со цел да полета, па сè до моментот на потполно запирање на крај од летот;

за балони – е вкупното време сметано од моментот кога корпата се одвојува од земјата, со цел да полета, па сè до моментот на конечно запирање на крај од летот.

„Време на лет по правилата за летање по инструменти (IFR) (Flight time under Instrument Flight Rules (IFR))“ е вкупното време на летање, во текот на кое со воздухопловот се управува по правилата за летање по инструменти.

„Тренажер за обука по летање (FTD) (Flight Training Device)**“** е комплетна реплика во целосни димензии на авионски инструменти, опрема, панели и контроли во отворена или затворена пилотска кабина, вклучувајќи ја и вградената опрема и компјутерските програми, кои се неопходни за претставување на операции на воздухоплов на земја и во лет, до степен на инсталирани системи во тренажерот. Тој не бара визуелен систем, ниту систем за придвижување на уредот за симулирање на летање, кои обезбедуваат реален пренос на силите, освен во случај на FTD за хеликоптери ниво 2 и 3, каде се бара постоење на визуелни системи.

„Тренажер за процедури за лет и навигација (FNPT) (Flight and Navigation Procedures Trainer – FNPT)“ е уред за обука кој ја претставува пилотската кабина на воздухоплов, вклучувајќи ја и опремата и компјутерските програми, кои се потребни за претставување на тип или класа на воздухоплов за време на операции во лет, до степен во кој системите функционираат исто како во воздухоплов.

„Група на балони (Group of balloons)**“** е категоризација на балони, земајќи ја предвид големината и капацитетот на куполата.

„**Хеликоптер** (Helicopter)“ е воздухоплов кој е потежок од воздухот и кој се одржува во воздух пред сè врз основа на аеродинамичните реакции на воздухот врз еден или повеќе ротори на моторен погон на соодветната вертикална оска.

„Време на лет по инструменти (Instrument flight time)**“** е времето за кое пилот управува со воздухоплов во лет исклучиво со помош на инструменти.

„Време на летање по инструменти на уреди на земја (Instrument ground time)**“** е времето за кое пилот се обучува да лета по инструменти на симулиран лет, на синтетички уреди за обука (симулатори на лет) (FSTD).

„Време на летање по инструменти (Instrument time)“ е време поминато на летање по инструменти или време на летање по инструменти на земја.

„Операции со повеќе пилоти (Multi – pilot operation)**“**:

за авиони – се операции за кои се потребни најмалку два пилота кои се обучени за соработка на екипаж составен од повеќе члена, било на авиони со повеќе пилоти или со еден пилот;

за хеликоптери – се операции за кои се потребни најмалку два пилота кои се обучени за соработка на екипаж составен од повеќе члена, на хеликоптери со повеќе пилоти;

„Соработка на екипаж составен од повеќе члена (MCC) (Multi–crew cooperation (MCC))**“** е функционирање на екипажот за летање како тим во кој членовите меѓусебно соработуваат под водство на водачот на воздухопловот.

„Воздухоплов со повеќе пилоти (Multi–pilot aircarft)“:

за авиони – се авиони кои имаат уверение за летање со минимален број на екипаж од најмалку два пилота;

за хеликоптери, воздушни бродови и воздухоплови со вертикално полетување – е тип на воздухоплов кој треба да се управува со копилот, како што е утврдено во прирачникот за летање или во

Прилог 1

уверението за исполнување на безбедносните услови за вршење на јавен воздушен превоз или во еквивалентен документ.

„Ноќ (Night)**“** е периодот од завршување на цивилниот самрак па сè до почетокот на цивилното зазорување, или периодот помеѓу зајдисонце и изгрејсонце, како што е пропишано од страна на соодветниот надлежен орган, дефиниран од земјата-членка.

„Други уреди за обука (OTD) (Other training devices)**“** се помошни уреди за обука, освен симулаторите за летање, уредите за обука по летање или тренажерите/симулаторите за вежбање на процедури за летање и за навигациски процедури, кои обезбедуваат обука кога нема потреба од симулација на комплетна пилотска кабина.

„Критериуми за ефикасност (Performance criteria)**“** е едноставен извештај за проценката на бараниот резултат од елементот на стручната оспособеност и опис на критериумите што се користат за оценување, за тоа дали е постигнато потребното ниво на ефикасност.

„Водач на воздухоплов (PIC) (Pilot–in–command – PIC)**“** е пилот, назначен како водач и кој е одговорен за безбедно извршување на летот.

„Водач на воздухоплов под надзор (PICUS) (Pilot–in–command under supervision (PICUS))**“** е копилот, кој, под надзор на водачот на воздухопловот, ги врши должностите и функциите на водач на воздухоплов.

„Воздухоплов со вертикално полетување (Powered–lift aircraft)“ е секој воздухоплов со вертикално полетување, кое го постигнува со помош на променливата геометрија на роторите или моторните/погонските уреди, кои се прикачени на, или се содржат во, трупот или крилата.

„**Моторна едрилица** (Powered sailplane)**“** е воздухоплов со еден или повеќе мотори, кој во случај на престанок на работа на моторите, има карактеристики на едрилица.

„Приватен пилот (Private Pilot)“ е пилот кој поседува дозвола која му забранува управување со воздухоплови на летови за кои се плаќа надоместок, со исклучок на активностите за обука и испитување, како што е утврдено во овој дел.

„Проверка на стручноста (Proficiency check)**“** е проверка на стручната оспособеност со цел продолжување или обновување на овластувањата, а која вклучува и усно испрашување, ако тоа се бара.

„Обновување (на пр. на овластување или уверение) (Renewal (of, e.g. a rating or certificate)**“** е административна постапка која се презема по истекот на важноста на овластување или уверение, со која се обновуваат правата од овластувањето или уверението за одреден утврден период, по исполнување на определените услови.

„Продолжување (на пр. на овластување или уверение) (Revalidation (of, e.g. a rating or certificate)**“** е административна постапка, која се презема во текот на периодот на важноста на овластувањето или уверението, која му дозволува на имателот да продолжи да ги користи правата од овластувањето или уверението за определен период кој следи по исполнување на определени услови.

„Сектор на рута (Route sector)**“** е лет кој се состои од фазите на полетување, заминување, крстарење не пократко од 15 минути, пристигнување, приод и слетување.

„Едрилица (Sailplane)**“** е воздухоплов потежок од воздухот, кој се одржува во воздух врз основа на аеродинамичната реакција врз фиксните површини за подигање и чиј слободен лет не зависи од мотор.

„Воздухоплов со еден пилот (Single–pilot aircraft)**“** е воздухоплов кој има уверение за летање со еден пилот.

„Испит по практична оспособеност (Skill test)**“** е покажување на вештини за стекнување на дозвола или овластување, вклучувајќи и усно испитување, ако е потребно.

Прилог 1

„Време на летање на самостоен лет (Solo flight time)“ е време на летање за кое ученикот–пилот е единствено лице во воздухопловот.

„Ученик–водач на воздухоплов (SPIC) (Student pilot–in–command (SPIC))“ е ученик–пилот во својство на водач на воздухоплов на лет со инструктор, на кој инструкторот само го надгледува ученикот–пилот и не влијае врз, ниту управува со, летот на воздухопловот.

„Закана (Threat)“ се настани или грешки кои се јавуваат вон контрола на екипажот за летање, а кои ја зголемуваат оперативната сложеност и кои мора да се стават под контрола за да се одржи минималното ниво на безбедност.

„Управување со закана (Threat management)“ е процесот на откривање и реагирање на закани со противмерки за намалување или отстранување на последиците од заканите и за ублажување на веројатноста да дојде до грешки или несакани состојби во воздухопловот.

„Моторна едрилица (TMG) (Touring Motor Glider (TMG))“ е посебна класа на моторни едрилици, со интегрално вграден мотор и елиса кои не се вовлекуваат. Таа е способна да изведе полетување и качување (постигнување на висина) со сопствен погон согласно прирачникот за летање.

„Тип на воздухоплов (Type of aircraft)“ е категоризација на воздухоплови, за кои е потребно овластување за тип, како што е утврдено во податоците за оперативната прикладност пропишани согласно Дел–21 (Дел–21), вклучувајќи ги сите воздухоплови со иста основна конструкција, како и сите измени на истата, освен оние кои резултираат со промени во начинот на управување или на карактеристиките на летањето.

FCL.015 Поднесување на барање и издавање на дозволи, овластувања и уверенија

(а) Барање за издавање на дозвола, продолжување или обновување на дозволите на пилоти и придружните овластувања и уверенија се поднесува до надлежниот орган во форма и на начин кои ги утврдува овој орган. Кон барањето се приложуваат и докази дека подносителот на барањето ги исполнува условите за издавање, продолжување или обновување на дозволата или уверението, како и на сродните овластувања или записи, пропишани во овој дел и во Делот–здравствена способност.

(б) Надлежниот орган го впишува во дозволата или уверението секое ограничување или проширување на правата кои произлегуваат од дозволата, овластувањето или уверението.

(в) Едно лице може да биде имател само на една дозвола издадена согласно овој дел за иста категорија на воздухоплови.

(г) Барањето за издавање на дозвола за друга категорија на воздухоплови или за издавање на дополнителни овластувања или уверенија, како и за измена, продолжување или обновување на овие дозволи, овластувања или уверенија се поднесува до надлежниот орган кој ги издал првично, освен кога пилотот бара промена на надлежниот орган и пренесување на документацијата за дозволата и медицинската документација кај тој надлежен орган.

FCL.020 Ученик–пилот

Ученикот–пилот не смее да лета на соло лет, освен ако има овластување за тоа или е под надзор на инструктор по летање.

Пред првиот соло лет, ученикот–пилот мора да има најмалку:

(б) Раководителот на AeMC е одговорен за координирање на проценката на резултатите од прегледите и за потпишување на извештаи, уверенија и првични класа 1 лекарски уверенија.

ORA.AeMC.215 Услови за опрема

AeMC е опремен со медицинска техника адекватна за извршување на прегледи поврзани со воздухопловна медицина потребни за остварувањето на правата вклучени во опсегот на одобрувањето.

ORA.AeMC.220 Водење на евиденција

Покрај евиденцијата барана од ORA.GEN.220, AeMC:

(а) ја чува евиденција со детали од лекарски прегледи и проценки направени за издавањето, продолжувањето или обновувањето на лекарски уверенија и нивните резултати за минимален период од 10 години по датумот од последниот преглед; и

(б) ја чува целата здравствена евиденција на начин на кој во секое време се гарантира лекарската доверливост.'

Прилог 1

РЕГУЛАТИВА (ЕУ) бр. 70/2014 НА КОМИСИЈАТА

од 27 јануари 2014 година

за изменување на Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 за утврдување на технички услови и административни постапки во врска со членовите на екипаж во цивилното воздухопловство во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот

(Текст со важност за ЕЕО)

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 20 февруари 2008 год. за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и воспоставувањето на Европската агенција за воздухопловна безбедност и за отповикување на Директива 91/670/ЕЕЗ на Советот, Регулатива (ЕЗ) бр. 1592/2002 и Директива 2004/36/ЕЗ ([1]), а особено член 7(6), член 8(5) и член 10(5) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата ([2]) детално ги утврдува правилата за определени дозволи за пилоти и конверзија на националните дозволи за пилоти и на националните уверенија, како и условите за прифаќање на дозволи од трети земји. Дополнително, Регулативата (ЕУ) бр. 1178/2011 ги вклучува одредбите за издавање на уверенија за работа на одобрените организации за обука и на оператори на уреди за обука кои симулираат лет, а кои се користат за обука, тестирање и проверка на пилоти.

(2) Член 5 од Регулатива (ЕК) бр. 216/2008 кој се однесува на пловидбеност е проширен со цел да ги вклучува елементите за проценка на оперативната соодветност при спроведување на правилата за издавање на уверение за тип.

(3) Европската агенција за воздухопловна безбедност (Агенцијата) утврди дека е неопходно да се измени Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 ([3]) на Комисијата со цел да и се овозможи на Агенцијата да ги одобри податоците за оперативна соодветност како дел од процесот за издавање на уверение за тип.

(4) Податоците за оперативна соодветност треба да вклучуваат задолжителни елементи за обука на екипаж на лет за овластување за тип. Овие елементи треба да преставуваат основа за развојот на курсевите за обука за тип.

(5) Условите во врска со воспоставувањето на курсеви за обука на екипаж на лет за тип на воздухоплов се однесуваат на податоците за оперативна соодветност, но кога тие

[1] Сл. весник L 79, 19 март 2008 год., стр. 1.

[2] Сл. весник L 311, 25 ноември 2011 год., стр. 1.

[3] Сл. весник L 224, 21 август 2012 год., стр. 1.

Прилог 1

податоци не се достапни, потребно е да постои општа одредба како и преодни мерки.

(6) Агенцијата подготви нацрт правила за спроведување на концептот за податоците за оперативна соодветност и ги достави како мислење ([1]) до Комисијата во согласност со член 19(1) од Регулатива (ЕК) бр. 216/2008.

(7) Затоа Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 треба соодветно да биде изменета.

(8) Мерките предвидени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот основан со член 65 од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

Член 1

Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 се изменува како што следува

(1) Се додава следниов член 9а:

"Член 9а

Обука за овластување за тип и податоци за оперативна соодветност

1. Каде во Анексите на оваа регулатива се упатува на податоци за оперативна соодветност воспоставени во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012, и тој податок не е на располагање за соодветниот тип на воздухоплов, кандидатот за курсот за обука за овластување за тип ги задоволува само одредбите од Анексот на Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011.

2. Курсевите за обука за овластување за тип кои се одобрени пред да е одобрен минималниот наставен план за обука на пилот за овластување за тип во податоците за оперативна соодветност за типот на воздухоплов кој одговара во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 ги вклучуваат задолжителните елементи најдоцна до 18 декември 2017 година или две години по одобрувањето на податоците за оперативна соодветност, зависно кое е порано.

(2) Анекс VII (PART-ORA) се изменува во согласност со Анекс на оваа Регулатива.

Член 2

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службен весник на Европската унија*.

[1] Мислење бр. 07/2001 на Европската агенција за воздухопловна безбедност од 13 декември 2011година, може да се види на http://easa.europa.eu/agency-measures/opinions.phd.

Прилог 1

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки во согласност со Договорите.

Брисел, 27 јануари 2014 год.

За Комисијата

Претседател

Жозе Мануел БАРОСО

Прилог 1

АНЕКС

Анекс VII (PART-ORA) кон Регулатива (ЕУ) бр 1178/2011 се изменува како што следи:

(1) Во точка ORA.GEN.160, точка (б) се заменува со следново:

(б) Без да е во спротивност со став (а), организацијата го известува надлежниот орган и организацијата одговорна за дизајнирање на воздухопловот за секој инцидент, неисправност, технички дефект, кој ги надминува техничките ограничувања и за секој настан, кој би можел да истакне неточни, нецелосни или двосмислени информации содржани во податоците за соодветна оперативност собрани во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 (*) на Комисијата или друга невообичаена околност, која ја загрозила или можела да ја загрози безбедносната експлоатација на воздухопловот, без да доведе до несреќа или сериозен инцидент.

(*) Сл. весник L 224, 21 август 2012 год., стр. 1.

(2) Точка ORA.ATO.145 се заменува со следново:

(а) АТО гарантира дека учениците ги исполнуваат сите предуслови за обука утврдени во Дел-MED, Дел-FCL, и, ако е применливо, како што е дефинирано/ во делот кој обврзува од податоците за оперативна соодветност утврдени во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012.

(б) Во случај кога АТО која ја држи обука за испит за летање, учениците ги исполнуваат сите предуслови за обука утврдени во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012.

(3) Во точка ORA.FSTD.210(а), точка (2) се заменува со следново:

„(2) податоците за согласност на воздухопловот дефинирани во делот кој обврзува од податоците за оперативна соодветност, како што е одобрено согласно Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012, ако е применливо; и“

Прилог 1

РЕГУЛАТИВА (ЕУ) бр. 245/2014 НА КОМИСИЈАТА

од 13 март 2014 година

за изменување на Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата од 3 ноември 2011 за утврдување на технички услови и административни процедури поврзани со екипаж во цивилното воздухопловство

(Текст со важност за ЕЕЗ)

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 20 февруари 2008 год. за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и воспоставувањето на Европската агенција за воздухопловна безбедност и за укинување на Директива 91/670/ЕЕЗ на Советот, Регулатива (ЕЗ) бр. 1592/2002 и Директива 2004/36/ЕЗ ([1]), а особено член 7(5) и член 7(6),

со оглед на тоа што:

(1) Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2001 на Комисијата ([2]) ги утврдува техничките и административните процедури поврзани со екипажот во цивилното воздухопловство.

(2) Одредени земји-членки утврдиле дека одредени услови кои се дадени во Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 им создава ним или на корисниците непотребен и несразмерен административен или економски товар и побарале отстапување од одредени одредби во согласност со став 6 член 14 од Регулатива (ЕЗ) бр 216/2008.

(3) Условите за отстапување ги анализирала Европската агенција за воздухопловна безбедност, што, пак, резултираше во препорака до Комисијата да усвои одредени отстапувања.

(4) Во Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата, земјите-членки ги посочиле уредувачките грешки кои довеле до несакани потешкотии при спроведувањето.

(5) Поради тоа потребна е промена на постоечките услови како би се вовеле отстапувања со цел да се постават јасни правила и исправки на уредувачките грешки.

(6) Понатаму, Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата во Прилог I (Дел-FCL) содржи услови за обука и проверка на овластување за летање по инструменти (IR). Тие барања за IR се базираат на претходните услови од JAR-FCL и утврдена е потребата тие да се проверат.

(7) Поради тоа треба да се постават дополнителни услови за квалификација на метеоролошките услови за летање по инструменти и за посебните услови за операции на едрилици во услови на нулта видливост.

(8) Со цел да се обезбеди дека обуката за летање по инструменти или искуството

[1] Сл. весник L 143, 30 април 2004 год., стр. 76.

[2] Сл. весник L 311, 25 ноември 2011 год., стр. 1.

Прилог 1

стекнато пред примената на оваа регулатива ќе бидат земени предвид за целта на стекнување на овие овластувања, треба да се воспостават услови за признавање на таа обука или на тоа стекнато искуство.

(9) На земјите-членки треба да им се овозможи признавање на искуствата поврзани со летање по инструменти на имателот на овластувањето кое е издадено од трети земји, доколку со тоа се гарантира нивото на безбедност кое е еднакво на она утврдено со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008. Потребно е да се утврдат и условите за признавање на тоа искуство.

(10) Со цел да се обезбеди непречена транзиција и високо единствено ниво на безбедност во цивилното воздухопловство во Европската унија, спроведувањето на мерките треба да биде одраз на најнова технологија, вклучувајќи ги и најдобрите практики и научни и технички достигнувања во областа на обуката на пилотите. Соодветно на тоа, техничките услови и административните постапки утврдени од страна на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) и веќе развиените услови од Анекс I (Дел-FCL) кон Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 и постоечките национални закони кои се однесуваат на специфични национални услови, треба да се разгледаат и да се најдат одраз во пакетот правила, земајќи ги предвид посебните потреби на пилотите од генералната авијација во Европа.

(11) Агенцијата подготвува нацрт правила за спроведување и истите ги достави како мислење до Комисијата во согласност со став 1, член 19 од Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008.

(12) Земјите-членки кои имаат воспоставено националниот систем за овластување на пилоти за да летаат по метеоролошки услови за летање по инструменти (IMC), со посебни привилегии ограничени на националниот воздушен простор на земјите-членки, и кои можат да докажат дека системот е безбеден и дека постои потреба на локално ниво, треба да им биде дозволено да продолжат со издавање на таквото одобрение за ограничен период, под услов тие да исполнат одредените услови.

(13) Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012[1] им овозможи на одредени летови, како што се летови за распределба на трошоците и летови за воведување на нови авиони, кои се вршат во согласност со правилата што важат за некомерцијални операции со воздухоплови кои не се сложени. Затоа постои потреба за усогласување на овој пристап со привилегиите на пилоти утврдени во Регулативата (ЕУ) 1178/2011.

(14) Затоа, потребно е да им биде дозволено да има летовите со категориите кои се утврдени во Регулативата (ЕУ) 965/2012 а со кои управуваат пилоти иматели на PPL, SPL, BPL и LAPL.

(15) Мерките кои се предвидени во оваа Регулатива се во согласност со мислењето со Комитетот на Европската агенција за воздухопловна безбедност воспоставени со член 65 од Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008.

(16)Поради тоа Регулативата (ЕУ) бр 1178/2011 треба да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

Член 1

Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата се изменува како што следува:

[1] Регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 965/2012 од 5 октомври 2012 година на утврдување на технички услови и административни постапки кои се однесуваат на операции во воздух во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L 296, 25 октомври 2012 година, стр. 1).

Прилог 1

(1) Член 3 се заменува со следново:

„Член 3

Издавање на дозволи и лекарски уверенија на пилоти

(1) Без да е во спротивност со член 8 на оваа регулатива, пилотите на воздухоплови наведени во член 4(1)(б) и (в), од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 ги исполнуваат техничките услови и административни процедури пропишани во Анекс I и Анекс IV оваа регулатива.

(2) По исклучок на правата на имателите на дозволи како што е дефинирано во Анекс I на оваа регулатива, имателите на издадените дозволи за пилоти согласно Пододдел Б или В од Анекс I на оваа регулатива може да извршуваат операции на лет од член 6 став 4а од Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012. Со тоа не се доведува во прашање усогласеноста со какви било дополнителни услови за превоз на патници ниту пак развојот на комерцијални операции како што е дефинирано во Пододдел Б или В од Анекс I на оваа регулатива."

2) Во член 4 се додава став 8:

„8. До 8 април 2019 година земјите-членки можат да му издадат овластување со кое пилотот ќе ги поседува посебните ограничени привилегии да оперира со авион според правилата за летање по инструменти пред самиот тој да ги исполни сите услови кои се потребни за добивање на овластување за летање по инструменти во согласност со оваа регулатива, според следниве услови:

(а) Земјите-членки ги издаваат овластувањата само кога е оправдано според одредени локални услови, а кои не можат да ги покријат овластувањата утврдени со оваа регулатива;

(б) обемот на привилегијата дадена според овластувањето е врз основа на проценка на ризикот на безбедност спроведена од страна на земјите-членки, земајќи го во предвид нивото на обука кое е потребно за да се постигне соодветното ниво на вештина за пилотирање;

(в) правата кои произлегуваат од таквото одобрение се ограничени на воздушниот простор на територијата на земјите-членки или на нивни делови;

(г) одобрението се издава за кандидатите кои имаат соодветна обука за одржување од квалификувани инструктори и ги покажале потребните вештини пред квалификувани испитувачи, како што е утврдено од страна на земјите-членки;

(д) Земјите-членки ја известуваат Комисијата, Европската агенција за воздухопловна безбедност и другите земји-членки за спецификите на тоа одобрение, вклучувајќи го и нивното образложување и проценување на безбедносните ризици;

(ѓ) Земјите-членки ги следат активностите поврзани со овластувањето за да се обезбеди прифатливо ниво на безбедност и да се преземат соодветни мерки во случај на утврдување на зголемен ризик или какви било безбедносни прашања;

(е) Земјите-членки вршат проверка на безбедносните прашања поврзани со спроведувањето на одобрението и доставуваат извештај до Комисијата најдоцна до 8 април 2017 година"

3) став 4 од член 12 се заменува со следново:

Прилог 1

„4. По пат на отстапување од став 1, земјите-членки можат да одлучат да не ги применуваат одредбите од Регулативата за пилоти кои се иматели на дозвола и соодветните лекарски уверенија издадени од трета земја кои се вклучени во некомерцијални операции на воздухоплов наведени во став 1 (б) или (в) од член 4 од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 до 8 април 2015 година "

4) Анексите I, II, и III. и VI се изменуваат во согласност со Анексите на оваа регулатива.

Член 2

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот од денот на нејзиното објавување во *Службен весник на Европската унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки во согласност со Договорите.

Брисел, 13 март 2014 год.

За Комисијата

Претседател

Жозе Мануел БАРОСО

Прилог 1

АНЕКС I

Анекс I (Дел-FCL) кон Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 се изменува како што следува:

1. Насловот FCL.015 се заменува со следново:

„FCL.015 Барање и издавање, продолжување и обновување на дозволи, овластувања и уверенија"

2. FCL.020 се заменува со следново:

„FCL.020 ученик - пилот

(а) Ученикот – пилот не смее да лета самостојно, освен доколку не му е доделено овластување да го прави тоа и доколку е под надзор на инструктор по летање.

(б) Пред првиот самостоен лет ученикот пилот мора да биде на возраст од:

(1) во случај на авиони, хеликоптери и воздушен брод: 16 години;
(2) во случај на едрилици и балони. 14 години."

3. FCL.025 се изменува како што следува:

(а) насловот се заменува со следново:

„FCL.025 Спроведување на теоретски испит на знаење за целите на добивање дозволи и овластувања"

(б) Во точка (а) ставовите 1 и 2 се заменуваат со следново:

(1) Кандидатите мора да го полагаат целиот сет проверки на теоретското познавање за стекнување на одредени дозволи или овластувања во една земја-членка.

(2) Кандидатот може да го полага теоретскиот дел од испитот, доколку тој е препорачан од страна на одобрена организација за обука (АТО) која е одговорна за нивната обука, откако тие ги имаат завршено соодветните елементи од курсот за обука за теоретското знаење со задоволителна оценка"

(в) точката (б) се изменува како што следува:

(i) став 1 се заменува со следново:

„(1) Успешно полагање на испитот по теоретско знаење му се признава на кандидатот кој ќе постигне најмалку 75% од точките во овој испит. Нема казнени поени. "

(ii) став 3 и вториот потстав од точката (б) се заменува со следново:

„3. Доколку кандидатот не успее да помине одреден испит за теоретско знаење четирипати, или не успее да го помине целиот сет на теоретско знаење во рок од шест испитни периоди или, пак, во периодот наведен во став 2, истиот мора повторно да го

Прилог 1

полага целиот сет на испитување.

Пред повторното полагање на теоретскиот дел од испитот, кандидатот мора да помине дополнителна обука во одобрена организација за обука по летање. Обемот и времетраењето на обуката се утврдува од страна на одобрената организација за обука врз основа на потребите на кандидатот."

(г) во точка (в) од став 1, алинеја (ii) се заменува со следново:

„(ii) за стекнување на дозвола за комерцијален пилот, за овластување за летање по инструменти (IR) или за летање по инструменти на маршрута (EIR), во период од 36 месеци; "

4. FCL.035 се изменува како што следува:

(а) точка (а) се изменува како што следува:

(i) став (1) и првата реченица од став 2 се заменува со следново:

„(1) Освен ако не е поинаку предвидено со овој дел, времето на летање кое треба да биде признаено за целите на добивање на дозвола, овластување или уверение, мора да биде во истата категорија на воздухоплов за кој се бара дозвола, овластување или уверение.

(2) PIC или на обука."

(ii) став (3) се заменува со следново:

„3. Налет како копилот или PICUS. Освен ако не е поинаку предвидено со овој дел, имателот на дозвола за пилот, кога делува како копилот или PICUS, му се признава налет како копилот за да се постигне вкупниот налет кој е потребен за дозвола за пилот од повисок ранг."

(б) точка (б) се изменува како што следува:

(i) став 1 се заменува со следново:

„(1) На кандидатот кој го положил испитот по теоретско знаење за дозвола за сообраќаен пилот, му се признава теоретското знаење за стекнување на дозвола за пилот на лесен воздухоплов, дозвола за приватен пилот, дозвола за комерцијален пилот и, освен во случај на хеликоптери, IR и EIR во истата категорија на воздухоплов."

(ii) се додава следниот став (5):

„5. И покрај точка (б) (3), на имателот на IR (A) кој има завршено модуларен курс за обука за IR (A) или имателот на EIR, во однос на барањата за теоретска обука и испитување му се признаваат во целина за IR и за друга категорија на воздухоплови само ако кандидатот има завршено теоретска обука и положени испити за делот - IFR од курсот во согласност со FCL.720.A. (б)(2)(i). "

(5.) FCL.055 се изменува како што следува:

Прилог 1

(а) воведниот дел од точка (г) се заменува со следново:

„(г) Посебни услови за имателите на овластување за летање по инструменти (IR) или летање по инструменти на маршрута (EIR). Без да е во спротивност со претходните ставови, имателите на овластување за летање по инструменти (IR) или за летање по инструменти на маршрута (EIR) покажуваат способност да го користат англискиот јазик на ниво што им овозможува да:"

(б) точка (д) се заменува со следново:

„(д) доказ за познавање на јазик и употребата на англискиот јазик за имателите на IR или EIR се спроведува преку метод на проценка како што е утврдено од страна на надлежниот орган."

(6) Во FCL.060 точка (б) став 3 се заменува со следново:

„3. како копилот кој лета на маршрута, освен ако тој:

(i) ги исполнил условите од точка (б) став (1): или

(ii) во претходните 90 дена извршил најмалку три сектори, како копилот кој лета на маршрута на истиот тип или класа на воздухоплов, или

(iii) го извршил неодамнешното искуство и обука за обновување на вештини на летање во FFS на интервали не подолги од 90 дена. Горенаведените обуки за обнова на знаење можат да се комбинираат со обука за обнова на знаење на операторите пропишани во соодветните барања на Дел-ORO. "

(7) Во FCL.105.A точка (б) се заменува со следново:

„(б) Имателот на LAPL (A) по добивањето на дозволата смее да врши превоз на патници, само по завршување на 10 часа налет како PIC на авиони или TMG."

(8) Во FCL.105.S (б) се заменува со следново:

„(б) Имателот на LAPL (C) по добивањето на дозволата смее да врши превоз на патници, само по завршување на 10 часа налет како PIC на авиони или 30 лансирања на едрилици или моторни едрилици."

(9) FCL.105.B се заменува со следново:

"FCL.105.B LAPL (B) – Привилегии

Привилегиите на имателот на LAPL за балони му овозможуваат на имателот на дозвола да дејствува како PIC за балони или воздушни бродови на топол воздух со максимален капацитет на куполата 3 400 $м^3$ или за балони на гас со максимален капацитет на куполата 1260 m^3 со максимум три патници, со што во воздухопловот не треба да има повеќе од четири лица."

Прилог 1

(10) Во FCL.110.B насловот се заменува со следново:

"FCL.110.B LAPL (B) – Услови за искуството и признавање"

(11) Во точка (в) FCL.235, став 2 се заменува со следново:

„2. Ако кандидатот не ја положи секоја точка од делот, ќе се смета дека не го положил цел дел. Ако кандидатот не положил само еден дел, ќе го повтори само тој дел. Ако кандидатот не положи повеќе од еден дел потребно е да го повтори целиот испит. "

(12) Во точка (б) FCL.205.A, став 3 се заменува со следново:

„3. обука, тестирање и проверка на овластување или уверение поврзани со овие дозволи. "

(13) Во точка (б) FCL.205.H, став 3 се заменува со следново:

„3. обука, тестирање и проверка на овластување или уверение поврзани со овие дозволи. "

(14) Во точка (б) FCL.205.A став 3 се заменува со следново:

„3. обука, тестирање и проверка на овластување или уверение поврзани со овие дозволи."

(15) Во FCL.205.S, точка (в) се заменува со следново:

„(C) По исклучок од точка (б) од став 2, имателот на SPL со привилегии на инструктор или испитувач може да добива надоместок за:

(1) спроведување на обука за летање за LAPL (S) или SPL;

(2) вршење на испити за вештина и проверка за овластување за овие дозволи;

(3) обука, преглед и верификација на овластување или уверенија поврзани со овие лиценци. "

(16) FCL.205.B се изменува и гласи:

(а) точка (а) се заменува со следново:

„(а) правата на имателот на BPL му овозможува на имателот на дозвола да дејствува како PIC на балони."

(б) точка (в) од став 3 се заменува со следново:

„3. обука, тестирање и проверка на овластување или уверение поврзани со овие дозволи. "

(17) Во точка (а) став 2 од FCL.230.B се заменува со следново:

Прилог 1

„(2) еден лет за целите на обука со инструктор во балон во рамките на соодветната класа и најголема група за која поседува привилегии; "

(18) Во точка (в) став 2 од FCL.510.A се заменува со следново:

"2. На имателите на дозволи за инженер на лет издадена во согласност со соодветното национално законодавство, им се доделуваат 50% од времето на летање во улога на инженери до максимум од 250 часа. Овие 250 часа може да се признаат во рамки на потребните 1.500 часа од став (б), како и за потребните 500 часа во точка (б) став 1, под услов бројот на вкупно признати часови по кој било од овие ставови да не надминува 250 часа. "

(19) FCL.600 се заменува со следново:

„FCL.600 IR – Општо

Освен како што е предвидено во FCL.825, операции по IFR во авион, хеликоптер, воздушен брод или воздухоплов со способност за вертикално полетување и слетување се вршат само од страна на имателите на PPL, CPL, МПЛ и ATPL кои поседуваат IR за категоријата на воздухоплов, или кога се на испит за вештина или на обука со инструктор."

(20) FCL.610 се из менува и гласи:

(а) подточка (i) од точка (а) став 1 се заменува со следново:

„(i) привилегии на летање во текот на ноќта во согласност со FCL.810, доколку привилегиите за IR се користат во текот на ноќта или"

(б) точка (б) се заменува со следново:

„(б) најмалку 50 часа налет на лет на маршрута како PIC на авиони, TMG, хеликоптери или воздушен брод, од кои најмалку 10 часа или пак во случај на воздушен брод 20 часа на релевантните категории на воздухоплови.

(21) Точка (б) од FCL.615 се заменува со следново:

„(б) Испит. Кандидатите да покажат ниво на теоретско знаење, што е во согласност со привилегиите дадени на следните предмети:

- Воздухопловно право,
- Општо познавање на воздухоплови - инструменти,
- Надзор и планирање на лет,
- Човекови перформанси,
- Метеорологија,
- Радионавигација,
- IFR комуникации ".

(22) Во точка (а) од FCL.625.H став 2 се заменува со следново:

Прилог 1

„(2) кога не е во комбинација со продолжување на типот на овластување мора да го положат само делот 5 и соодветните делови од глава 1 од проверката на стручност како што е наведено во Прилог 9 од овој дел за соодветниот тип на хеликоптер. Во овој случај, може да се користи FTD 2/3 или FFS кој го претставува соодветниот тип на хеликоптер, но секоја друга проверка на стручноста за продолжување на важноста на овластувањето за IR (H) во овие околности мора да се спроведе со хеликоптер."

(23) Точка (б) од FCL.710 се заменува со следново:

„(б) Доколку имателот на дозвола не летал со алтернативи на воздухоплов во период од 2 години по обуката за разлики, мора да направи дополнителна обука за разлики и успешно да ја положи проверка на стручноста во таа варијанта, а се со цел да се задржат привилегиите, освен во случај на типови или варијанти во рамките на едномоторни клипни авиони и на класата за овластување на TMG.

(24) Во точка (б) од FCL.725 ставот 4 се заменува со следново:

„4. За авиони со еден пилот кои се класифицирани како авиони со високи перформанси, испитот за теоретско познавање мора да биде во писмена форма и да содржи најмалку 100 прашања со понудени одговори кои се подеднакво распределени според предметите од наставната програма. "

(25) Во FCL.720.A точка (д) се заменува со следново:

„(д) По исклучок од став (г), земјата-членка може да издаде овластување за тип со ограничени привилегии за авион со повеќе пилоти што им овозможува на имателите на такво овластување да бидат во улога на копилот во замена над FL 200, под услов другите двајца членови на екипажот да имаат овластување за тип издадени во согласност со точка (г) ".

(26) Во точка (а) FCL.740.A, став 4 се заменува со следново:

„4. Продолжување на овластувањето за летање по инструменти на маршрута (EIR) или IR (A), доколку го поседува, може да се комбинираат со проверка на стручност за обнова на овластување за класа или тип. "

(27) Во FCL.735.As, точка (а) се заменува со следново:

„(а) Курсот за обуката за MCC вклучува најмалку:

(1) 12 часа на обука за теоретско знаење и пракса; и

(2) 5 часа практична обука за MCC;

Се користат FNPT II. или III. квалификувани за MCC, и FTD 2/3 или FFS."

(28) Став (1) од точка (а) од FCL.810 се изменува и гласи:

(а) првиот потстав од став (1) се заменува со следново:

Прилог 1

„1. Доколку привилегиите за LAPL, SPL или ЗЈН за авиони, TMG или воздушни бродови се користат според правилата за визуелно летање (VFR) во текот на ноќта, кандидатите мора да завршат курс за обука во АТО. Курсот содржи: "

(б) точка (ii) се заменува со следново:

„(ii) најмалку 5 часа налет во соодветната категорија на воздухоплови во текот на ноќта, вклучувајќи најмалку 3 часа обука со инструктор, вклучувајќи најмалку 1 час на навигација на лет на маршрута со најмалку еден лет со инструктор од најмалку 50 км (27 Nm) и 5 самостојни полетувања и 5 слетувања со целосно застанување. "

(29) Се внесуваат следниве нови FCL.825 и FLC.830:

„FCL.825 овластување за летање по инструменти на маршрута – (EIR)

(а) Привилегии и услови

(1) Привилегиите на имателот на овластување за летање по инструменти на маршрута (EIR) се за спроведување на лет во дневни услови по IFR во фаза на лет на маршрута, со авион за кој кандидатот има овластување за класа или тип. Самата привилегија може да се додели и за летовите во ноќни услови по IFR во фаза на лет на маршрута ако пилотот поседува овластување за ноќни услови според е FCL.810.

(2) Имателот на EIR започнува или продолжува на лет на кој има намера да ги користи правата од неговото овластување само доколку најновите метеорлошки информации укажуваат дека:

(i) временските услови за заминување се такви да му овозможуваат на сегментот од летот од полетувањето до планираната транзиција од VFR во IFR да се спроведе во согласност со VFR ; и
(ii) временските услови во очекувано време на слетување на аеродромот на одредиште се такви да му овозможуваат на сегментот на летот за транзиција од IFR во VFR да се спроведе во согласност со VFR.

(б) Услови. Кандидатите за овластување за EIR треба најмалку да се иматели на PPL (A) и да имаат најмалку 20 часа налет на маршрута како PIC на авиони.

(в) Обука. Кандидатите за EIR мора во рок од 36 месеци во АТО да завршат:
(1) најмалку 80 часа на теоретска обука во согласност со FCL.615; и

(2) обука за летање по инструменти, при што:

(i) обуката по летање за овластување за EIR за едномоторни авиони, вклучува најмалку 15 часа на налет по инструменти со инструктор; и
(ii) за обука по летање за овластување за EIR на повеќемоторни авиони, вклучува најмалку 16 часа на налет по инструменти со инструктор, од кои најмалку 4 часа со повеќемоторен авион.

Прилог 1

(г) Теоретско знаење. Пред полагање на испит за практична оспособеност кандидатот мора да покаже задоволително ниво на теоретско знаење во согласност со правата дадени во FCL.615 (б).

(д) Испит за практична оспособеност. По завршувањето на курсот, кандидатот полага испит за практична оспособеност во авион со IRE. За овластување за EIR за повеќемоторни авиони испитот за практична оспособеност се врши во повеќемоторен авион. За овластување за EIR за едномоторни авиони, испитот за практична оспособеност се врши во едномоторен авион.

(ѓ) По пат на отстапување од точките (в) и (г) имателот на EIR за едномоторен авион, кој исто така има овластување за класа или тип на повеќемоторен авион, но сака по првпат да добие дозвола за EIR за повеќемоторен авион, мора да заврши курс за обука во ATO којашто се состои од најмалку 2 часа налет по инструменти во фаза на летот во маршрута во повеќемоторен авион, и мора успешно да го положи испитот за практична оспособеност наведен во точка (д).

(е) Рок на важност, продолжување и обновување

(1) Овластувањето за EIR важи една година.

(2) Кандидатите за продолжување на важност на EIR:

(i) поминуваат проверка на стручноста на авион во рок од 3 месеци непосредно пред денот на истекот на одобрението или

(ii) во рок од 12 месеци пред датумот на истекот на одобрението вршат 6 часа налет како PIC на авиони според правилата на IFR како и пробен лет од најмалку еден час со инструктор кој е овластен за обука за IR (A) или EIR.

3. За кое било друго следно продолжување, имателот на овластување за EIR мора успешно да помине проверка на стручноста во согласност со точка (е)(2)(i).

4. Кога ќе истече EIR, кандидатот со цел да ги обнови привилегиите:

(i) мора да заврши обука за обнова на знаење со инструктор кој е овластен да спроведува обука за IR (A) или EIR со цел да се постигне потребното ниво на стручност; и

(ii) мора успешно да помине проверка на стручноста.

5. Доколку важноста на овластувањето на EIR не е продолжено или обновено 7 години од последниот датум на важење, имателот мора повторно да ги положи испитите за теоретско знаење за ERI во согласност со FCL.615 (б).

6. За овластување за EIR за повеќемоторни авиони проверката за стручност за продолжување или обновување како и обуката за лет која се бара во точка (е)(2)(ii) мора да се направи во повеќемоторен авион. Доколку пилотот има овластување за EIR за повеќемоторен авион со оваа проверка за стручност исто така ќе стекне продолжување

Прилог 1

или обнова на овластувањето за EIR за едномоторен авион.

(ж) Во случај кандидатот за овластување за EIR да извршил налет по инструменти со инструктор, кој има овластување IRI (A) или FI (A) и привилегија на обука за IR или EIR, овие часови може да се признаат како часови кои се бараат во точка (в)(2)(i) и (ii) до максимум 5 или 6 часа. Четири часа на обука за лет по инструменти во повеќемоторни авиони кои се бараат во точка (в)(2)(ii) ќе бидат изземени од ова признавање.

1. За утврдување на бројот на часови што се признаваат и заради одредување на потребите за обука, кандидатот врши воведна проценка во АТО.

2. Завршувањето на обуката за летање по инструменти со инструктор за IRI (A) или FI (A) мора да биде документирана во посебен регистар на обука со потпис на инструктор.

(з) Кандидатите за EIR кои имаат PPL или CPL дозволи од ДЕЛ-FCL и важечки IR (A), кој во согласност со одредбите од Анекс 1 од Чикашката конвенција е издаден од трета земја, може целосно да им бидат признаени во однос на условите поврзани со курс за обука, а кои се споменати во точка (в). Со цел да се издаде одобрението за EIR, кандидатот мора:

(1) успешно да го заврши испитот за практична оспособеност за стекнување на овластување за EIR;

(2) по пат на отстапување од точка (г), за време на испитот за практична оспособеност да му докаже на испитувачот дека тој има соодветно ниво на теоретско знаење на правото за воздухопловство, метеорологијата и планирањето и спроведувањето на летот (IR);

(3) поседуваат минимум искуство од најмалку 25 часа налет по правила на IFR како PIC."

„FCL.830 Овластување за летање со едрилица во услови на нулта видливост

(а) Тие што имаат дозвола за пилот со привилегии на летање со едрилици смеат да управуваат едрилица или моторна едрилица, со исклучок на TMG, во услови на нулта видливост само ако се овластени за тоа.

(б) Кандидатите за овластување за летање едрилица во услови на нулта видливост мора да ги исполнат следниве услови:

(1) 30 часа налет со едрилица или моторна едрилица по издавањето на дозволата;
(2) да завршат курс за обука организирана од страна на АТО, вклучувајќи:

(i) теоретска обука; и

(ii) најмалку 2 часа налет со инструктор за едрилица или моторна едрилица, управувани исклучиво со помош на инструменти, од кои најмногу еден час може да биде на TMG; и

3. тест за вештина со квалификуван испитувач (FE).

Прилог 1

(в) на оние што имаат овластувања за EIR или IR (A) им се признаваат условите од (б)(2)(i). По пат на отстапување од точка (б)(2)(ii), кандидатот мора да заврши најмалку еден час налет со инструктор во едрилица или моторна едрилица, со исклучок на TMG, управувајќи со едрилицата исклучиво со помош на инструменти.

(г) тие што имаат овластување за управување со едрилица во услови на нулта видливост ги остваруваат своите привилегии доколку тие во последните 24 месеци имале најмалку 1 час налет или 5 лета од функцијата PIC со користење на привилегија да лета на брод во услови на нулта видливост, со едрилица или моторна едрилица, со исклучок на TMG.

(д) тие што имаат овластување за летање во услови на нулта видливост кои не ги исполнуваат условите од точка (г) пред повторно добивање на правата за реализација на привилегија треба:

1 успешно да го положат испитот за практична оспособеност пред квалификуван испитувач (FE); или

2 извршат дополнителен налет или летови во согласност со точка (г) со квалификуван инструктор.

(ѓ) На тие што имаат важечко овластување за EIR или IR (A), во целост им се признаваат условите наведени во точка (г) ".

30. Во точка (б)(2) FCL.915, потточката (i) се заменува со следново.:

„(i) да заврши најмалку 15 часа налет како пилот на класа или на тип на воздухоплов на кој планира да ја спроведе обуката за летање, од кои најмногу 7 часа може да биде во FSTD претставувајќи ја класата или типот на воздухоплов, доколку е тоа применливо, или "

31 FCL.905.FI се изменува и гласи:

(а) точка (ѓ) се заменува со следново:

„(ѓ) овластувањата за влечење или за акробатско летање, или, во случај на FI (S), летање во услови на нулта видливост, под услов да ги има тие привилегии и да покажал способност за обука за овластување на квалификуван FI во согласност со потточка (i); ".

(б) воведната реченица на точка (е) се заменува со следново:

„(е) овластување за EIR или IR во соодветната категорија авиони, под услов FI да има"

(в) точка (е)(3)(i) се заменува со следново.:

(i) повеќемоторни авиони, кои ги исполнуваат условите за CRI за повеќемоторни авиони;"

(г) точка (2)(ж) се заменува со следново:

„2. во случај на хеликоптери, условите како што се утврдени во FCL.910.TRI(в)(1) и

Прилог 1

предусловите за курс за обука за TRI (H) како што е наведено во FCL.915.TRI (г)(2); ".

32. Во точка (а) FCL.910.FI, став 3 се заменува со следново:

„(3) за овластување на класа и тип за воздухоплови со еден пилот, едномоторни авиони, освен за воздухоплови со еден пилот за авиони со сложени перформанси, продолжување за класа и група во случај на балони и продолжување за класа во случај на едрилица; "

33. Во FCL.915.FI, точка (д) се заменува со следново:

„(д) за FI (S), да има 100 часа налет и 200 лансирања како PIC. Покрај тоа, ако кандидатот сака да спроведе обука на TMG, тој мора да има 30 часа како PIC на TMG и да изврши дополнителна проценка на надлежноста на TMG во согласност со FCL.935 со квалификуван FI во согласност со FCL.905 .fi (i); "

34. Во точка (б) FCL.930.FI, став 3 се заменува со следново:

(а) точката (v) се заменува со следново:

„(v). во случај на FI(B), најмалку 3 часа на обука за летање, вклучувајќи и 3 полетувањаа."

(б) вториот потстав од став 3 се заменува со следново:

„(4) Кога се поднесува барање за уверение за FI во друга категорија на воздухоплов, на пилотите кои поседуваат или поседувале овластување за FI(A), (H) или (As) им се признаваат 55 часа од условите од точка (б)(2)(i) или со 18 часа од условите од став точка (б)(2)(ii)."

35. Во FCL.905.TRI, по воведот, точка (а) се заменува со следново:

„(а) за продолжување и обновување на EIR или на IR, под услов TRI да поседува важечко IR;"

36. FCL.905.CRI се изменува и гласи:

(а) во точка (а) од FCL.905.CRI, став 1 се заменува со следново:

„1. стекнување, продолжување или обновување на класа или тип на овластување за авион со еден пилот, освен за авиони со еден пилот со сложени перформанси кога привилегиите кои ги бара кандидатот се да лета во операции за еден пилот; "

(б) следнава нова точка (в) се внесува:

„(в) Кандидатите за CRI за повеќемоторни авиони кои имаат уверение CRI за авиони со еден мотор мора да ги исполнуваат условите за CRI дадени во FCL.915.CRI(a), како и условите од FCL.930.CRI(a)(3), и FCL.935. "

37. Во FCL.905.IRI, точка (а) се заменува со следново:

Прилог 1

„(а) Привилегиите на IRI се спроведување на издавање, продолжување и обновување на EIR или на IR за соодветната категорија на воздухоплов."

38. Во точка (а) од FCL.915.IRI, став 2 се заменува со следново:

„2. во случај кандидатите за стекнување на IRI(A) за повеќемоторни авиони да ги исполнуваат условите од ставовите FCL.915.CRI(a), FCL.930.CRI и FCL.935;"

39. Во точка (г) FCL.905.SFI, став 2 се заменува со следново:

„2. обука за MCC, кога SFI има привилегија да спроведе обука на хеликоптери со повеќе пилоти. "

40. Во точка (б) FCL.915.MCCI, став 1 се заменува со следново:

„1. во случај на авиони, воздушни бродови и воздухоплов со способност за вертикално полетување и слетување, 1.500 часа искуство на лет како пилот во операции со повеќе пилоти; "

41. FCL.940.MI се заменува со следново:

„FCL.940.MI валидност на уверение за MI

Уверението за MI е валидно се додека се валидни уверенијата за FI, ТРИ или CRI. "

42. FCL.1015 се изменува и гласи:

(а) во точка (б), се додаваат следниве ставови (4) и (5):

„(4) насоките за потребата за разгледување на барањето на елементите наведени во 3 при извршувањето на испитот за практична оспособеност, проверката или оценувањето на компетентноста на барателот за кое надлежниот орган не е истиот орган што го издал уверението на испитувачот; и

(5) насоки како да се добие пристап до националните процедури и услови на други релевантни тела кога за тоа се има потреба; "

(б) точка (в) се заменува со следново:

„(в) Имателите на уверенија за испитувачи не можат да вршат тестови за вештина, проверки за стручност и проценки на компетентност на кандидатите за кои надлежниот орган не е ист како оној кој им го издал уверението за испитувач, освен доколку се запознаени со најновите достапни податоци кои се однесуваат на релевантните национални процедури на надлежниот орган за кандидатот. "

43. Во точка (б) FCL.1030, став 3 се изменува како што следува:

(а) се додава нова потточка iv.:

„(iv) изјава дека испитувачот ги разгледал и ги применил националните постапки на

Прилог 1

органот надлежен за барателот доколку надлежниот орган за барателот не е ист со оној кој му го издал уверението на испитувачот; "

(б) се додава нова точка (v):

„(v) копија од уверението на испитувачот кое ги содржи неговите привилегии како испитувач во спроведувањето на испитот за вештина, проверките за стручност или проценката на компетентноста на барателот во случај кога органот надлежен за издавање на уверението на барателот не е ист со оној кој му го издал уверението на испитувачот.

(44) FCL.1005.FE се изменува и гласи:

(а) во точка (а), се додава следниов став (5):

„(5) проверките за стручност за продолжување или обновување на EIR, под услов FE да има најмалку 1.500 часа на искуство како пилот во авионот и да ги исполнува условите од FCL.1010.IRE (а) (2)."

(б) Во точка (г), став 3 се заменува со следново:

„(3) испит за вештина кој е наменет за проширување на привилегиите на имателот на SPL или LAPL(S) на TMG, доколку испитувачот има 300 часа налет како пилот на едрилици или моторни едрилици, вклучително и 50 часа на обука за летање на TMG;

(4) испит за вештини и проверка за овластување за летање во услови на нулта видливост, под услов испитувачот да има барем 200 часа налет како пилот на едрилици и моторна едрилица, вклучувајќи најмалку 5 часа или 25 летови за обука по летање за овластување за летање во услови на нулта видливост или најмалку 10 часа на обука за летање за овластување на EIR или IR (A).

(45) Во точка (а) од FCL.1005.TRE, став (2) се заменува со следново:

„(2) проверките за стручност за продолжување или обновување на овластување за тип EIR и IR; "

(46) Во точка (б) став (5) од FCL.1010.TRE, (ii) се заменува со следново:

„(ii) што имаат CPL (H) или ATPL (H). "

(47) Во точка (б) од FCL.1005.CRE, се додава следниов став (3):

„(3) продолжувањето или обновувањето на EIR, под услов CRE да има најмалку 1.500 часа на искуство како пилот во авионот и да ги исполнува условите во FCL.1010.IRE (а) (2) "

(48) FCL.1005.IRE се заменува со следново:

„FCL.1005.IRE IRE – Привилегии

Привилегиите за имателот на уверение за IRE се за да се спроведе испит за практична

Прилог 1

оспособеност за издавање, како и за проверка на стручноста за продолжување или обновување на EIR или MP. "

(49) Додаток 1 од Прилог I (Дел-FCL) се изменува како што следува:

(а) став 3.2. се заменува со следново:

„3.2. Како што е дефинирано во овој дел, кандидатот мора успешно да го положи испитот за теоретско знаење за следните предмети, во соодветната категорија на воздухоплов:

021 - Општо познавање на воздухоплови: Конструкција и системи на воздухоплови, електрична енергија, погонски состав, опрема за спасување,

022 - Општо познавање на воздухоплови: Инструменти,

032/034 – Изведба на авиони или хеликоптери, како што е применливо,

070 - Оперативни процедури, и

080 - Принципи на лет "

(б) Став 4.1. заменува со следново:

„4.1. На кандидатот за IR или EIR, кој успешно ги положил соодветните испити по теоретско знаење потребни за издавање на CPL од истата категорија на воздухоплови, ќе му се признае барањето за теоретско знаење во следните предмети:

- Човечки перформанси,
- Метеорологија".

(50) Додаток 3 на Анекс I (Дел-FCL) се изменува како што следува:

(а) во делот Е, во насловот ОПШТО точка (г) од став 12 се заменува со следнава:

„(г) 6 часа на налет ќе се изврши во повеќемоторен авион ако повеќемоторниот авион се користи за проверка на вештина."

(б) во делот И, под наслов ОПШТО точката (а) од став 3 се заменува со следново:

„(а) доколку имаат завршено 155 часа налет, вклучително и 50 часа како PIC на хеликоптери од кои 10 часа треба да бидат лет на маршрута. Часовите на лет како PIC на други категории на воздухоплови може да влезат во 155 часа налет, а согласно тоа како е дефинирано во став 11 од дел И"

(51) Во Додаток 5 на Анекс I (Дел-FCL), во насловот ОПШТО, став 2 се заменува со следново:

„2. Одобрението за курс за обука на MPL му се дава само на АТО кој е дел од операторите на комерцијален воздушен сообраќај, а кои имаат добиено уверение за

Прилог 1

работа во согласност со Дел-ORO, или пак имаат посебен договор со таквиот оператор. Дозволата се ограничува само на овој специфичен оператор сè до завршување на курс за оспособување на операторот за транзиција."

(52) Додаток 6 на Дел-FCL се изменува како што следува:

(а) Дел А се изменува како што следува:

(i) став 2 се заменува со следново:

„2. Кандидатот кој сака да посетува модуларен курс за стекнување на IR (A) мора да има PPL (A) или CPL (A) дозвола. Кандидатот за модул на процедурален лет по инструменти, кој нема CPL (A) мора да поседува уверение за завршување на курсот за модул за основен лет по инструменти.

АТО обезбедува дека кандидатот за повеќемоторен IR (A) курс кој не поседува овластување за класа или тип на повеќемоторен авион ќе добие обука за повеќемоторен авион како што е наведено во Пододдел Ж пред отпочнување на обука по летање за IR (A). "

(ii) став 10.2 се заменува со следново:

„10.2. Тој што поседува IR (H) може да бара да му се намали вкупниот број на часови на обука наведени во ставови 7 или 8 до 10 часа. "

(б) се додава нов дел Аа:

„А.а IR (A) - модуларен курс за обука по летање
кој се базира на стекнување на вештина

ОПШТО

1. Целта на курсот е модуларна обука по летање која се темели на стекнување на вештина со цел да им се овозможи на тие што имаат PPL или CPL да стекнат овластување за летање по инструменти, земајќи го предвид претходното искуство и обуката за летање по инструменти. Овој курс е дизајниран за да им овозможи на кандидатите да се стекнат со потребното ниво на стручност за управување на авион во согласност со IFR и во МОС услови. Курсот се состои од комбинација на обука за летање по инструменти со инструктор IRI (A) или FI (A) кои се овластени за обука за IR како и обука за летање во рамките на АТО.

2. Кандидатот кој сака да следи модуларен курс чија основа е стекнување на вештини за IR (A) мора да поседува PPL (A) или CPL (A) дозвола.

3. Курсот за теоретска обука треба да се заврши во рок од 18 месеци. Обуката за летање по инструменти и испитот за практична оспособеност треба да се спроведат во периодот на важност на испитот по теоретско знаење.

4. Овој курс опфаќа:

Прилог 1

(а) обука за теоретско познавање со ниво на знаење потребни за стекнување на овластување на IR (A);

(б) обука за летање по инструменти.

ТЕОРЕТСКО ЗНАЕЊЕ

5. Одобрената модуларна обука за IR (A) која се темели на стекнување на вештини изнесува најмалку 80 часа на теоретска обука. Обуката за теоретско знаење може да вклучува работа на компјутер и елементи на учење по електронски пат. Во согласност со ORA.ATO.305, треба да се обезбеди минималното времетраење на наставата во училница.

ОБУКА ЗА ЛЕТАЊЕ

6. Методот за стекнување на IR (A) во рамките на овој модуларен курс се темели на стекнување на вештини. Сепак, кандидатот мора да ги исполнува минималните услови наведени подолу. За да се стекнат со потребните вештини може да биде потребна дополнителна обука.

(а) модуларниот курс за стекнување на вештина за IR (A) за едномоторен авион се состои од најмалку 40 часа настава летање по инструменти, од кои до 10 часа летање по инструменти на земјата во FNPT I, или пак до 25 часа во FFS или FNPT II. До 5 часа летање по инструменти на земјата на FNPT II или FFS може да се направи во FNPT I.

(i) Кога кандидатот има:

(А) завршено обука за летање по инструменти со инструктор IRI (A) или FI(A) кој е овластен за обука за IR; или

(Б) налет по правилата на IFR како PIC на авиони во согласност со овластувањето за привилегии на летање според правилата на IFR и условите на IMC.

тие саати можат да му се признаат во рамки на претходните 40 часа, но најмногу до 30 часа.

(ii) Доколку кандидатот завршил лет по инструменти со инструктор, покрај оние кои се наведени во точка (а)(i), овие часови можат да се признаат во рамки на бараните 40 часа, но најмногу до 15 часа.

(2) Европската дозвола се покажа како ефикасен начин за признавање и потврдување на компетентноста на контролорите на летање кои, како професија, ја имаат единствената улога во работата на сигурна контрола на летање. Со стандардот за компетентност на ниво на целата Унија се намали поделбата во оваа област, придонесувајќи на тој начин кон поефикасна организација на работењето во тековната состојба на зголемена регионална соработка помеѓу давателите на услуги на воздухопловната навигација. Одржувањето и подобрувањето на заеднички систем за издавање дозволи на контролорите на летање кои работат во Унијата претставува важен дел од европскиот систем на контролата на летање. Заради тоа, сега е потребно да се утврдат технички услови и административни постапки кои се однесуваат на дозволите и уверенијата на контролорите на летање, со кои се изразува врвниот стандард во оваа област.

(3) Давањето на услуги во воздухопловната навигација бара високо квалификуван персонал, и особено контролори на летање, чија компетентност се докажува со дозвола издадена врз основа на детални услови утврдени во оваа регулатива. Овластувањето кое е внесено во дозвола треба да го назначи типот на оперативната услуга на контролата на летање која контролорот на летање е способен да ја даде. Посебните овластувања во дозволата треба да ги одразуваат како посебните вештини на контролорот така и одобренијата кои надлежните органи ги издале за давање на услуги за определен сектор, група на сектори и/или работни места.

(4) Надлежните органи кои вршат надзор и проверка на придржувањето кон оваа регулатива треба да се доволно независни од контролорите на летање кога издаваат дозволи или ја продолжуваат важноста на посебните овластувања, кога привремено

([1]) Сл. весник L 79, 19.3.2008 год., стр. 1.

Прилог 2

одземаат или повлекуваат дозволи, овластувања, посебни овластувања или уверенија во случаи кога повеќе не се исполнети условите за нивно издавање. Овие надлежни органи треба да се и доволно независни од давателите на услуги на воздухопловната навигација и од организациите за обука. Тие треба да останат способни за ефикасно вршење на своите задачи. Надлежниот орган или органи чија одговорност е утврдена во оваа регулатива може да е тело или да се тела определени или основани согласно член 4 од Регулатива (ЕЗ) бр. 549/2004 на Европскиот парламент и на Советот ([1]). Европската агенција за безбедност на воздухопловството (во понатамошниот текст „Агенцијата“) треба да делува како надлежен орган за издавање и обновување на уверенијата на организациите за обука на контролори на летањето кои се наоѓаат вон територијата на земјите–членки и, по потреба, на персоналот на тие организации. Како таква, таа треба да ги исполнува истите услови.

(5) Со оглед на посебните карактеристики на воздушниот сообраќај во Унијата, потребно е да се воведат и ефикасно да се применуваат заеднички стандарди за компетентноста на контролорите на летање кои се вработени кај даватели на услуги на воздухопловната навигација, со што на јавноста и се обезбедува управување со воздушниот сообраќај и услуги на воздухопловната навигација (ATM/ANS)

(6) Земјите–членки треба да имаат можност да ја применуваат оваа регулатива и на својот воен персонал што дава услуги на јавноста, како што е наведено во член 1(2)(в) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008.

(7) Слабата комуникација често е значаен фактор во инцидентите и несреќите. Заради тоа, потребно е да се утврдат детални услови за контролорите на летање во однос на познавањето на јазик. Овие услови се темелат врз условите кои ги усвоила Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) и претставуваат средство за примена на тие меѓународно прифатени стандарди. Се почитуваат начелата за недискриминација, транспарентност и пропорционалност во однос на условите за познавање на јазик со цел да се поттикне слободно движење на работници, осигурувајќи ја истовремено безбедноста. Периодот на важноста на посебното овластување за познавање на јазик треба да е пропорционален со нивото на компетентност како што е утврдено во оваа регулатива.

(8) Заедничките правила за издавање и одржување на дозволите на контролорите на летањето се клучни за зајакнување на меѓусебната довербата на земјите–членки во нивните системи. Со цел да се обезбеди најголемо ниво на безбедност, потребно е да се воспостават изедначени услови за обука, квалификации и компетентност на контролорите на летањето. Исто така, со ова би се обезбедило и давање на безбедни и висококвалитетни услуги на контролата на летањето и истото би допринело за признавање на дозволите во целата Унија, со што би се зголемила слободата на движење и би се подобрила достапноста на контролори на летањето.

(9) Европската организација за безбедност на воздухопловната навигација (Eurocontrol) постави соодветни стандарди за почетната обука, наведени во „Спецификација за заедничка основна содржина на почетната обука за контролори на летање (Eurocontrol's Specification for the ATCO Common Core Content Initial Training)“ на Еуроконтрол . Со цел да се прикаже научниот и техничкиот напредок и да се олесни изедначен пристап до почетната обука, што претставува клучен елемент за да се обезбеди мобилноста помеѓу контролорите на летањето, овие стандарди сега треба да се внесат во законодавството на Унијата. Исто така, потребно е и да се утврдат услови за обука на одредените единици и за континуираната обука, имајќи ги предвид битните важечки услови, како што е утврдено во член 8в од Регулатива (ЕЗ)

([1]) Регулатива (ЕЗ) бр. 549/2004 на Европскиот парламент и на Советот од 10 март 2004 година, за утврдување на рамка за создавање на единствено европско небо (Сл. весник L 96, 31.3.2004 год., стр. 10.

Прилог 2

бр. 216/2008. Во недостаток на европски услови за обука, земјите–членки може да продолжат да се потпираат врз стандардите за обука кои ги утврдила ICAO.

(10) Консултирајќи се со група стручњаци, Eurocontrol создаде услови за процена на здравствената способност на контролорите на летањето, кои земјите–членки веќе ги применуваат заедно со Анекс 1 на ICAO. Сега овие услови треба да се транспонираат во законодавството на Унијата со цел да се обезбеди нивна изедначена примена во сите земјите–членки.

(11) Со цел да се обезбеди дека земјите–членки на правилен и структуриран начин ги исполнуваат своите одговорности и обврски за безбедноста со помош на системот за примена и управување кој го водат надлежните органи и организации кои делуваат во нивно име, согласно Националната програма за безбедност на ICAO, со оваа регулатива треба да се пропишат условите коишто надлежните органи треба да ги применуваат.

(12) Издавањето на уверенија на организациите за обука претставува еден од клучните елементи кои придонесуваат кон квалитетот на обуката на контролорите на летањето, а со тоа и кон безбедно давање на услуги на контролата на летање. Заради тоа, треба да се зајакнат условите за организациите за обука. Треба да биде возможно да се издаде уверение за обука согласно видот на обуката, како пакет од услуги за обука или како пакет од услуги за обука и воздухопловна навигација, без притоа да се занемарат посебните карактеристики на обуката која секоја организација ја нуди.

(13) Општите услови за добивање дозвола, во мера во која тие се однесуваат на условите за возраста и здравствената способност не смеат да влијаат врз имателите на постојните дозволи. Со цел да се сочуваат правата од постојните дозволи и да се обезбеди безболен преоден период за сите иматели на дозволи и за надлежните органи, дозволите и лекарските уверенија кои земјите–членки ги издале согласно Директива 2006/23/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот ([1]) и Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 ([2]) на Комисијата, треба да се смета дека се издадени согласно оваа регулатива.

(14) Заради доследност, треба да се измени дефиницијата за психоактивни супстанции наведена во Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 ([3]) на Комисијата.

(15) Додека оваа регулатива се надоврзува врз претходно постигнатото и врз законските услови на ЕУ, заради појаснување се укинува Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011.

(16) Согласно членовите 17(2)(б) и 19(1) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, Агенцијата ѝ помагаше на Комисијата при изготвувањето на мерките кои се предвидуваат во оваа регулатива.

(17) Мерките кои се предвидуваат во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот основан со член 65 од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008,

---

(1) Директива 2006/23/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2006 година, за дозвола на контролорите на летање на Заедницата (Сл. весник L 114, 27.4.2006 год., стр. 22).

(2) Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 на Комисијата од 10 август 2011 година, за утврдување на детални правила за дозволи и одредени уверенија на контролорите на летање согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L 206, 11.8.2011 год., стр. 21).

([3]) Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата од 26 септември 2012 година, за утврдување на заеднички правила за воздушниот сообраќај и оперативните одредби во однос на услугите и постапките на воздухопловната навигација и за изменување на Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 1035/2011 и Регулативите (ЕЗ) бр. 1265/2007, (ЕЗ) бр. 1794/2006, (ЕЗ) бр. 730/2006, (ЕЗ) бр. 1033/2006 и (ЕУ) бр. 255/2010 (Сл. весник L 281, 13.10.2012 год., стр. 1).

Прилог 2

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА

Член 1

Предмет и обем

1. Со оваа регулатива се утврдуваат детални правила за:

(а) условите за издавање, привремено одземање и повлекување на дозволите и со нив поврзаните придружни овластувања, посебни овластувања на контролорите на летање и на студентите–контролори на летање, како и правата и одговорностите на имателите на истите;

(б) условите за издавање, ограничување, привремено одземање и повлекување на лекарски уверенија на контролорите на летање и на студентите–контролори на летање, како и правата и одговорностите на имателите на истите;

(в) издавањето на уверенија на овластените лекари за процена на здравствената способност и воздухопловно–медицинските центри за контролорите на летањето и студентите–контролори на летање;

(г) издавањето на уверенија на организациите за обука на контролори на летањето;

(д) условите за проверка на важноста, продолжување, обновување и користење на овие дозволи, овластувања, посебни овластувања и уверенија.

(2) Оваа регулатива се применува на:

(а) студенти–контролори на летање и контролорите на летањето кои ги вршат своите функции во рамките на обемот на Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008;

(б) лицата и организациите кои се вклучени во издавање на дозволи, обука, испитување, проверување и лекарски прегледи и процена на здравствената способност на кандидатите согласно оваа регулатива.

Член 2

Придржување кон условите и процедурите

(1) Надлежниот орган од член 6 ги квалификува и им издава дозвола согласно одредбите од Анексите I, III и IV на студентите–контролори на летање, контролорите на летањето и лицата вклучени во издавање на дозволи, обука, испитување, проверување и лекарски прегледи и процена на здравствената способност на кандидатите наведени во член 1(2)(а) и (б).

(2) Организациите споменати во член 1(2)(б) се квалификуваат согласно техничките услови и административните постапки утврдени во Анексите I, III и IV, а надлежниот орган споменат во член 6 им издава уверение.

(3) Издавањето на лекарски уверенија на лицата наведени во член 1(2)(а) и (б) е во склад со техничките услови и административни постапки утврдени во Анексите III и IV.

(4) Дозволите на контролорите на летањето кои се вработени кај даватели на услуги на воздухопловната навигација кои даваат услуги на контролата на летање во воздушниот простор на територијата на која се однесува Договорот и чие главно седиште на работење и регистрирано седиште, ако има такво, се наоѓа вон територијата и е предмет на одредбите на Договорот, се смета дека им се издадени согласно став 1, под услов дека тие ги исполнуваат и двата следни услови:

Прилог 2

(а) имаат дозвола на контролор на летање која ја издала трета земја согласно Анекс 1 кон Чикашката конвенција;

(б) докажале пред надлежниот орган наведен во член 6 дека завршиле обука и успешно ги положиле испитите и проценките кои се еквивалентни на оние кои се бараат согласно Дел АТКО, Поддел Г, Оддели 1–4, наведени во Анекс I.

Задачите и функциите кои им се доделуваат на контролорите на летањето наведени во првиот потстав не смеат да ги надминуваат правата од дозволата која ја издала трета земја.

(5) Инструкторите за практична обука и оценувачите–испитувачите кои се вработени во организација за обука која се наоѓа вон територијата на земјите–членки се смета дека се квалификувани согласно став 1, под услов дека ги исполнуваат и двата следни услови:

(а) имаат дозвола на контролор на летање која ја издала трета земја согласно Анекс 1 кон Чикашката конвенција со овластување и, ако е применливо, придружно овластување кое одговара на она за кое тие се овластени да подучуваат или оценуваат;

(б) докажале пред надлежниот орган наведен во член 6 дека завршиле обука и успешно ги положиле испитите и проценките кои се еквивалентни на оние кои се бараат согласно Дел АТКО, Поддел Г, Оддел 5 (Part ATCO, Subpart D, Sections 1 – 4), наведени во Анекс I;

Правата споменати во првиот потстав се наведуваат во уверението кое го издала трета земја и се ограничуваат на подучување и оценување за организациите за обука кои се наоѓаат вон територијата на земјите–членки.

Член 3

Давање на услуги на контролата на летање

(1) Услугите на контролата на летање ги даваат само контролори на летањето кои се квалификувани и на кои им е издадена дозвола согласно оваа регулатива.

(2) Согласно член 1(3) од Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, земјите–членки, колку што е можно, обезбедуваат дека услугите кои се даваат или се ставени на располагање на јавноста од страна на воениот персонал наведено во член 1(2)(в) од таа регулатива, нудат ниво на безбедност најмалку еднакво на нивото кое се бара согласно суштинските услови утврдени во Анекс Vб кон таа регулатива.

(3) Земјите–членки можат да ја применуваат оваа регулатива на нивниот воен персонал кој дава услуги на јавноста.

Член 4

Дефиниции

За целите на оваа регулатива, се користат следните дефиниции:

(1) „*невообичаена ситуација (abnormal situation)*“ се околности, вклучувајќи и отежнувачки услови, кои не се ниту рутински ниту секојдневни, а за кои контролорот на летањето нема развиено автоматски вештини;

(2) „*прифатливи начини за придржување (AMC) (acceptable means of compliance*

Прилог 2

(AMC))“ се необврзувачки стандарди кои Агенцијата ги усвоила со цел да се објаснат начините со кои се постигнува придржување кон Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и нејзините правила за спроведување;

(3) „*услуга на контролата на летање (ATC) (air traffic control (ATC) service*)“ е услуга која се дава со цел:

(а) да се спречат судири:

— помеѓу воздухоплови, и

— на маневарските површини помеѓу воздухоплов и препреки; и

(б) да се забрза и одржи уреден проток на воздушниот сообраќај

(4) „*одредена единица на контролата на летање (ATC) (air traffic control (ATC) unit*“ е општ поим со различно значење, обласна контрола на летање, единица на приодната контрола или аеродромска контролна кула;

(5) „*алтернативни начини за придржување (alternative means of compliance)*“ е алтернатива на постоечки АМС или нов начин за воспоставување на придржување кон Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и нејзините правила за спроведување за што Агенцијата не прифатила никаков поврзан АМС;

(6) „*проценка (assessment*)“ е оценување на практичната оспособеност чиј резултат води до издавање на дозволата, овластувањето и/или посебното овластување(-а) и нивото продолжување и/или обновување, вклучувајќи го и однесувањето и практичната примена на знаењето и разбирањето кои лицето што се оценува ги покажало;

(7) „*посебно овластување за оценувач–испитувач (assessor endorsement)*“ е овластување кое се внесува во и претставува дел од дозволата, со кое се наведува компетентноста на имателот за проценување на практичната оспособеност на студентот–контролор на летање и на контролорите на летањето;

(8) „*стрес од критичен настан (critical incident stress)*“ е појава на невообичаени и/или крајно емотивни, физички реакции или реакции во однесувањето кај лице по неочекуван настан, несреќа, инцидент или сериозен инцидент;

(9) „*вонредна состојба (emergency situation)*“ е сериозна или опасна ситуација за која е потребно преземање на итни мерки;

(10) „*испит (examination)*“ е формално испитување со кое се оценува знаењето и разбирањето на некое лице;

(11) „*материјал со упатства (GM) (guidance material (GM))*“ е необврзувачки материјал кој го составила Агенцијата, како помош во објаснувањето на значењето на еден услов или спецификација и кој се користи како помош при толкувањето на Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008, и нејзините правила за спроведување и АМС;

(12) „*индикатор на ICAO за локација (ICAO location indicator)*“ е кодна група од четири букви, составена согласно правилата пропишани од ICAO во нејзиниот најнов ажуриран прирачник DOC 7910, а којашто се доделува на локацијата на фиксна воздухопловна станица

(13) „*посебно овластување за познавање на јазик (language endorsement)*“ е изјава која се впишува во и претставува составен дел од дозволата, со кое се наведува

Прилог 2

познавањето на јазик на имателот;

(14) „*дозвола (licence)*“ е документ кој се издава и одобрува согласно оваа регулатива, и со кој му се дава право на неговиот законски имател да ги користи правата од овластувањата или посебните овластувања кои се внесени во истиот;

(15) „*настава за обука на работно место (on–the–job training instruction)*“ е фаза од обуката на одредена единица во текот на која претходно стекнатите рутини и способности поврзани со работното место се интегрираат во праксата под надзор на квалификуван инструктор за обука на работно место во ситуација на вистински сообраќај;

(16) „*посебно овластување за инструктор за обука на работно место (OJTI) (on–the–job training instructor endorsement)*“ е овластување кое се внесува во и претставува составен дел од дозволата, со кое се наведува компетентноста на имателот да врши настава на обука на работно место и на уреди за обука;

(17) „*уред за обука за дел од задачите (PTT) (part – task trainer (PTT))*“ е синтетички уред на кој се спроведува обука за конкретни, одбрани оперативни задачи, при што од ученикот не се очекува да ги вежба сите задачи кои се вообичаено поврзани со наполно оперативно опкружување;

(18) „*цел на ефикасноста (performance objective)*“ е јасна и недвосмислена изјава за ефикасноста која се очекува од лицето кое посетува обука, условите во кои ефикасноста се појавува и стандардите кои лицето кое посетува обука треба да ги исполни;

(19) „*привремена неспособност (provisional inability)*“ е привремена состојба во која имателот на дозвола е спречен да ги користи правата од дозволата иако овластувањата, посебните овластувања и лекарското уверение се важечки;

(20) „*психоактивни супстанции (psychoactive substance)*“ се алкохол, опојни средства, хашиш, седативи и средства за успивање, кокаин, други психостимуланси, халуциногени и испарливи раствори, со исклучок на кофеин и тутун;

(21) „*придружно овластување (rating endorsement)*“ е овластување впишано во дозволата и коешто претставува составен дел на истата, со наведување на посебните услови, права или ограничувања кои се однесуваат на соодветното овластување;

(22) „*обновување (renewal)*“ е административна постапка која се презема по истекот на важноста на овластување, посебно овластување или уверение, со која се обновуваат правата од овластувањето, посебното овластување или уверението за определен понатамошен период што подлежи на исполнување на утврдените услови;

(23) „*продолжување (revalidation)*“ е административна постапка која се презема во периодот на важноста на овластување, посебно овластување или уверение, со која му се допушта на имателот да продолжи да ги користи правата од овластувањето, посебното овластување или уверението за определен понатамошен период што подлежи на исполнување на утврдените услови;

(24) „*сектор (sector)*“ е дел од контролирана област и/или дел од областа со обезбедени служби за информации во лет или горниот воздушен простор;

(25) „*симулатор (simulator)*“ е синтетички уред за обука кој ги прикажува битните карактеристики на вистинско оперативно опкружување и репродуцира оперативни

Прилог 2

услови во кои лицето кое посетува обука може да ги вежба задачите директно и во реално време;

(26) „*синтетички уред за обука (synthetic training device)*“ е секој тип на уред со кој се симулираат оперативните услови, вклучувајќи ги и симулаторите и тренажерите за обука на дел од задачите;

(27) „*посебно овластување за инструктор на синтетички уред за обука (STDI) (synthetic training device instructor (STDI) endorsement)*“ е овластување впишано и составен дел од дозвола, со кое се наведува дека имателот е стручен да врши обука на синтетички уреди за обука;

(28) „*курс за обука (training course)*“ е настава по теоретско познавање и/или практична настава подготвена во структурирано утврдена рамка и која се спроведува во определен временски период;

(29) „*организација за обука (training organisation)*“ е организација на која надлежниот орган ѝ издал уверение за спроведување на еден или повеќе видови обука

(30) „*посебно овластување за одредена единица (unit endorsement)*“ е овластување впишано и составен дел од дозвола, со кое се наведува индикаторот на ICAO за локација и секторот, групата на сектори или работни места на кои имателот е стручен да работи;

(31) „*потврдување (validation)*“ е процес врз основа на кој, преку успешно завршување на курсот за посебно овластување за одредена единица кое е поврзано со овластување или придружно овластување, имателот може да започне да ги користи правата од тоа овластување или придружно овластување.

Член 5

Надлежен орган

1. Земјите–членка именуваат или воспоставуваат еден или повеќе надлежни органи со доделени одговорности за издавање на уверенија и надзор на лицата и организациите кои се предмет на оваа регулатива.

2. Во рамките на еден функционален блок или во случај на давање на прекугранични услуги, надлежните органи се определуваат врз основа на договор помеѓу односните земји–членки.

3. Ако земја–членка именува или воспоставува повеќе од еден надлежен орган, областите на надлежност на секој надлежен орган се јасно определени во однос на одговорностите и географската област, по потреба. Помеѓу овие органи се воспоставува координација за да се обезбеди ефикасен надзор на сите лица и организации кои се предмет на оваа регулатива во рамките на нивните поединечни надлежности.

4. Надлежниот орган (органи) се независни од давателите на услуги на воздухопловната навигација и организациите за обука. Оваа независност се постигнува преку соодветно одвојување, најмалку на функционално ниво, на надлежни органи од една страна и на даватели на услуги на воздухопловната навигација и организации за обука од друга страна. Надлежните органи ги користат своите права непристрасно и транспарентно.

Исто така, првиот потстав се применува и на Агенцијата, кога таа делува како надлежен орган согласно член 6(2)(б) и 3(а)(ii).

5. Земјите–членки обезбедуваат дека надлежните органи ја поседуваат потребната

Прилог 2

способност за извршување на активностите за издавање на уверенија и за надзор, кои активности се опфатени во нивните програми за издавање на уверенија и за надзор, како и доволно средства за исполнување на условите наведени во Анекс II (Дел ATCO.AR). Поточно земјите–членки ги користат проценките кои ги извршиле надлежните органи согласно став ATCO.AR.A.005(а) од Анекс II, со цел да се докаже нивната способност.

6. Земјите–членки обезбедуваат дека, што се однесува на персоналот на надлежните органи што ги врши активностите за надзорот и за издавање на уверение согласно оваа регулатива, не постои никаков непосреден или посреден судир на интереси, особено што се однесува на членови на фамилија или финансиска корист на односниот персонал

7. Се смета дека надлежниот орган (органи) што земјата–членка ги наименувала или воспоставила за целите на Регулатива (ЕЗ) бр. 805/2011 на Комисијата го задржува (задржуваат) статусот на надлежен орган во смисла на оваа регулатива, освен ако односната земја–членка не одредила поинаку. Во вториот случај, земјата–членка ја известува Агенцијата за името(имињата) и адресата(адресите) на надлежниот орган (органи) кои таа ги именува или воспоставува за целите на овој член, како и за која било измена на истите.

Член 6

Надлежен орган за целите на Анексите I, III и IV

1. За целите на Анекс I, надлежен орган е органот кој земјата–членка го наименува или воспоставува и до кој лицето поднесува барање за издавање на дозвола.

2. За целите на Анекс III и за надзорот врз условите наведени во Анексите I во поглед на давателите на услуги во воздухопловната навигација, надлежен орган е:

(а) органот што земјата–членка го наименува или воспоставува како надлежен орган за надзор, во која се наоѓа главното седиште или регистрираното седиште, ако има такво, на подносителот на барањето, освен ако е поинаку предвидено во билатералните или мултилатералните спогодби склучени помеѓу земјите–членки или нивните надлежни органи;

(б) Агенцијата, ако главното седиште или регистрираното седиште, доколку има такво, на подносителот на барањето се наоѓа вон територијата на земјите–членки.

3. За целите на Анекс IV, надлежен орган е:

(а) за воздухопловно–медицинските центри:

(i) надлежниот орган кого го определува земјата–членка во која се наоѓа главното седиште на воздухопловно–медицинскиот центар;

(ii) Агенцијата, кога воздухопловно–медицинскиот центар се наоѓа во трета земја;

(б) за овластените лекари за процена на здравствената способност:

(i) надлежниот орган кого го определува земјата–членка во која се наоѓа главното место на делување на овластениот лекар за процена на здравствената способност;

(ii) ако главното место на делување на овластениот лекар за процена на здравствената способност се наоѓа во трета земја, надлежниот орган кого го определува земјата–членка во која кандидатот за уверение за овластен лекар за процена на здравствената способност го поднесува барањето за издавање на

Прилог 2

уверение.

Член 7

Преодни одредби

1. Дозволите, овластувањата и посебните овластувања издадени согласно соодветните одредби од националното законодавство врз основа на Директива 2006/23/ЕЗ и дозволите, овластувањата и посебните овластувања кои се издадени согласно Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 се смета дека се издадени согласно оваа регулатива.

2. Овластувањето за обласна процедурална контрола (ACP) (Area Control Procedural) со придружното овластување за океанска контрола (Oceanic Control – OCN) издадени согласно националните правила врз основа на член 31(1) од Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 се смета дека се издадени согласно оваа регулатива.

3. Лекарските уверенија и уверенијата за организациите за обука, овластените лекари за процена на здравствената способност и воздухопловно–медицинските центри, одобренијата за програмите за одржување на компетентноста во одредена единица и плановите за обука издадени согласно соодветните одредби од националното законодавство врз основа на Директива 2006/23/ЕЗ согласно Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 се смета дека се издадени согласно оваа регулатива.

Член 8

Замена на дозволи, прилагодување на права, курсеви за обука и програми за компетентноста во одредена единица

1. Земјите–членки ги заменуваат дозволите споменати во член 7(1) со дозволи кои се во сообразност со форматот утврден во Додаток 1 кон Анекс II кон оваа регулатива најдоцна до 31 декември 2015 година, или 31 декември 2016 година, ако земјите–членки го користат отстапувањето наведено во член 11(2).

2. Земјите–членки ги заменуваат уверенијата за организациите за обука на контролори на летањето споменати во член 7(3) со уверенија кои се во сообразност со форматот утврден во Додаток 2 кон Анекс II кон оваа регулатива најдоцна до 31 декември 2015 година, или 31 декември 2016 година, ако земјите–членки го користат отстапувањето наведено во член 11(2).

3. Земјите–членки ги заменуваат уверенијата за овластени лекари за процена на здравствената способност и уверенијата за воздухопловно–медицинските центри споменати во член 7(3) со уверенија кои се во сообразност со форматот утврден во Додаток 3 и Додаток 4 од Анекс II кон оваа регулатива најдоцна до 31 декември 2015 година, или 31 декември 2016 година, ако земјите–членки го користат отстапувањето наведено во член 11(2).

4. Надлежните органи вршат конверзија на правата на испитувачите и проценувачите за почетна обука согласно член 20 од Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 на Комисијата и за испитувачите на компетентноста и проценувачите на компетентноста за обука за одредена единица и за континуирана обука кои се одобрени од надлежниот орган согласно член 24 од Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011, во права на посебно овластување за оценувач–испитувач согласно оваа регулатива, ако е соодветно, најдоцна до 31 декември 2015 година, или 31 декември 2016 година, ако земјите–членки го користат отстапувањето наведено во член 11(2).

5. Надлежните органи може да вршат конверзија на правата на националните инструктори за обука на симулатор и на синтетички уреди за обука во права на посебно

Прилог 2

овластување за инструктор на синтетички уред за обука согласно оваа регулатива, ако е соодветно, најдоцна до 31 декември 2015 година, или 31 декември 2016 година, ако земјите–членки го користат отстапувањето наведено во член 11(2).

6. Давателите на услуги на воздухопловната навигација ги прилагодуваат своите програми за одржување на компетентноста во одредена единица со цел придржување кон условите од оваа регулатива најдоцна до 31 декември 2015 година, или 31 декември 2016 година, ако земјите–членки го користат отстапувањето наведено во член 11(2).

7. Организациите за обука на контролори на летањето ги прилагодуваат своите планови за обука со цел придржување кон условите од оваа регулатива најдоцна до 31 декември 2015 година, или 31 декември 2016 година, ако земјите–членки го користат отстапувањето наведено во член 11(2).

8. Уверенијата за завршени курсеви за обука кои започнале пред примената на оваа регулатива согласно Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 се прифаќаат за целите за издавање на соодветните дозволи, овластувања и посебни овластувања согласно оваа регулатива, под услов дека обуката и оценувањето завршиле до 30 јуни 2016 година, или 30 јуни 2017 година, ако земјите–членки го користат отстапувањето наведено во член 11(2)

Член 9

Измена на Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата

Во член 2 од Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата, точка 104 се заменува со следното:

„104. „психоактивна супстанца“ е алкохол, опојни средства, канабионоиди, седативи и средства за успивање, кокаин, други психостимуланси, халуциногени и испарливи раствори, со исклучок на кофеин и тутун;"

Член 10

Укинување

Се укинува Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011.

Член 11

Влегување во сила и примена

1. Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

Таа се применува од 30 јули 2015 година.

2. По пат на отстапување од наведеното во став 1, земјите–членки може да решат да не ги применуваат Анексите I до IV, во целост или делумно, пред 31 декември 2016 година.

Ако земја–членка ја користи оваа можност, таа за тоа ги известува Комисијата и Агенцијата, и тоа најдоцна до 1 јули 2015 година. Во известувањето се опишува обемот на отстапување (отстапувања), како и програмата за спроведување во која се наведени планираните активности и роковите за нивно спроведување. Во тој случај, и понатаму се применуваат односните одредби од Регулатива (ЕУ) бр. 805/2011 на Комисијата.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји–членки

Прилог 2

Брисел, 20 февруари 2015 година.

За Комисијата
Претседател
Жан–Клод ЈУНКЕР

Прилог 2

СОДРЖИНА

АНЕКС I –	**ДЕЛ АТСО – УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО**	18
ПОДДЕЛ А – ОПШТИ УСЛОВИ		18
АТСО.А.001	Обем	18
АТСО.А.005	Барање за издавање на дозволи, овластувања и посебни овластувања	18
АТСО.А.010	Замена на дозвола	18
АТСО.А.015	Користење на правата од дозволите и привремена неспособност	19
АТСО.А.020	Повлекување и привремено одземање на дозволи, овластувања и посебни овластувања	19
ПОДДЕЛ В – ЛИЦЕНЦИ, ОВЛАСТУВАЊА И ПОСЕБНИ ОВЛАСТУВАЊА		20
АТСО.В.001	Дозвола на студент–контролор на летање	20
АТСО.В.005	Дозвола на контролор на летање	20
АТСО.В.010	Овластувања на контролор на летање	21
АТСО.В.015	Придружни овластувања	22
АТСО.В.020	Посебни овластувања за одредена единица	23
АТСО.В.025	Програма за одржување на компетентноста на одредена единица	24
АТСО.В.030	Посебно овластување за познавање на јазик	25
АТСО.В.035	Период на важноста на посебното овластување за познавање на јазик	26
АТСО.В.040	Оценување на познавањето на јазик	27
АТСО.В.045	Обука за познавање на јазик	27
ПОДДЕЛ С –	УСЛОВИ ЗА ИНСТРУКТОРИ И ОЦЕНУВАЧИ–ИСПИТУВАЧИ	27
ОДДЕЛ 1 –	ИНСТРУКТОРИ	27
АТСО.С.001	Инструктори за настава по теоретско познавање	27
АТСО.С.005	Инструктори за практична обука	27
АТСО.С.010	Права на инструкторот за обука на работно место (OJTI)	28
АТСО.С.015	Барање за издавање на посебно овластување за инструктор за обука на работно место	28
АТСО.С.020	Период на важност на посебното овластување за инструктор за обука на работно место	28
АТСО.С.025	Привремено одобрение за OJTI	29
АТСО.С.030	Права на инструкторот за обука на синтетички уреди за обука (STDI)	29
АТСО.С.035	Барање за издавање на посебно овластување за инструктор за обука на синтетички уреди за обука	30
АТСО.С.040	Период на важност на посебното овластување за инструктор за обука на синтетички уреди за обука	30
ОДДЕЛ 2 –	ОЦЕНУВАЧИ–ИСПИТУВАЧИ	30
АТСО.С.045	Права на оценувачите–испитувачите	30
АТСО.С.050	Лични интереси	31
АТСО.С.055	Барање за посебно овластување на оценувач–испитувач	31
АТСО.С.060	Период на важност на посебното овластување на оценувач–испитувач	32
АТСО.С.065	Привремено одобрение за оценувач–испитувач	32
ПОДДЕЛ D –	ОБУКА НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ	33

Прилог 2

ОДДЕЛ 1 –	ОПШТИ УСЛОВИ	33
ATCO.D.001	Цели на обуката на контролорите на летање	33
ATCO.D.005	Видови на обука за контролорите на летање	33
ОДДЕЛ 2 –	УСЛОВИ ЗА ПОЧЕТНА ОБУКА	34
ATCO.D.010	Структура на почетната обука	34
ATCO.D.015	План на почетната обука	35
ATCO.D.020	Курсеви за основна обука и обука за овластување	35
ATCO.D.025	Испити и проценка на основната обука	36
ATCO.D.030	Цели на ефикасноста на основната обука	36
ATCO.D.035	Испити и проценка на обуката за овластување	37
ATCO.D.040	Цели на ефикасноста на обуката за овластување	37
ОДДЕЛ 3 –	УСЛОВИ ЗА ОБУКА ЗА ОДРЕДЕНА ЕДИНИЦА	38
ATCO.D.045	Содржина на обуката за одредена единица	38
ATCO.D.050	Предуслови за обука за одредена единица	38
ATCO.D.055	План на обука за одредена единица	39
ATCO.D.060	Курс за посебно овластување за одредена единица	39
ATCO.D.065	Докажување на теоретско познавање и разбирање	40
ATCO.D.070	Проценки за време на курсевите за посебно овластување за одредена единица	40
ОДДЕЛ 4 –	УСЛОВИ ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА	40
ATCO.D.075	Континуирана обука	40
ATCO.D.080	Обука за обновување на знаењата	41
ATCO.D.085	Обука за конверзија	41
ОДДЕЛ 5 –	ОБУКА НА ИНСТРУКТОРИ И ОЦЕНУВАЧИ–ИСПИТУВАЧИ	41
ATCO.D.090	Обука на инструктори по практична настава	41
ATCO.D.095	Обука на оценувачи–испитувачи	42
ДОДАТОК 1 кон Анекс I –	СКАЛА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НИВОТО НА ПОЗНАВАЊЕ НА ЈАЗИКОТ – УСЛОВИ ЗА ПОЗНАВАЊЕ НА ЈАЗИК	42
ДОДАТОК 2 кон Анекс I –	ОСНОВНА ОБУКА	45
Предмет 1 –	ВОВЕД ВО КУРСОТ	45
Предмет 2 –	ВОЗДУХОПЛОВНО ПРАВО	45
Предмет 3 –	УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ	46
Предмет 4 –	МЕТЕОРОЛОГИЈА	47
Предмет 5 –	НАВИГАЦИЈА	47
Предмет 6 –	ВОЗДУХОПЛОВИ	48
Предмет 7 –	ЧОВЕЧКИ ФАКТОРИ	49
Предмет 8 –	ОПРЕМА И СИСТЕМИ	49
Предмет 9 –	ПРОФЕСИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ	50
ДОДАТОК 3 кон Анекс I –	ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА АЕРОДРОМСКА ВИЗУЕЛНА КОНТРОЛА (ADV)	52
Предмет 1 –	ВОВЕД ВО КУРСОТ	52
Предмет 2 –	ВОЗДУХОПЛОВНО ПРАВО	52
Предмет 3 –	УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ	53
Предмет 4 –	МЕТЕОРОЛОГИЈА	54
Предмет 5 –	НАВИГАЦИЈА	54
Предмет 6 –	ВОЗДУХОПЛОВИ	54
Предмет 7 –	ЧОВЕЧКИ ФАКТОРИ	54
Предмет 8 –	ОПРЕМА И СИСТЕМИ	55
Предмет 9 –	ПРОФЕСИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ	55
Предмет 10 –	НЕВООБИЧАЕНИ И СИТУАЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ОПАСНОСТ	56
Предмет 11 –	АЕРОДРОМИ	56
ДОДАТОК 4 кон Анекс I –	ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА АЕРОДРОМСКА	57

Прилог 2

ИНСТРУМЕНТАЛНА КОНТРОЛА ЗА КУЛА ADI(TWR)	
Предмет 1 – ВОВЕД ВО КУРСОТ	57
Предмет 2 – ВОЗДУХОПЛОВНО ПРАВО	57
Предмет 3 – УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ	58
Предмет 4 – МЕТЕОРОЛОГИЈА	59
Предмет 5 – НАВИГАЦИЈА	59
Предмет 6 – ВОЗДУХОПЛОВИ	59
Предмет 7 – ЧОВЕЧКИ ФАКТОРИ	60
Предмет 8 – ОПРЕМА И СИСТЕМИ	60
Предмет 9 – ПРОФЕСИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ	61
Предмет 10 – НЕВООБИЧАЕНИ И СИТУАЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ОПАСНОСТ	61
Предмет 11 – АЕРОДРОМИ	61
ДОДАТОК 5 кон Анекс I – ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПРИОДНА ПРОЦЕДУРАЛНА КОНТРОЛА (APP)	63
Предмет 1 – ВОВЕД ВО КУРСОТ	63
Предмет 2 – ВОЗДУХОПЛОВНО ПРАВО	63
Предмет 3 – УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ	64
Предмет 4 – МЕТЕОРОЛОГИЈА	65
Предмет 5 – НАВИГАЦИЈА	65
Предмет 6 – ВОЗДУХОПЛОВИ	65
Предмет 7 – ЧОВЕЧКИ ФАКТОРИ	65
Предмет 8 – ОПРЕМА И СИСТЕМИ	66
Предмет 9 – ПРОФЕСИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ	66
Предмет 10 – НЕВООБИЧАЕНИ И СИТУАЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ОПАСНОСТ	67
Предмет 11 – АЕРОДРОМИ	67
ДОДАТОК 6 кон Анекс I – ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОБЛАСНА ПРОЦЕДУРАЛНА КОНТРОЛА (ACP)	68
Предмет 1 – ВОВЕД ВО КУРСОТ	68
Предмет 2 – ВОЗДУХОПЛОВНО ПРАВО	68
Предмет 3 – УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ	69
Предмет 4 – МЕТЕОРОЛОГИЈА	70
Предмет 5 – НАВИГАЦИЈА	70
Предмет 6 – ВОЗДУХОПЛОВИ	70
Предмет 7 – ЧОВЕЧКИ ФАКТОРИ	70
Предмет 8 – ОПРЕМА И СИСТЕМИ	71
Предмет 9 – ПРОФЕСИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ	71
Предмет 10 – НЕВООБИЧАЕНИ И СИТУАЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ОПАСНОСТ	72
ДОДАТОК 7 кон Анекс I – ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПРИОДНА НАДЗОРНА КОНТРОЛА (APS)	73
Предмет 1 – ВОВЕД ВО КУРСОТ	73
Предмет 2 – ВОЗДУХОПЛОВНО ПРАВО	73
Предмет 3 – УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ	74
Предмет 4 – МЕТЕОРОЛОГИЈА	75
Предмет 5 – НАВИГАЦИЈА	75
Предмет 6 – ВОЗДУХОПЛОВИ	75
Предмет 7 – ЧОВЕЧКИ ФАКТОРИ	76
Предмет 8 – ОПРЕМА И СИСТЕМИ	76
Предмет 9 – ПРОФЕСИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ	77
Предмет 10 – НЕВООБИЧАЕНИ И СИТУАЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ОПАСНОСТ	77
Предмет 11 – АЕРОДРОМИ	77
ДОДАТОК 8 кон Анекс I – ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ОБЛАСНА НАДЗОРНА	79

Прилог 2

КОНТРОЛА (ACS)	
Предмет 1 – ВОВЕД ВО КУРСОТ	79
Предмет 2 – ВОЗДУХОПЛОВНО ПРАВО	79
Предмет 3 – УПРАВУВАЊЕ СО ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ	80
Предмет 4 – МЕТЕОРОЛОГИЈА	81
Предмет 5 – НАВИГАЦИЈА	81
Предмет 6 – ВОЗДУХОПЛОВИ	81
Предмет 7 – ЧОВЕЧКИ ФАКТОРИ	81
Предмет 8 – ОПРЕМА И СИСТЕМИ	82
Предмет 9 – ПРОФЕСИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ	83
Предмет 10 – НЕВООБИЧАЕНИ И СИТУАЦИИ ВО СЛУЧАЈ НА ОПАСНОСТ	83
АНЕКС II – ДЕЛ АТСО.AR – УСЛОВИ ЗА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ	84
ПОДДЕЛ А – ОПШТИ УСЛОВИ	84
АТСО.AR.A.001 Обем	84
АТСО.AR.A.005 Персонал	84
АТСО.AR.A.010 Задачи на надлежниот орган	84
АТСО.AR.A.015 Начини на придржување	85
АТСО.AR.A.020 Известување до Агенцијата	86
АТСО.AR.A.025 Моментална реакција на проблем поврзан со безбедноста	84
ПОДДЕЛ В – УПРАВУВАЊЕ	87
АТСО.AR.B.001 Систем на управување	87
АТСО.AR.B.005 Доделување на задачи на квалификувани субјекти	88
АТСО.AR.B.010 Измени во системот на управување	88
АТСО.AR.B.015 Водење на евиденција	89
ПОДДЕЛ С – НАДЗОР И ПРИНУДНИ МЕРКИ	90
АТСО.AR.C.001 Надзор	90
АТСО.AR.C.005 Програма за надзор	90
АТСО.AR.C.010 Наоди и принудни мерки за персоналот	91
ПОДДЕЛ D – ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ, ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ И ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ, ОВЛАСТУВАЊА И ПОСЕБНИ ОВЛАСТУВАЊА	92
АТСО.AR.D.001 Процедура за издавање, продолжување и обновување на дозволи, овластувања, посебни овластувања и овластувања	92
АТСО.AR.D.005 Повлекување и привремено одземање на дозволи, овластувања и посебни овластувања	93
ПОДДЕЛ Е – ПРОЦЕДУРА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЈА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ И ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КУРСЕВИ ЗА ОБУКА	93
АТСО.AR.E.001 Поднесување на барање и постапка за издавање на уверение за организации за обука	93
АТСО.AR.E.005 Одобрение на курсеви за обука и на планови за обука	94
АТСО.AR.E.010 Измени во организациите за обука	94
АТСО.AR.E.015 Наоди и принудни мерки	94
ПОДДЕЛ F – ПОСЕБНИ УСЛОВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНО–МЕДИЦИНСКИ УВЕРЕНИЈА	96
ОДДЕЛ 1 – ОПШТИ УСЛОВИ	96
АТСО.AR.F.001 Воздухопловно–медицински центри и издавање на воздухопловно– медицински уверенија	96
ОДДЕЛ 2 – ДОКУМЕНТАЦИЈА	96
АТСО.AR.F.005 Лекарско уверение	96
АТСО.AR.F.010 Уверение на АМЕ	97
АТСО.AR.F.015 Уверение на АеМС	97
АТСО.AR.F.020 Воздухопловно–медицински обрасци	97
ДОДАТОК 1 кон Анекс II – Образец на дозвола	98

Прилог 2

ДОЗВОЛА НА КОНТРОЛОР НА ЛЕТАЊЕ	
ДОДАТОК 2 кон Анекс II – НА	УВЕРЕНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОБУКА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО (ATCO TOs) 104
ДОДАТОК 3 кон Анекс II – СПОСОБНОСТ	УВЕРЕНИЕ ЗА ОВЛАСТЕНИ ЛЕКАРИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА (AMEs) 107
ДОДАТОК 4 кон Анекс II –	УВЕРЕНИЕ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНО– МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТРИ (AeMCs) 109
АНЕКС III – ДЕЛ ATCO.OR – УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ОБУКА НА ЦЕНТРИ	КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ И ВОЗДУХОПЛОВНО– МЕДИЦИНСКИТЕ 110
ПОДДЕЛ A – ОПШТИ УСЛОВИ	110
ATCO.OR.A.001 Обем	110
ПОДДЕЛ B – УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ	110
ATCO.OR.B.001 Поднесување на барање за уверение на организација за обука	110
ATCO.OR.B.005 Начини на придржување	111
ATCO.OR.B.010 Услови на одобрението и права на организацијата за обука врз основа на уверението	111
ATCO.OR.B.015 Измени во организацијата за обука	111
ATCO.OR.B.020 Континуирана важност	112
ATCO.OR.B.025 Пристап до просториите и податоците на организација за обука	112
ATCO.OR.B.030 Наоди	112
ATCO.OR.B.035 Моментална реакција на проблем поврзан со безбедноста	112
ATCO.OR.B.040 Пријавување на настани	113
ПОДДЕЛ C – УПРАВУВАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО	113
ATCO.OR.C.001 Систем за управување во организација за обука	113
ATCO.OR.C.005 Договорни активности	114
ATCO.OR.C.010 Услови за персоналот	114
ATCO.OR.C.015 Простории и опрема	114
ATCO.OR.C.020 Водење на евиденција	115
ATCO.OR.C.025 Финансирање и осигурување	115
ПОДДЕЛ D – УСЛОВИ ЗА КУРСЕВИ ЗА ОБУКА И ЗА ПЛАНОВИ ЗА ОБУКА	115
ATCO.OR.D.001 Услови за курсеви за обука и за планови за обука	115
ATCO.OR.D.005 Резултати од испитите и процените и уверенија	116
ПОДДЕЛ E – УСЛОВИ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНО–МЕДИЦИНСКИТЕ ЦЕНТРИ	116
ATCO.OR.E.001 Воздухопловно–медицински центри	116
АНЕКС IV – ДЕЛ ATCO.MED – УСЛОВИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА СПОСОБНОСТ НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ	117
ПОДДЕЛ A – ОПШТИ УСЛОВИ	117
ОДДЕЛ 1 – ОПШТО	117
ATCO.MED.A.001 Надлежен орган	117
ATCO.MED.A.005 Обем	117
ATCO.MED.A.010 Дефиниции	117
ATCO.MED.A.015 Лекарска тајна	118
ATCO.MED.A.020 Намалување на здравствената способност	118
ATCO.MED.A.025 Обврски на AeMC и AME	119
ОДДЕЛ 2 – УСЛОВИ ЗА ЛЕКАРСКИ УВЕРЕНИЈА	120
ATCO.MED.A.030 Лекарски уверенија	120

Прилог 2

ATCO.MED.A.035 Барање за лекарско уверение	120
ATCO.MED.A.040 Издавање, продолжување и обновување на лекарски уверенија	121
ATCO.MED.A.045 Период на важност, продолжување и обновување на лекарски уверенија	121
ATCO.MED.A.046 Привремено одземање или повлекување на лекарско уверение	122
ATCO.MED.A.050 Упатување	122
ПОДДЕЛ B – УСЛОВИ ЗА ЛЕКАРСКИ УВЕРЕНИЈА НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ	123
ОДДЕЛ 1 – ОПШТО	123
ATCO.MED.B.001 Ограничувања на лекарските уверенија	123
ОДДЕЛ 2 – ЗДРАВСТВЕНИ УСЛОВИ ЗА ЛЕКАРСКИ УВЕРЕНИЈА – КЛАСА 3	124
ATCO.MED.B.005 Општо	124
ATCO.MED.B.010 Кардиоваскуларен систем	124
ATCO.MED.B.015 Респираторен систем	127
ATCO.MED.B.020 Дигестивен систем	128
ATCO.MED.B.025 Заболувања во врска со метаболизмот и ендрокините жлезди	128
ATCO.MED.B.030 Хематологија	129
ATCO.MED.B.035 Генито–уринарен систем	129
ATCO.MED.B.040 Инфективни болести	130
ATCO.MED.B.045 Акушерство и гинекологија	130
ATCO.MED.B.050 Мускуло–скелетен систем	130
ATCO.MED.B.055 Психијатрија	130
ATCO.MED.B.060 Психологија	131
ATCO.MED.B.065 Неврологија	131
ATCO.MED.B.070 Систем за вид	132
ATCO.MED.B.075 Распознавање на бои	133
ATCO.MED.B.080 Оториноларингологија	133
ATCO.MED.B.085 Дерматологија	134
ATCO.MED.B.090 Онкологија	135
ПОДДЕЛ C – ОВЛАСТЕНИ ЛЕКАРИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ (AMEs)	136
ATCO.MED.C.001 Права	136
ATCO.MED.C.005 Поднесување на барање	136
ATCO.MED.C.010 Услови за издавање на уверение за AME	136
ATCO.MED.C.015 Курсеви за обука по воздухопловна медицина	137
ATCO.MED.C.020 Измени на уверението за AME	137
ATCO.MED.C.025 Период на важност на уверенијата за AME	137

АНЕКС I

ДЕЛ ATCO (ДЕЛ ATЦО)

УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО

ПОДДЕЛ A

ОПШТИ УСЛОВИ

ATCO.A.001 Обем

Прилог 2

Во овој дел, наведен во овој анекс, се утврдуваат условите за издавање, повлекување и привремено одземање на дозволите на студентите–контролори на летање и на контролорите на летањето, нивните придружни овластувања и посебни овластувања, како и условите за периодот на важноста и користење на истите.

ATCO.A.005 Барање за издавање на дозволи, овластувања и посебни овластувања

(а) Барањето за издавање на дозволи, овластувања и посебни овластувања се поднесува до надлежниот орган согласно постапките кои тој орган ги утврдил.

(б) Барањето за издавање на дополнителни овластувања или посебни овластувања, за продолжување или обновување на посебните овластувања и за повторно издавање на дозволата се поднесува до надлежниот орган кој ја издал таа дозвола.

(в) Дозволата останува во сопственост на лицето на кое му е издадена, освен ако надлежниот орган не ја повлече. Имателот на дозволата се потпишува на дозволата.

(г) Во дозволата се наведуваат сите релевантни податоци кои се однесуваат на правата кои се даваат со дозволата и истата се придржува кон условите наведени во Додаток 1 кон Анекс II.

ATCO.A.010 Замена на дозволи

(а) Ако имателот на дозволата треба да ги користи правата од дозволата во земја–членка во која надлежниот орган не е оној кој ја издал дозволата, имателот на дозволата поднесува барање за замена на својата дозвола со дозвола што ја издава надлежниот орган на земјата–членка во која треба да се користат правата согласно постапката утврдена од тој орган, освен ако не е поинаку предвидено во спогодбите склучени помеѓу земјите–членки. За таа цел, инволвираните органи ги споделуваат меѓу себе битните информации кои се потребни за да се изврши замената на дозволите согласно постапките наведени во ATCO.AR.B.001(в).

(б) За потребите за замена и за користење на правата од дозволата во земја–членка во која не е издадена дозволата, имателот на дозволата мора да ги исполнува условите за познавање на јазик наведени во ATCO.B.030 кои ги утврдила односната земја–членка.

(в) Во новата дозвола се опфатени овластувањата, придружните овластувања, посебните овластувања на дозволата и сите важечки посебни овластувања за одредена единица во дозволата, вклучувајќи го и датумот на првото издавање и истекот на важноста, ако е применливо.

(г) По добивањето на новата дозвола, имателот на дозволата поднесува барање наведено во ATCO.A.005 заедно со својата дозвола за контролор на летањето со цел да добие нови овластувања, придружни овластувања, посебни овластувања во дозволата или посебни овластувања за одредена единица.

(д) По извршената замена, претходно издадената дозвола се враќа кај надлежниот орган кој ја издал дозволата.

ATCO.A.015 Користење на правата од дозволите и привремена неспособност

Прилог 2

(а) Користењето на правата кои ги дава дозволата зависи од периодот на важноста на овластувањата, посебните овластувања и на лекарското уверение.

(б) Имателите на дозволи не смеат да ги користат правата од своите дозволи кога се сомневаат во својата способност за безбедно користење на правата од дозволата и во ваков случај веднаш го известуваат односниот давател на услуги на воздухопловната навигација за привремената неспособност за користење на правата од своите дозволи.

(в) Давателите на услуги на воздухопловната навигација може да прогласат привремена неспособност на имателот на дозволата, ако се сомневаат во способноста на имателот на дозволата за безбедно користење на правата од дозволата.

(г) Давателите на услуги на воздухопловната навигација подготвуваат и спроведуваат објективни, транспарентни и недискриминаторски постапки со кои на имателите на дозвола им се овозможува прогласување на привремена неспособност за користење на правата од своите дозволи согласно точка (б), прогласување на привремената неспособност на имателот на дозволата согласно точка (в), управување со оперативното влијание кое се јавува заради случаите на привремена неспособност и за известување на надлежниот орган како што е утврдено во таа постапка.

(д) Постапките споменати во точка (г) се составен дел од програмата за одржување на компетентноста во одредена единица согласно ATCO.B.025(a)(13).

ATCO.A.020 Повлекување и привремено одземање на дозволи, овластувања и посебни овластувања

(а) Надлежниот орган може привремено да одземе дозволи или да повлече дозволи, овластувања и посебни овластувања согласно ATCO.AR.D.005 кога имателот на дозволата не се придржува кон условите наведени во овој дел.

(б) Ако се повлече дозволата на имателот на дозвола, тој веднаш ја враќа дозволата кај надлежниот орган согласно административните постапки утврдени од тој орган.

(в) Со издавањето на дозвола на контролор на летањето се повлекува дозволата за студент–контролор на летање, која се враќа кај надлежниот орган кој ја издава дозволата за контролор на летањето.

Прилог 2

ПОДДЕЛ В

ДОЗВОЛИ, ОВЛАСТУВАЊА И ПОСЕБНИ ОВЛАСТУВАЊА

АТСО.В.001 Дозвола на студент–контролор на летање

(а) Имателите на дозвола на студент–контролор на летање се овластени да даваат услуги на контролата на летање под надзор на инструктор за обука на работно место согласно овластувањето (овластувањата) и придружното овластување (придружните овластувања) кои се впишани во нивната дозвола и да посетуваат обука за придружно овластување (придружни овластувања).

(б) Кандидатите за стекнување на дозвола на студент–контролор на летање:

(1) имаат најмалку 18 години;

(2) успешно ја завршиле почетната обука во организација за обука која ги исполнува условите наведени во Анекс III (Дел АТСО.OR) соодветни за овластувањето, и ако е применливо, придружното овластување, како што е наведено во Дел АТСО, Поддел Г, Оддел 2;

(3) имаат важечко лекарско уверение;

(4) покажале соодветно ниво на познавање на јазик согласно условите наведени во АТСО.В.030.

(в) Дозволата на студент–контролор на летање содржи посебно овластување (посебни овластувања) за познавање на јазик и најмалку едно овластување и, ако е применливо, едно придружно овластување.

(г) Имателот на дозвола на студент–контролор на летање кој, во рок од една година од датумот на издавање на истата, не започнал да ги користи правата од таа дозвола или прекинал да ги користи овие права во период подолг од една година, може да започне или да продолжи обука за одредена единица за тоа овластување, само по проценка на неговата претходна компетентност, која обука ја спроведува организација за обука која ги исполнува условите наведени во Анекс III (АТСО.OR) и има уверение за спроведување на почетна обука соодветна за овластувањето, со која се потврдува дали лицето и понатаму ги исполнува условите поврзани со тоа овластување, и по исполнување на сите услови за обуката кои се резултат од таа проценка.

АТСО.В.005 Дозвола на контролор на летањето

(а) Имателите на дозвола за контролор на летање се овластени да даваат услуги на контролата на летање согласно придружните овластувања од нивната дозвола, и да ги користат правата од посебните овластувања кои се содржат во истата.

(б) Правата од дозвола на контролор на летање ги опфаќаат и правата од дозвола на студент–контролор на летање како што е наведено во АТСО.В.001(а);

(в) Кандидатите за прво издавање на дозвола на контролор на летање:

(1) имаат дозвола на студент–контролор на летање;

(2) успешно завршиле курс за овластување за одредена единица и со успех ги положиле односните испити и проценки согласно условите наведени во Дел АТСО, Поддел D, Оддел 3;

Прилог 2

(3) имаат важечко лекарско уверение;

(4) покажале соодветно ниво на познавање на јазик согласно условите наведени во ATCO.B.030.

(г) Важноста на дозволата на контролор на летање се потврдува со впишување на едно или повеќе овластувања и соодветното овластување, посебни овластувања за одредена единица и за познавање на јазик за кои обуката била успешна.

(д) Имателот на дозвола на контролор на летањето кој, во рок од една година од датумот на издавање на истата, не започнал да ги користи правата од кое било овластување, може да започне со обука за одредена единица за тоа овластување само по проценка на неговата претходна компетентност, која ја спроведува организација за обука која ги исполнува условите наведени во Анекс III (ATCO.OR) и има уверение за спроведување на почетна обука соодветна за овластувањето, со која се потврдува дали лицето и понатаму ги исполнува условите поврзани со тоа овластувањето, и после исполнување на сите услови за обуката кои се резултат од таа проценка.

ATCO.B.010 Овластувања на контролор на летањето

(а) Дозволите содржат едно или повеќе од следниве овластувања со цел да се определи типот на услугата за која имателот е овластен да ја дава:

(1) овластување за аеродромска визуелна контрола (ADV) (Aerodrome Vizual Control), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуга на контролата на летање за аеродромскиот сообраќај, на аеродром кој нема објавени процедури за приод и заминување по инструмент;

(2) овластување за аеродромска инструментална контрола (ADI) (Aerodrome Control Instrument), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуга на контролата на летање за аеродромскиот сообраќај, на аеродром кој има објавени процедури за приод по инструменти и процедури за заминување, и истото е придружено со најмалку едно од придружните овластувања опишани во член ATCO.B.015(a);

(3) овластување за приодна процедурална контрола (APP) (Approach Control Procedural), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуга на контролата на летање на воздухоплови кои пристигнуваат, заминуваат или прелетуваат, без користење на опрема за надзор;

(4) овластување за приодна надзорна контрола (APS) (Approah Control Surveillance), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуга на контролата на летање на воздухоплови кои пристигнуваат, заминуваат или прелетуваат, со користење на опрема за надзор;

(5) овластување за обласна процедурална контрола (ACP) (Area Control Procedural), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуга на контролата на летање на воздухоплови без користење на опрема за надзор;

(6) овластување за обласна надзорна контрола (ACS) (Area Control Surveillance), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуга на контролата на летање на воздухоплови со користење на опрема за надзор.

(б) Имателот на овластување кој во текот на четири или повеќе последователни

Прилог 2

години прекинал да ги користи правата поврзани со тоа овластување може да отпочне со обука за одредена единица на контролата на летање во тоа овластување, само по соодветна проценка на претходната компетентност, која ја спроведува организација за обука која ги исполнува условите наведени во Анекс III (ATCO.OR) и има уверение за спроведување на обука соодветна за овластувањето, со која се потврдува дали односното лице и понатаму ги исполнува условите поврзани со тоа овластување, и по исполнување на сите услови за обуката кои произлегуваат од таа проценка.

ATCO.B.015 Придружни овластувања

(а) Овластувањето за аеродромска инструментална контрола (ADI) содржи барем едно од следните придружни овластувања:

(1) придружно овластување за контрола на воздухоплови во лет (AIR) (Air Control), со коешто се докажува дека имателот е стручен да дава услуги на контролата на летање, околу аеродром и на полетно–слетната патека;

(2) придружно овластување за контрола на движењето по земја (GMC) (Ground Movement Control), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да врши контрола на движењето по земја (по маневарските површини и на платформа);

(3) придружно овластување за контролна кула (TWR) (Tower Control), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуги на аеродромската контрола. Придружното овластување за TWR ги опфаќа и правата од овластувањата за AIR и GMC;

(4) придружно овластување за надзорна контрола на движењето по земја (GMS) (Ground Movement Surveillance), кое се дава како додаток на придружното овластување за контрола на движењето по земја (GMC) или на придружното овластување за контролна кула (TWR), со кое се докажува дека имателот е стручен да врши контрола на движењето по земја со помош на аеродромските системи за водење на движењето по маневарските површини;

(5) придружно овластување за аеродромска радарска контрола (RAD) (Aerodrome Radar Control), кое се дава како додаток на придружното овластување за контрола на воздухоплови во лет и на придружното овластување за контролна кула, и со коешто се докажува дека имателот е стручен да дава услуги на аеродромската контрола со помош на надзорна опрема – радар;

(б) Овластувањето за приодната надзорна контрола (APS) содржи барем едно од следните придружни овластувања:

(1) придружно овластување за прецизен приоден радар (Precision Approach Radar endorsement – PAR), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуги за прецизен приод, контролиран од земја, на воздухоплови во завршниот приод на полетно–слетната патека, со користење на опрема за прецизен приоден радар;

(2) придружно овластување за приод по надзорен радар (Surveillance Radar Approach endorsement – SRA), со кое се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуги за непрецизен приод, контролиран од земја, на воздухоплови при завршниот приод на полетно–слетната патека, со користење на надзорна опрема;

Прилог 2

(3) придружно овластување за терминална контрола (Terminal Control endorsement – TCL), со коешто се докажува дека имателот е стручен за давање на услуги на контролата на летање на воздухоплови кои летаат во определена терминална зона и/или во соседните сектори, со помош на надзорна опрема.

(в) Овластувањето за обласна процедурална контрола (ACP) (Area Control Procedural) може да го опфаќа и придружното овластување за океанска контрола (Oceanic Control – OCN), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуги на контролата на летањето на воздухоплови кои летаат во област на океанска контрола (Oceanic Control Area).

(г) Овластувањето за обласна надзорна контрола (ACS) може да опфаќа барем едно од следните посебни овластувања:

(1) придружно овластување за Терминална контрола (Terminal Control endorsement – TCL), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуги на контролата на летање на воздухоплови кои летаат во определена терминална зона и/или во соседните сектори, со користење на каква било опрема за надзор;

(2) придружно овластување за Океанска контрола (Oceanic Control – OCN), со коешто се докажува дека имателот на дозволата е стручен да дава услуги на контролата на летање на воздухоплови кои летаат во област на океанска контрола.

ATCO.B.020 Посебни овластувања за одредена единица

(а) Со посебното овластување за одредена единица се овластува имателот на дозволата да дава услуги на контролата на летање за определен сектор, група на сектори и/или работни места кои се под одговорност на единица на контролата на летање.

(б) Кандидатите за посебно овластување за одредена единица треба со успех да го завршиле курсот за стекнување на посебно овластување за одредена единица согласно условите наведени во Дел ATCO, Поддел D, Оддел 3.

(в) По замена на дозвола наведено во ATCO.A.010, кандидатите за посебно овластување за одредена единица, покрај условите наведени во точка (б), ги исполнуваат и условите наведени во ATCO.D.060(ѓ).

(г) За контролорите на летањето кои даваат услуги на контролата на летање на воздухоплови кои вршат пробни летови, надлежниот орган, покрај условите наведени во точка (б), може да постави дополнителни услови кои контролорите на летањето треба да ги исполнат.

(д) Периодот на важноста на посебно овластување за одредена единица се утврдува во програмата за одржување на компетентноста на одредена единица. Овој период не смее да е подолг од три години.

(ѓ) Периодот на важноста на посебно овластување за одредена единица во случај на прво издавање и за продолжување започнува најдоцна 30 дена од денот на успешно завршената проценка.

(е) Посебните овластувања за одредена единица се продолжуваат ако:

(1) кандидатот ги користел правата од дозволата во минимален број на часови како

Прилог 2

што е определено во програмата за одржување на компетентноста на одредена единица;

(2) кандидатот бил на обука за обновување на знаењата во периодот на важноста на посебното овластување за одредена единица согласно програмата за одржување на компетентноста на одредена единица;

(3) компетентноста на кандидатот е проценета согласно програмата за одржување на компетентноста на одредена единица, најрано три месеци пред датумот на истекот на посебното овластување за одредена единица.

(ж) Посебното овластување за одредена единица се продолжува под услов да се исполнети условите наведени во точка (е), во период од 3 месеци непосредно пред датумот на истекот на периодот на истото. Во вакви случаи периодот на важноста се смета од датумот на истекот.

(з) Ако посебното овластување за одредена единица се продолжува пред периодот предвиден во точка (ж), периодот на важноста започнува најдоцна 30 дена од датумот на успешно завршена проценка, под услов да се исполнети и условите наведени во точка (е)(1) и (2).

(s) Ако истече периодот на важност на посебно овластување за одредена единица, имателот на дозволата за да го обнови треба успешно да го заврши курсот за посебно овластување за одредена единица согласно условите наведени во Дел ATCO, Поддел D, Оддел 3.

ATCO.B.025 Програма за одржување на компетентноста на одредена единица

(а) Програмите за одржување на компетентноста на одредена единица ги утврдува давателот на услуги на воздухопловната навигација, а надлежниот орган ги одобрува. Тие ги содржат најмалку следните елементи:

(1) периодот на важноста на посебното овластување за одредена единица согласно ATCO.B.020(д);

(2) најдолгиот континуиран период во кој не се користат правата од посебното овластување за време на периодот на важноста на истото. Овој период не смее да е подолг од 90 календарски денови.

(3) најмалиот број на часови за користење на правата од посебното овластување за одредена единица за даден временски период, кој не смее да е подолг од 12 месеци, за потребите на ATCO.B.020(е)(1). За инструкторите за обука на работно место кои ги користат правата од посебното овластување за OJTI, од времето кое го поминуваат во подучување им се признаваат најмногу 50% од часовите кои се потребни за продолжување на посебното овластување за одредена единица.

(4) постапките за случаи кога имателот на дозволата не ги исполнува условите наведени во (а)(2) и (3).

(5) постапките за проценување на компетентноста, вклучувајќи ја и проценката од предметите од обуката за освежување на знаењето согласно ATCO.D.080(б);

(6) постапките за испитот по теоретско познавање и разбирање потребни за користење на правата од овластувањата и посебните овластувања;

Прилог 2

(7) постапките за утврдување на насловите и поднасловите, целите и методите на обука за континуирана обука;

(8) минималното времетраење и зачестеноста на обуката за обновување на знаењето;

(9) постапките за испитот по теоретско познавање и/или проценката за стручната оспособеност, стекнати на обуката за конверзија, вклучувајќи ги и преодните оцени за испитите;

(10) постапките во случај на неуспех на испитот или проценката, вклучувајќи ги и постапките за жалба;

(11) квалификациите, улогите и одговорностите на персоналот за обука;

(12) постапките за осигурување дека инструкторите за практично оспособување ги вежбале техниките на подучување за процедурите за кои се планира подучувањето согласно ATCO.C.010(б)(3) и ATCO.C.030(б)(3);

(13) постапките за прогласување и управување на случаите на привремена неспособност за користење на правата од дозвола, како и за известување на надлежниот орган согласно ATCO.A.015(г);

(14) утврдување на евиденцијата која треба да се води, особено онаа што се однесува на континуираната обука и проценување согласно ATCO.AR.B.015;

(15) постапките и причините за ревизија и изменување и дополнување на програмата за одржување на компетентноста на одредена единица и за доставување до надлежниот орган. Ревизијата на програмата за одржување на компетентноста на одредена единица се врши најмалку на секои три години.

(б) Давателите на услуги на воздухопловната навигација, заради исполнување на условите наведени во точка (а)(3), водат евиденција на часовите, за време на кои секој имател на дозвола ги користи правата од посебното овластување за одредена единица работејќи во сектори, група на сектори и/или на работни места во единица на АТС и на барање ги доставуваат до надлежните органи и на имателот на дозволата.

(в) При воспоставување на постапките споменати во (а)(4) и (13), давателите на услуги на воздухопловната навигација обезбедуваат дека се применуваат механизми со кои се гарантира праведно постапување со имателите на дозволи во случаи кога не може да се продолжи важноста на нивните посебни овластувања.

ATCO.B.030 Посебно овластување за познавање на јазик

(а) Контролорите на летање и студентите–контролори на летање не смеат да ги користат правата од своите дозволи, освен ако немаат важечко посебно овластување за познавање на англискиот јазик и, ако е применливо, на јазикот (јазиците) кои ги пропишуваат земјите–членки заради безбедносни причини во единицата на АТС, како што е објавено во Зборникот на воздухопловни информации. Во посебното овластување за познавање на јазик се наведува јазикот (јазиците), нивото (нивоата) на познавањето и датумот (датумите) на истекување.

(б) Нивото на познавање на јазикот се утврдува согласно скалата за определување на нивото на познавање на јазикот дадена во Додаток 1 кон Анекс I.

Прилог 2

(в) Кандидатот за посебно овластување за познавање на јазик демонстрира, согласно скалата за определување на нивото на познавање на јазикот споменатa во точка (б), најмалку оперативно ниво (оперативно ниво 4) на познавање на јазик.

За таа цел, кандидатот треба:

(1) ефикасно да комуницира во ситуации кога е потребна само говорна врска (телефон /радиотелефон) и во ситуации на непосреден контакт (лице во лице);

(2) прецизно и јасно да комуницира за вообичаени, конкретни и теми поврзани со работата;

(3) да користи соодветни комуникациски стратегии при размената на пораки, и препознава и решава недоразбирања во општ контекст или во контекст поврзан за работата;

(4) релативно лесно и успешно да се справува со јазичните предизвици кои произлегуваат од заплет или неочекуван пресврт на настаните што се случуваат во рамките на рутинската работа или при комуникациските задачи со коишто инаку е запознаен;

(5) да користи дијалект или акцент кој е разбирлив за воздухопловната заедница.

(г) И покрај наведеното во точка (в), давателот на услуги на воздухопловната навигација може да бара напредно ниво (ниво пет) од скалата за определување на нивото на познавање на јазикот дадена во Додаток 1 кон Анекс I, ако оперативните околности на одредено овластување или придружно овластување налагаат високо ниво на познавање на јазик заради важни безбедносни причини. Ваквиот услов не смее да е дискриминаторски, несразмерен и нетранспарентен и истиот треба да е објективно оправдан од страна на давателот на услуги на воздухопловната навигација кој сака да применува повисоко ниво на познавање на јазик, а надлежниот орган треба да го одобри истиот.

(д) Познавањето на јазик се докажува со уверение, со кое се потврдува резултатот од оценувањето.

ATCO.B.035 Период на важност на посебното овластување за познавање на јазик

(а) Периодот на важноста на посебното овластување за познавање на јазик, во зависност од нивото утврдено согласно наведеното во Додаток 1 кон Анекс I, изнесува:

(1) за оперативното ниво (ниво четири), три години од датумот на оценувањето; или

(2) за напредно ниво (ниво пет), шест години од датумот на оценувањето;

(3) за стручно ниво (ниво шест):

(i) девет години од датумот на оценувањето, за англиски јазик;

(ii) неограничено, за секој друг јазик (јазици) наведено во ATCO.B.030(а).

(б) Периодот на важноста на посебното овластување за познавање на јазик за прво издавање и за обновување започнува најдоцна 30 дена од датумот на успешно завршената проценка.

Прилог 2

(в) Посебните овластувања за познавање на јазик се продолжуваат по успешно завршена проценка на познавањето на јазикот, спроведена во рок од три месеци непосредно пред датумот на истекот на истите. Во вакви случаи, новиот период на важност се смета од датумот на истекот.

(г) Ако посебното овластување за познавање на јазик се продолжи пред периодот предвиден во точка (в), периодот на важност започнува најдоцна 30 дена од датумот на успешно завршена проценка на познавањето на јазик.

(д) Ако периодот на важноста на посебното уверение за познавање на јазик истече, а со цел да го обнови истото, имателот на дозволата треба со успех да ја помине проценката за познавање на јазик.

ATCO.B.040 Оценување на познавањето на јазик

(а) Докажувањето на познавање на јазик се прави преку метод на проценување, којшто го одобрува надлежниот орган, а го содржи следното:

(1) постапката која се користи при проценувањето;

(2) квалификациите на испитувачите;

(3) постапката за жалби;

(б) Телата за проценка на познавањето на јазикот се придржуваат кон условите утврдени од страна на надлежниот орган согласно ATCO.AR.A.010.

ATCO.B.045 Обука за познавање на јазик

(а) Давателите на услуги на воздухопловната навигација обезбедуваат обука за познавање на јазик со цел да се одржи потребното ниво на познавање на јазик на контролорите на летањето кои се:

(1) иматели на посебно овластување за познавање на јазик, оперативно ниво (ниво четири);

(2) иматели на дозволи кои немаат можност редовно да ги применуваат своите вештини, со цел одржување на нивното познавање на јазик.

(б) Исто така, обуката за познавање на јазик може да се нуди и во форма на континуирана обука.

ПОДДЕЛ С

УСЛОВИ ЗА ИНСТРУКТОРИ И ОЦЕНУВАЧИ–ИСПИТУВАЧИ

ОДДЕЛ 1

Инструктори

ATCO.C.001 Инструктори за настава по теоретско познавање

(а) Обуката по теоретско познавање ја вршат само соодветно квалификувани инструктори.

Прилог 2

(б) Инструкторот за настава по теоретско познавање се смета дека е соодветно квалификуван, ако:

(1) има дозвола на контролор на летањето и/или има стручна квалификација соодветна на предметот за кој држи настава и/или на организацијата за обука и покажал задоволително знаење и искуство;

(2) на организацијата за обука ѝ докажал дека поседува вештини за подучување.

ATCO.C.005 Инструктори за практична обука

Лице држи настава по практична обука само ако има дозвола на контролор на летањето со посебно овластување за инструктор за обука на работно место (OJTI) или посебно овластување за инструктор на синтетички уред за обука (STDI).

ATCO.C.010 Права на инструкторот за обука на работно место (OJTI)

(а) Имателите на посебното овластување за OJTI имаат право да држат практична обука и да вршат надзор врз оперативните работни места за кои имаат важечко посебно овластување за одредена единица и за обука на синтетички уреди за обука во овластувањата кои ги имаат.

(б) Имателите на посебно овластување за OJTI ги користат правата од посебното овластување само ако:

(1) најмалку две години ги користеле правата од овластувањето за кое ќе држат настава;

(2) во непосредниот период од најмалку шест месеци ги користеле правата од важечкото посебно овластување за одредена единица, во која ќе држат настава;

(3) ги вежбале вештините за подучување за оние постапки за кои се предвидува обука.

(в) Периодот од две години споменат во точка (б)(1) надлежниот орган, на барање на организацијата за обука, може да го скрати, најмалку на една година.

ATCO.C.015 Барање за издавање на посебно овластување за инструктор за обука на работно место

Кандидатите за стекнување на посебно овластување за OJTI:

(а) мора да имаат дозвола на контролор на летањето со важечко посебно овластување за одредена единица;

(б) ги користеле правата од дозвола на контролор на летањето, најмалку две години непосредно пред поднесувањето на барањето. Надлежниот орган може да го скрати овој период најмалку на една година, на барање на организацијата за обука; и

(в) во период од една година пред поднесување на барањето, успешно го завршиле курсот за практични методи за подучување, на кој се предавало и на соодветен начин проценувало потребното знаење и педагошките вештини.

Прилог 2

ATCO.C.020 Период на важност на посебното овластувањето за инструктор за обука на работно место

(а) Посебното овластување за OJTI важи за период од три години.

(б) Посебното овластување за OJTI може да се продолжи со успешно завршена обука за обновување на знаењата за практични вештини за подучување, во текот на период на важноста на овластувањето, под услов дека се исполнети условите наведени во ATCO.C.015(а) и (б).

(в) Ако истече посебното овластување за OJTI, тоа може да се обнови:

(1) со посетување на обука за обновување на знаењата за практични вештини за подучување; и

(2) со успешна проценка на компетентноста на инструктор за практична обука;

во годината пред да се поднесе барањето за обновување, под услов дека се исполнети условите наведени во ATCO.C.015(а) и (б).

(г) Во случај на прво издавање и обновување, периодот на важност на посебното овластување за OJTI започнува најдоцна 30 дена од датумот на успешно помината проценка.

(д) Ако не се исполнети условите наведени во ATCO.C.015(а) и (б), посебното овластување за OJTI може да се замени со посебно овластување за STDI, под услов дека се гарантира придржувањето кон условите наведени во ATCO.C.040(б) и (в).

ATCO.C.025 Привремено одобрение за OJTI

(а) Ако не е можно придржување кон условите предвидени во ATCO.C.010(б)(2), надлежниот орган може да даде привремено одобрение за OJTI врз основа на анализа на безбедноста која ја предочува давателот на услуги на воздухопловната навигација.

(б) Привременото посебно одобрение за OJTI споменато во точка (а) може да им се издаде на имателите на важечко посебно овластување за OJTI издадено согласно ATCO.C.015.

(в) Привременото посебно одобрение за OJTI споменато во точка (а) се ограничува на неопходната обука со која се опфатени исклучителни состојби, а периодот на важност не смее да е подолг од една година или подолг од периодот на важноста на посебното овластување за OJTI издадено согласно ATCO.C.015, во зависност што е поскоро.

ATCO.C.030 Права на инструкторот за обука на синтетички уреди за обука (STDI)

(а) Имателите на посебно овластување за STDI имаат право да држат практична обука на синтетички уреди за обука:

(1) по предметите кои се од практична природа, за време на почетната обука;

(2) за обука во одредена единица, која не е и обука на работно место;

(3) за континуирана обука.

Прилог 2

Кога STDI обезбедува предобука на работно место, тој/таа има или имал посебно овластување за одредена единица.

(б) Имателите на посебно овластување за STDI ги користат правата од посебното овластување само ако:

(1) најмалку две години ги користеле правата од овластувањето за кое ќе држат настава;

(2) покажале знаење за тековните оперативни практики;

(3) ги вежбале техниките за подучување за оние постапки за кои се предвидува обука.

(в) Без оглед на наведеното во точка (б)(1)

(1) секое овластување кое се поседува се смета соодветно за потребите на основната обука;

(2) за потребите на обука за овластување, обуката за специфични и одбрани оперативни задачи може да ја врши инструктор за STDI, кој има овластување кое е соодветно за таа специфична и одбрана оперативна задача.

ATCO.C.035 Барање за издавање на посебно овластување за инструктор за обука на синтетички уреди за обука

Кандидатите за стекнување на посебно овластување за STDI:

(а) најмалку две години ги користеле правата од дозвола на контролор на летање, за кое било овластување;

(б) во период од една година пред поднесување на барањето, успешно го завршиле курсот за практични техники за подучување, на којшто се предавало и на соодветен начин се оценувале потребното знаење и педагошките вештини.

ATCO.C.040 Период на важност на посебно овластување за инструктор за обука на синтетички уреди за обука

(а) Посебното овластување за STDI важи за период од три години.

(б) Посебното овластување за STDI може за време на периодот на важност да се продолжи со успешно завршена обука за обновување на знаењата за практични вештини за подучување и за тековните оперативни практики.

(в) Ако истече посебното овластување за STDI, тоа може да се обнови:

(1) со посетување на обука за обновување на знаењата за практични вештини за подучување и тековните оперативни практики; и

(2) по успешна проценка на компетентноста на инструкторот за практична обука;

во рок од година дена пред поднесување на барањето за обновување.

(г) Во случај на прво издавање и обновување, периодот на важност на посебното

Прилог 2

овластување за OJTI започнува најдоцна 30 дена од датумот на успешно поминато оценување.

ОДДЕЛ 2

***Оценувачи**–испитувачи*

ATCO.C.045 Права на оценувачите–испитувачите

(а) Лицето може да оценува само ако има посебно овластување за оценувач–испитувач.

(б) Имателите на посебно овластување за оценувач–испитувач имаат право да оценуваат:

(1) за време на почетната обука за стекнување на студент–контролор на летањето или за стекнување на ново овластување и/или придружно овластување, што е соодветно;

(2) претходна компетентност за потребите на наведеното во ATCO.B.001(г) и ATCO.B.010(б);

(3) студенти–контролори на летањето за стекнување на посебно овластување за одредена единица и придружни овластувања, што е соодветно;

(4) контролори на летањето за стекнување на посебно овластување за одредена единица и придружни овластувања, што е соодветно, како и за продолжување и обновување на овластување за одредена единица;

(5) кандидати за инструктори по практична обука или кандидати за оценувачи–испитувачи ако се гарантира придржувањето кон условите наведени во точка (г)(2) до (4);

(в) Имателите на посебно овластување за оценувачи–испитувачи ги користат правата од овластувањето само ако:

(1) имаат најмалку две години искуство во овластувањето и придружните овластувања кои ќе ги оценуваат; и

(2) покажале знаење за тековните оперативни практики.

(г) Покрај условите наведени во точка (в), имателите на посебно овластување за оценувачи–испитувачи ги користат правата од овластувањето само:

(1) за оценувања врз основа на кои се издава, продолжува и обновува посебно овластување за одредена единица, ако исто така имаат и посебно овластување за одредена единица поврзано со оценувањето во период од најмалку една година пред поднесување на барањето;

(2) за оценување на компетентноста на кандидат за стекнување или обновување на посебно овластување за STDI, ако имаат посебно овластување за STDI или OJTI и ако, најмалку три години, ги користеле правата од тоа овластување;

(3) за оценување на компетентноста на кандидат за стекнување или обновување на посебно овластување за OJTI, ако имаат посебно овластување за OJTI и ако, најмалку три години, ги користеле правата од тоа овластување;

Прилог 2

(4) за оценување на компетентноста на кандидат за стекнување или обновување на посебно овластување за оценувач–испитувач, ако, најмалку три години, ги користеле правата од посебното овластување за оценувач–испитувач.

(д) Ако се врши оценување за потребите за стекнување или обновување на посебно овластување за одредена единица и за обезбедување на надзор врз оперативното работно место, оценувачот–испитувачот треба исто така да има и посебно овластување за OJTI, или да е присутен OJTI кој има важечко посебно овластување за одредена единица поврзано со оценувањето.

ATCO.C.050 Лични интереси

Оценувачите–испитувачите никогаш не смеат да вршат оценувања–испитувања кога може да се доведе во прашање нивната непристрасност.

ATCO.C.055 Барање за посебно овластување за оценувач–испитувач

Кандидатите за стекнување на посебно овластување за оценувач–испитувач:

(а) ги користеле правата од дозвола на контролор на летањето, најмалку две години; и

(б) во период од една година пред поднесување на барањето, успешно го завршиле курсот за оценувачи–испитувачи, на кој се предавало и на соодветен начин оценувало потребното знаење и вештини, користејќи ги методите за теоретско и практично познавање.

ATCO.C.060 Период на важност на посебното овластување за оценувачи–испитувачи

(а) Посебното овластување за оценувач–испитувач важи за период од три години.

(б) Посебното овластување за оценувач–испитувач може, за време на периодот на важност на истото, да се продолжи со успешно завршена обука за обновување на знаењата за оценување–испитување и за тековните оперативни практики.

(в) Ако истече посебното овластување за оценувач–испитувач, тоа може да се обнови:

(1) со посетување на обука за обновување на вештините за оценување–испитување и тековните оперативни практики; и

(2) со успешно оценување на компетентноста на оценувач–испитувач;

во рок од година дена пред поднесување на барањето за обновување.

(г) Во случај на прво издавање и обновување, периодот на важност на посебното овластување за оценувач–испитувач започнува најдоцна 30 дена од датумот на успешно завршено оценување.

ATCO.C.065 Привремено одобрение за оценувач

(а) Ако не може да се исполни условот предвиден во ATCO.C.045(г)(1), надлежниот орган може да издаде привремено одобрение на имателите на посебно овластување

Прилог 2

за оценувач кое се издава согласно ATCO.C.055 за вршење на оценувања–испитувања споменато во ATCO.C.045(б)(3) и (4), со цел да се опфатат исклучителни ситуации или да се обезбеди независност на оценувањето–испитувањето, под услов дека се исполнети условите утврдени во точките (б) и (в).

(б) За потребите за покривање на исклучителни ситуации, имателот на посебно овластување за оценувач–испитувач исто така има и посебно овластување за одредена единица со дополнително овластување и, ако е соодветно, придружно овластување соодветно на проценката, во претходниот период од една година. Одобрението се ограничува на проценки кои се потребни со цел да се опфатат исклучителните ситуации и не смее да е подолго од една година или од рокот на важност на посебното овластување за оценувач издадено согласно ATCO.C.055, во зависност што е порано.

(в) Со цел да се обезбеди независноста на проценката, од повторливи причини, имателот на посебно овластување за оценувач–испитувач исто така има и посебно овластување за одредена единица со соодветно овластување и, ако е применливо, придружно овластување, кои се релевантни за оценувањето–испитувањето, за претходниот период од најмалку година дена. Периодот на важност на одобрението го утврдува надлежниот орган, но не смее да е подолг од периодот на важноста на посебното овластување за оценувач–испитувач издадено согласно ATCO.C.055.

(г) За потребите за издавање на привремено одобрение за оценувач–испитувач од причините споменати во точките (б) и (в), надлежниот орган може да побара од давателот на услуги на воздухопловната навигација да прикаже анализа на безбедноста.

Прилог 2

ПОДДЕЛ D

ОБУКА НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ

ОДДЕЛ 1

Општи услови

ATCO.D.001 Цели на обуката на контролорите на летањето

Обуката на контролорите на летањето ги опфаќа сите курсеви за теоретско познавање, практични вежби, вклучувајќи ја и обуката на симулатори, обуката на работно место, кои се потребни за стекнување и одржување на вештините за давање на безбедни, редовни и експедитивни услуги на контролата на летање.

ATCO.D.005 Видови на обука за контролорите на летањето

(a) Обуката на контролорите на летањето се состои од следните видови:

(1) почетна обука, која води до стекнување на дозвола на студент–контролор на летањето или за стекнување на дополнително овластување и, ако е соодветно, придружно овластување, со којашто се обезбедува:

(i) **„основна обука“:** теоретска и практична обука, предвидена за пренос на основното познавање и практични вештини кои се однесуваат на основните оперативни процедури;

(ii) **„обука за овластување“:** теоретска и практична обука, предвидена за пренос на познавање и практични вештини кои се однесуваат на одредено овластување и, ако е соодветно, придружно овластување;

(2) обука за одредена единица, која води до стекнување на дозвола на контролор на летањето, стекнување на придружно овластување, продолжување на овластување (овластувања) или придружно овластување (придружни овластувања) и/или стекнување или обновување на посебно овластување за одредена единица. Таа се состои од следните фази:

(i) фаза на преодна обука, предвидена пред сѐ за пренос на знаење и разбирање на оперативните постапки специфични за локација и карактеристиките специфични за задачите; и

(ii) фаза на обука на работно место, која е завршна фаза од обуката за одредена единица, во која претходно стекнатите рутини и вештини поврзани со работното место се вклопуваат во пракса под надзор на квалификуван инструктор за обука на работно место во ситуации на вистински сообраќај.

(iii) Покрај наведеното во точките (i) и (ii), за посебно овластување (посебни овластувања) за одредена единица кои бараат управување во ситуации на сложен и густ сообраќај, потребна е фаза на подготвителна обука на работно место заради подобрување на претходно стекнатите рутини и вештини и заради подготовка за вистински сообраќајни ситуации со кои може да се соочи таа одредена единица;

(3) континуирана обука, предвидена за одржување на важноста на посебните овластувања на дозволата, која се состои од:

Прилог 2

(i) обука за обновување на знаењето;

(ii) обука за конверзија, ако е потребно.;

(б) Покрај видовите на обука споменати во точка (а), контролорите на летањето може да одат и на следните видови на обука:

(1) обука за инструктори за практична настава за издавање, продолжување или обновување на посебни овластувања за OJTI и STDI;

(2) обука за оценувач–испитувач за издавање, продолжување или обновување на посебно овластување за оценувач–испитувач.

ОДДЕЛ 2

Услови за почетна обука

ATCO.D.010 Структура на почетната обука

(а) Почетната обука, која е предвидена за кандидат за дозвола на студент–контролор на летањето или за издавање на дополнително овластување и/или, ако е применливо, придружно овластување, се состои од:

(1) основна обука, која ги содржи сите предмети, теми и поднаслови наведени во Додаток 2 кон Анекс I; и

(2) обука за овластување, која ги содржи предметите, темите и поднаслови за најмалку едно од следните овластувања:

(i) овластување за аеродромска визуелна контрола – ADV (Aerodrome Control Visual Rating (ADV)), дефинирано во Додаток 3 кон Анекс I;

(ii) овластување за аеродромска инструментална контрола – ADI за кула (Aerodrome Control Instrument Rating (ADI)), дефинирано во Додаток 4 кон Анекс I;;

(iii) овластување за приодна процедурална контрола – APP (Approach Control Procedural Rating (APP)), дефинирано во Додаток 5 кон Анекс I;

(iv) овластувањето за обласна процедурална контрола – ACP (Area Control Procedural Rating (ACP)), дефинирано во Додаток 6 кон Анекс I;

(v) овластување за приодна надзорна контрола – APS (Approach Control Surveillance Rating (APS)), дефинирано во Додаток 7 кон Анекс I;

(vi) обука за обласна надзорна контрола – ACS (Area Control Surveillance Rating (ACS)), дефинирано во Додаток 8 кон Анекс I;

(б) Обуката која е наменета за дополнително овластување се состои од предметите, темите и поднасловите кои се применливи за најмалку едно од овластувањата утврдени во точка (а)(2).

(в) Обуката која е наменета за повторно активирање на овластување по неуспешна проценка на претходната оспособеност согласно ATCO.B.010(б), се прилагодува согласно резултатот на таа проценка.

Прилог 2

(г) Обуката која е наменета за придружно овластување, освен оние од ATCO.B.015(а)(3), се состои од предметите кои ги подготвила организацијата за обука и кои се одобрени како дел од курсот за обука.

(д) Основната и/или обуката за овластување може да се дополни со предмети, теми и поднаслови кои се дополнителни или специфични за опкружувањето на функционален блок на воздушниот простор (FAB) или националното опкружување.

ATCO.D.015 План на почетната обука

Организацијата за обука го утврдува планот на почетната обука, а надлежниот орган го одобрува. Тој се состои најмалку од:

(а) содржината на курсот за почетната обука предвидена согласно наведеното во ATCO.D.010;

(б) структурата на почетната обука согласно наведеното во ATCO.D.020(б);

(в) постапката за спроведување на курсот (курсевите) за почетна обука;

(г) методите за обука;

(д) минимално и максимално времетраење на курсот (курсевите) за почетна обука;

(ѓ) што се однесува на ATCO.D.010(б), во постапката за прилагодување на курсот (курсевите) за почетна обука треба да се земе предвид успешно завршениот курс за основна обука;

(е) постапките за испитување и проценување согласно наведеното во ATCO.D.025 и ATCO.D.035, како и за целите на ефикасноста согласно наведеното во ATCO.D.030 и ATCO.D.040;

(ж) квалификациите, улогите и одговорностите на персоналот за обука;

(з) постапката за рано прекинување на обука;

(ѕ) постапката за жалби;

(и) утврдувањето на евиденцијата која треба да се води, а која е специфична за почетната обука;

(ј) постапката и причините за преглед и за измена на планот за почетна обука и за доставување на истите до надлежниот орган. Прегледот на планот за почетната обука се врши најмалку на секои три години.

ATCO.D.020 Курсеви за основна обука и обука за овластување

(а) Основната обука и обуката за овластување се спроведуваат како засебни или интегрирани курсеви.

(б) Курсевите за основна обука и обука за овластување или интегриран курс за почетна обука ги подготвуваат и спроведуваат организациите за обука, а надлежниот орган ги одобрува.

Прилог 2

(в) Кога почетната обука се спроведува како интегриран курс, потребно е да се направи јасна разлика помеѓу испитувањето и проценувањето за:

(1) основна обука; и

(2) секоја обука за овластување.

(г) Успешното завршување на почетна обука, или на обуката за овластување со цел издавање на дополнително овластување, се докажува со уверение кое го издава организацијата за обука.

(д) Успешното завршување на основната обука се докажува со уверение кое на барање на кандидатот го издава организацијата за обука

ATCO.D.025 Испити и проценка на основната обука

(а) Курсевите за основна обука опфаќаат испит (испити) и проценка (проценки).

(б) Преодна оценка на испит (испити) по теоретско познавање се дава на кандидат кој постигнал минимум 75% од вкупниот број на бодови за тој испит.

(в) Проценката (проценките) на целите на ефикасноста наведено во ATCO.D.030 се врши на тренажер за обука на одделни задачи или на симулатор.

(г) Преодна оценка при проценката (проценките) се дава на кандидат кој доследно ја покажува потребната ефикасност како што е наведено во ATCO.D.030 и однесување кое се бара за безбедна работа во рамките на контролата на летањето.

ATCO.D.030 Цели на ефикасноста на основната обука

Проценката (проценките) опфаќа (опфаќаат) и евалуација на следните цели на ефикасноста:

(а) проверка и користење на опремата на работно место;

(б) развој и одржување на познавањето на ситуацијата преку следење на сообраќајот и идентификација на воздухопловите, ако е применливо;

(в) следење и ажурирање на приказот на податоците за летот;

(г) одржување на континуирано слушање на соодветната фреквенција;

(д) издавање на соодветни одобренија, упатства и информации за сообраќајот;

(ѓ) користење на одобрена фразеологија;

(е) ефикасна комуникација;

(ж) примена на раздвојување;

(з) примена на координација ако е потребно;

(ѕ) примена на пропишани процедури за симулиран воздушен простор;

Прилог 2

(и) откривање на можни конфликти помеѓу воздухоплови;

(ј) почитување на приоритетот на активностите;

(к) избор на соодветен начин на раздвојување.

ATCO.D.035 Испити и проценка на обуката за овластување

(а) Курсевите за обука за овластување опфаќаат испит (испити) и проценка (проценки) по теоретско познавање.

(б) Преодна оценка на испит (испити) по теоретско познавање се дава на кандидат кој постигнал минимум 75% од вкупниот број на бодови за тој испит.

(в) Проценката (проценките) се заснова на целите на ефикасноста на обуката за овластување опишани во ATCO.D.040.

(г) Проценката (проценките) се врши на симулатор.

(д) Преодна оценка при проценката (проценките) се дава на кандидат кој доследно ја покажува потребната ефикасност како што е наведено во ATCO.D.040 и однесување кое се бара за безбедна работа во рамките на контролата на летањето.

ATCO.D.040 Цели на ефикасноста на обуката за овластување

(а) Целите на ефикасноста на обуката за овластување и задачите на целите на ефикасноста се утврдуваат за секој курс за обука за овластување.

(б) Целите на ефикасноста на обуката за овластување бараат од кандидатот:

(1) да покаже способност да управува со воздушниот сообраќај на начин со кој се обезбедуваат безбедни, редовни и експедитивни услуги; и

(2) да управува со сложени и ситуации на густ сообраќај.

(в) Покрај наведеното во точка (б), целите на ефикасноста на обуката за овластување за Аеродромска визуелна контрола (ADV) и Аеродромска инструментална контрола (ADI) гарантираат дека кандидатите:

(1) се справуваат со работното оптоварување и даваат услуги на контролата на летање во рамките на утврдена област на одговорност за контрола на приод; и

(2) ги применуваат техниките на аеродромската контрола и оперативните постапки на сообраќајот на аеродром.

(г) Покрај наведеното во точка (б), целите на ефикасноста на обуката за овластување за Приодната процедурална контрола обезбедуваат дека кандидатите:

(1) се справуваат со работното оптоварување и даваат услуги на контролата на летање во рамките на утврдена област на одговорност за контрола на приод; и

(2) ја применуваат приодната процедурална контрола, техниките на планирање и оперативните постапки на воздухопловите во пристигнување, на чекање, во заминување и во прелет.

Прилог 2

(д) Покрај наведеното во точка (б), целите на ефикасноста на обуката за овластување за Приодна надзорна контрола обезбедуваат дека кандидатите:

(1) се справуваат со работното оптоварување и даваат услуги на контролата на летање во рамките на утврдена област на надлежност за контрола на приод;

(2) ја применуваат приодната надзорна контрола, техниките на планирање и оперативните постапки на воздухопловите во пристигнување, на чекање, во заминување и во прелет.

(ѓ) Покрај наведеното во точка (б), целите на ефикасноста на обуката за овластување за Обласна процедурална контрола обезбедуваат дека кандидатите:

(1) се справуваат со работното оптоварување и даваат услуги на контролата на летање во рамките на утврдена област на надлежност за обласна контрола;

(2) ја применуваат обласната процедурална контрола, техниките на планирање и оперативните постапки на сообраќајот во областа.

(е) Покрај наведеното во точка (б), целите на ефикасноста на обуката за овластување за Обласна надзорна контрола обезбедуваат дека кандидатите:

(1) се справуваат со работното оптоварување и даваат услуги на контролата на летање во рамките на утврдена област на надлежност за обласна контрола; и

(2) ја применуваат обласната надзорна контрола, техниките на планирање и оперативните постапки на сообраќајот во областа.

ОДДЕЛ 3

Услови за обука за одредена единица

ATCO.D.045 Содржина на обуката за одредена единица

(а) Обуката за одредена единица се состои од курс (курсеви) за обука за секое посебно овластување за одредена единица кое е востановено во единицата на АТС како што е утврдено во планот за обука во одредена единица.

(б) Курсот (курсевите) за стекнување на посебно овластување за одредена единица ги изработуваат и спроведуваат организациите за обука согласно ATCO.D.060, а надлежниот орган ги одобрува.

(в) Обуката за одредена единица ја опфаќа обуката за:

(1) оперативни постапки;
(2) аспекти специфични за задачите;
(3) невообичаени и вонредни ситуации; и
(4) човечки фактори.

ATCO.D.050 Предуслови за обука за одредена единица

Обуката за одредена единица може да ја започнат само лица кои се иматели на:

(а) дозвола на студент–контролор на летањето со соодветно овластување и, ако е применливо, придружно овластување; или

Прилог 2

(б) дозвола на контролор на летањето со соодветно овластување и, ако е применливо, придружно овластување, под услов дека се исполнети условите наведени во ATCO.B.001(г) и ATCO.B.010(б).

ATCO.D.055 План за обука за одредена единица

(а) Планот за обука за одредена единица го утврдува организацијата за обука за секоја одредена единица на ATC, а надлежниот орган го одобрува.

(б) Планот за обука за одредена единица содржи најмалку:

(1) овластувања и посебни овластувања за кои се спроведува обуката;

(2) структура на обуката за одредена единица;

(3) список на курсеви за посебни овластувања за одредена единица согласно ATCO.D.060;

(4) постапка за спроведување на курс за стекнување на посебно овластување за одредена единица;

(5) методи на обука;

(6) минимално траење на курсот (курсевите) за посебно овластување за одредена единица;

(7) постапка за прилагодување на (курсевите) за посебно овластување за одредена единица, со цел да се земат предвид стекнатите овластувања и/или придружните овластувања и искуството на кандидатите, кога е релевантно;

(г) Заради скратување на непотребните административни формалности, надлежниот орган може да воспостави процедури за одредување на единствен датум на важноста за неколку посебни овластувања. Во секој случај, не смее да се продолжат периодите на важноста на односните посебни овластувања.

Прилог 2

(д) Надлежниот орган заменува дозвола на контролор на летање, доколку е потребно, заради административни причини и кога е пополнета точка (XIIa) од дозволата и нема повеќе слободно место. Датумот на првото издавање на овластувањата и посебните овластувања се пренесува во новата дозвола.

ATCO.AR.D.005 Повлекување и привремено одземање на дозволи, овластувања и посебни овластувања

(а) За потребите на ATCO.A.020, надлежниот орган воспоставува административни процедури за привремено одземање и повлекување на дозволи, овластувања и посебни овластувања.

(б) Надлежниот орган може привремено да ја одземе дозволата во случај на привремена неспособност која не престанала согласно процедурите наведени во ATCO.A.015(д)

(в) Надлежниот орган привремено одзема или повлекува дозвола, овластување или посебно овластување согласно ATCO.AR.C.010, посебно во случаи кога:

(1) се користат правата од дозволата, а имателот на дозволата повеќе не ги исполнува важечките услови од оваа регулатива;

(2) се стекнува дозвола, овластување, посебно овластување или уверение на студент–контролор на летање или на контролор на летање врз основа на доказ за доставена фалсификувана документација;

(3) се фалсификува евиденцијата за дозволата или уверението;

(4) се користат правата од дозволата, овластувањето (овластувањата) или посебното овластување (посебните овластувања) под влијание на психоактивни супстанции;

(г) Во случај на привремено одземање или повлекување на дозволи, овластувања и посебни овластувања, надлежниот орган го известува имателот на дозволата, во писмена форма, за таа одлука и за нивното право за поднесување на жалба согласно постапките утврдени во ATCO.AR.A.101(а)(14). За привремено одземање или повлекување на посебно овластување на оценувач–испитувач треба да се извести и соодветниот давател на услуги на воздухопловната навигација.

(д) Исто така, надлежниот орган привремено одзема или повлекува дозвола, овластување или посебно овластување по писмено барање од имателот на дозволата.

ПОДДЕЛ Е

ПРОЦЕДУРА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЈА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ И ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА КУРСЕВИТЕ ЗА ОБУКА

ATCO.AR.E.001 Поднесување на барање и издавање на уверение за организации за обука

(а) По приемот на барањето за издавање на уверение за организација за обука, надлежниот орган проверува дали организацијата за обука се придржува кон условите наведени во Анекс III.

Прилог 2

(б) Ако организацијата за обука која поднела барање ги исполнува важечките услови, надлежниот орган издава уверение користејќи го образецот наведен во Додаток 2 кон Анекс II.

(в) За да ѝ се овозможи на организација да спроведе измени без претходно одобрение од надлежниот орган согласно ATCO.AR.B.015 и ATCO.AR.E.010(в), надлежниот орган ја одобрува постапката која ја доставила организацијата за обука, во која се утврдува обемот на тие измени и како со нив ќе се постапува и како ќе се известува за истите.

ATCO.AR.E.005 Одобрение на курсеви за обуки и на планови за обука

(а) Надлежниот орган ги одобрува курсевите за обуки и плановите за обуки кои се изготвени согласно условите утврдени во ATCO.OR.D.001.

(б) По замена на дозвола согласно ATCO.A.010, надлежниот орган го одобрува или отфрла курсот за посебно овластување за одредена единица утврден согласно ATCO.B.020(б) и (в) најдоцна шест недели по поднесување на барањето за одобрение на курсот и обезбедува дека се почитуваат начелата за недискриминација и сразмерност.

ATCO.AR.E.010 Измени во организациите за обука

(а) По приемот на барање за измена за која е потребно претходно одобрение согласно ATCO.OR.B.015, надлежниот орган проверува дали организацијата за обука се придржува кон условите наведени во Анекс III пред да го издаде одобрението.

Надлежниот орган ги одобрува условите под кои организацијата може да работи за време на измената, освен ако надлежниот орган не утврди дека измената не може да се спроведе.

По проверката дека организацијата за обука се придржува кон важечките услови, надлежниот орган ја одобрува измената.

(б) Без да е во спротивност со кои било дополнителни мерки за спроведување согласно ATCO.AR.E.015, кога организацијата спроведува измени за кои е потребно претходно одобрение, а не добила одобрение од надлежниот орган како што е утврдено во точка (а), надлежниот орган веднаш презема соодветни мерки.

(в) За измените за кои не е потребно претходно одобрение, надлежниот орган одобрува постапка која ја изработила организацијата за обука согласно ATCO.OR.B.015, со која се дефинира обемот на овие измени и постапувањето со истите, како и механизмот за известување за истите. За време на процесот за континуиран надзор, надлежниот орган ги проценува информациите дадени во известувањето за да провери дали преземените мерки се во согласност со одобрената процедура и важечките услови.

ATCO.AR.E.015 Наоди и принудни мерки

(а) Надлежниот орган има систем за анализа на наодите заради утврдување на нивното значење за безбедноста.

(б) Надлежниот орган издава наод од ниво 1 кога ќе се открие какво и да е значително непридржување кон важечките услови наведени во Регулатива (ЕЗ) бр. 216/208 и

Прилог 2

оваа регулатива, кон постапките и прирачниците на организацијата за обука, кон видот (видовите) на обука и/или дадената услуга (услуги) или уверение (уверенија), а со кое се намалува или сериозно се загрозува безбедноста и/или резултира со значајно влошување на обуката која се дава.

Наодот од ниво 1 опфаќа, но не се ограничува на:

(1) недозволување на надлежниот орган да пристапи во објектите на организацијата за обука како што е утврдено во ATCO.OR.B.025 за време на редовното работно време и по две писмени услови;

(2) стекнување или одржување на важноста на уверението на организацијата за обука врз основа на доставени фалсификувани документи;

(3) доказ за злоупотреба или неовластено користење на уверението на организацијата за обука; и

(4) немање на одговорен раководител.

(в) Надлежниот орган издава наод од ниво 2 кога ќе се открие какво и да е значително непридржување кон важечките услови наведени во Регулатива (ЕЗ) бр. 216/208 и оваа регулатива, кон постапките и прирачниците на организацијата за обука, кон видот (видовите) на обука и/или дадената услуга (услуги) или уверение (уверенија), а со кое се намалува или сериозно се загрозува безбедноста и/или резултира со значајно влошување на обуката која се дава.

(г) Ако за време на надзорот или на кој било друг начин се открие наод, надлежниот орган веднаш без штета по која било дополнителна мерка која се бара согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и оваа регулатива, го доставува наодот до организацијата за обука во писмена форма и бара поправни мерки за решавање на утврденото непридржување (непридржувања).

(1) Во случај на наод од ниво 1, надлежниот орган веднаш презема соодветна мерка за да забрани или ограничи активности, и ако е соодветно, презема мерка за повлекување на уверение или за ограничување или привремено одземање на истото, во целост или делумно, во зависност од обемот на наодот, сѐ додека организацијата за обука не преземе успешна поправна мерка.

(2) Во случај на наод од ниво 2, надлежниот орган:

(i) ѝ дава на организацијата за обука рок за спроведување на поправната мерки која е опфатена во акциониот план соодветен на природата на наодот; и

(ii) ја проценува поправната мерка и планот за спроведување кој го предложила организацијата за обука и, ако врз основа на проценката се заклучи дека истите се доволни за отстранување на непридржувањето (непридржувањата), ги прифаќа.

(3) Ако организацијата за обука не успее да поднесе прифатлив план на поправни мерки, или не успее да ја спроведе поправната мерка во прифатениот или продолжен рок од страна на надлежниот орган, наодот се подига на ниво 1, и се преземаат мерки пропишани во точка (г)(1).

(д) Надлежниот орган води евиденција за сите наоди кои тој ги отворил, и ако е можно, за принудните мерки кои ги применил, како и за поправните мерки и

Прилог 2

датумот на затварање на наодите.

ПОДДЕЛ F

ПОСЕБНИ УСЛОВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНО–МЕДИЦИНСКИТЕ УВЕРЕНИЈА

ОДДЕЛ 1

Општи услови

ATCO.AR.F.001 Воздухопловно–медицински центри и издавање на воздухопловно–медицински уверенија

По пат на отстапување од наведеното во Подделовите A, B и C, што се однесува на воздухопловно–медицинските центри (AeMCs) (Aero–medical centres) и издавањето на воздухопловно–медицински уверенија, надлежниот орган ги применува следните одредби од Анекс VI кон Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата (Регулатива за екипаж на воздухоплов) ([1]), со исклучување на сите упатувања кои се однесуваат на лекарите специјалисти по општа медицина (GMPs):

— Поддел ARA.GEN,
— Поддел ARA.AeMC,
— Поддел ARA.MED.120 Медицински оценувачи
— ARA.MED.125 Упатување кај орган кој издава дозволи
— ARA.MED.150 Водење на евиденција
— ARA.MED.200 Постапка за издавање, продолжување, обновување или замена на уверение на AME,
— ARA.MED.245 Постојан надзор
— ARA.MED.250 Ограничување, привремено одземање или повлекување на уверение на AME
— ARA.MED.255 Принудни мерки
— ARA.MED.315 Проверка на лекарски извештаи, и
— ARA.MED.325 Постапка за проверка.

ОДДЕЛ 2

Документација

ATCO.AR.F.005 Лекарско уверение

Лекарското уверение се придржува кон следните спецификации:

(a) Содржина:

(1) Земјата во која дозволата на ATCO е издадена или во која е поднесено барање за дозволата (I);
(2) Класата на лекарското уверение (II);
(3) Бројот на уверението кој започнува со ознаката на ОН за земјата во која дозволата на ATCO е издадена или во која е поднесено барањето за издавање, а потоа следи ознаката која е составена од арапски цифри и/или

([1]) Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 на Комисијата од 3 ноември 2011 година, за утврдување на техничките услови и административни постапки што се однесува на членовите на екипажот на воздухоплов во цивилното воздухопловство согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L 311, 25.11.2011 год., стр. 1).

Прилог 2

букви и на латиница (III);
(4) Името на имателот (IV);
(5) Националноста на имателот (VI);
(6) Датумот на раѓање на имателот (XIV);
(7) Потпис на имателот (VII) ;
(8) Ограничување(ограничувања) (XIII);
(9) Датумот на истекот на лекарско уверение – класа 3 (IX);
(10) Датум на прегледот;
(11) Датум на последниот електрокардиограм;
(12) Датум на последниот аудиограм;
(13) Датум на издавањето и потпис на АМЕ или медицинскиот оценувач кој го издал лекарското уверение (X);
(14) Печат или жиг.

(б) Материјал: Хартијата или другиот материјал кој се користи треба да спречи или јасно да ја прикаже секоја измена или бришење. Надлежниот орган јасно го одобрува секој запис или бришење во образецот.

(в) Јазик: Лекарските уверенија се пишуваат на националниот јазик (јазици) и на англиски јазик и на јазиците за кои надлежниот орган смета дека се соодветни.

(г) Сите датуми во лекарското уверение се пишуваат во форма на дд/мм/гггг.

ATCO.AR.F.010 Уверение на АМЕ

Откако ќе провери дека АМЕ се придржува кон важечките услови, надлежниот орган го издава, продолжува, обновува или менува уверението на АМЕ, користејќи го образецот кој е утврден во Додаток 3 кон Анекс II.

ATCO.AR.F.015 Уверение на АеМС

Откако ќе провери дека АеМС се придржува кон важечките услови, надлежниот орган го издава или менува уверението на АеМС, користејќи го образецот кој е утврден во Додаток 4 кон Анекс II.

ATCO.AR.F.020 Воздухопловно–медицински обрасци

Надлежниот орган ги обезбедува AMEs и AeMCs со обрасците кои треба да се користат за:

(а) поднесување на барањето за лекарско уверение; и

(б) лекарскиот извештај за подносителите на барањето за класа 3.

Прилог 2

Додаток 1 кон Анекс II

Образец за дозвола
ДОЗВОЛА НА КОНТРОЛОР НА ЛЕТАЊЕТО

Дозволата на контролор на летањето која е издадена согласно оваа регулатива се придржува кон следните спецификации:

(а) Содржина. Бројот на ставките секогаш се прикажува заедно со насловот на ставката. Ставките од I до XI се „постојани" ставки, а ставките од XII до XIV се „променливи" ставки кои може да се напишат на посебен или одделен дел од главниот образец, како што е пропишано во текстот кој следи. Секој посебен или одделен дел треба да е јасно препознатлив дека е дел од дозволата.

1. Постојани ставки:

(I) земјата на издавање на дозволи;
(II) назив на дозволата;
(III) сериски број на дозволата со ознаката на ОН за земјата на издавање позади која стои „дозвола на (студент) контролор на летањето" и ознаката која е составена од арапски цифри и/или букви и на латиница;
(IV) целото име на имателот (напишано на латиница, дури и ако писмото на националниот јазик не е латиницата;
(IVa) датум на раѓање;
(V) адресата на имателот, ако тоа го бара надлежниот орган;
(VI) националност на имателот;
(VII) потпис на имателот;
(VIII) надлежниот орган;
(IX) потврда на рокот на важноста и одобрените права кои се даваат, вклучувајќи ги датумите на првото издавање;
(X) потпис на службеното лице кое ја издава дозволата и датумот на издавање;
(XI) печат или жиг на надлежниот орган.

2. Променливи ставки:

(XII) овластувањата и посебните овластувања со датумите на истекување на истите;
(XIII) забелешките: посебните овластувања за познавање на јазик; и
(XIV) сите останати детали кои ги бара надлежниот орган.

(б) Со дозволата се приложува и важечко лекарско уверение, освен во случаи кога се користат права само од STDI.

(в) Материјал. Се користи хартија од прва класа и/или друг соодветен материјал, вклучувајќи ги и пластичните картички за да се спречи или да се види секоја измена или бришење. Надлежниот орган јасно го одобрува секој запис или бришење во образецот.

(г) Јазик. Дозволите се пишуваат на англиски јазик и, ако бараат земјите–членки, на националниот јазик (јазици) и на други јазици доколку се смета дека е соодветно.

Прилог 2

Назив на надлежниот орган и лого *Competent authority's name and logo* (Англиски јазик и секој друг јазик определен од страна на надлежниот орган)	Услови *Requirements* (1)
ЕВРОПСКА УНИЈА (Само англиски јазик)	„Европска Унија“ се брише за земјите што не се земји-членки на ЕУ
ДОЗВОЛА НА (СТУДЕНТ) КОНТРОЛОР НА ЛЕТАЊЕ *(STUDENT) AIR TRAFFIC CONTROLLER LICENCE*	
	Големината на секоја страна е една осмина од форматот А4. *The size of each page shall be one–eight A4.*
Издадена согласно Регулатива (ЕУ) 2015/340 на Комисијата *Issued in accordance with Commission Regulation (EU) 2015/340*	
Оваа дозвола ги исполнува стандардите на ICAO *This licence complies with ICAO Standards*	
Образец 152 на EASA – Издание 1 *EASA Form 152 – Issue 1*	

(1) *Услови*:
Страниците кои се однесуваат на упатствата за начинот на пополнување на дозволата на (студент) контролор на летањето, се наменети за надлежниот орган или оценувачите–испитувачите кои се посебно овластени за продолжување или обновување на посебните овластувања за одредена единица. Надлежниот орган секогаш го внесува првичното издавање на овластувањата, придружните овластувања, посебните овластувања за познавање на јазик, посебните овластувања за инструктор и оценувач–испитувач. Продолжувањето или обновувањето на посебните овластувања за одредена единица ќе ги внесе надлежниот орган или овластените оценувачи–испитувачи.

Прилог 2

I	**Земја на издавање:** *State of issue*	**Услови:** *Requirements:*
II	**Назив на дозволата:** *Title of licence:*	
III	**Сериски број на дозволата:** *Serial number of the licence:*	Серискиот број на дозволата секогаш започнува со ознаката на ОН за земјата на издавање на дозволата, а потоа следи "Дозвола на (студент) ATCO".
IV	**Име и презиме на имателот:** *Serial number of the licence:*	
IVa	**Датум на раѓање:** *Date of birth:*	Се користи стандарден формат на датум, т.е., ден/месец/година (на пр., 31.01.2010)
XIV	**Место на раѓање:** *Place of birth:*	
V	**Адреса на имателот, ако бара надлежниот орган:** Улица, град, област, поштенски број: *Holder's address, if desired by the competent authority:* *Street, town, area, postal code:*	
VI	**Националност на имателот:** *Nationality of holder:*	Се назначува со ознаката на ОН за земјата
VII	**Потпис на имателот:** *Signature of holder:*	
VIII	**Надлежен орган:** *Competent Authority:*	
X	**Потпис на службеното лице кое ја издава дозволата и дата на издавање:** *Signature of officer issuing the licence and data of issue:*	
XI	**Печат или жиг на надлежниот орган:** *Seal or stamp of issuing competent authority:*	

Прилог 2

IX	**Важност на правата:** Имателот има право да ги користи правата од следното овластување(овластувања) и придружно овластување (овластувања), по проверка на важноста: ***Validity of privileges***: *The holder is entitled to exercise the privileges of the following rating(s) and rating endorsement(s), when validated:* Овластување(–а) *Rating(s)* / Дата на прво издавање *Date of first issue* Придружно овластување(–а) *Rating endorsement(s)* / Датум на прво издавање *Date of first issue*	**Услови:** *Requirements:* Англиски јазик и јазик(јазици) кои ќе ги одреди надлежниот орган. Датумот на првото издавање на овластување и/или придружно овластување е датумот на успешното завршување на обуката која е релевантна за тоа овластување и/или придружно овластување.

Прилог 2

XIIa Овластувања и посебни овластувања со датумите на истекот на важноста
Ratings and endorsements with expiry dates

Имателот има право да ги користи правата од следното овластување (овластувања) и придружно овластување (овластувања) во одредената единица (единици) на контролата на летање за кое има важечко посебно овластување (овластувања) за одредена единица, како што е детално наведено подолу во текстот, само ако имателот има важечко лекарско уверение:
The holder is entitled to exercise the privileges of the following rating(s) and rating endorsement(s) at the air traffic services unit(s) for which current unit endorsement(s) is (are) held as detailed below, only if the holder has a valid medical certificate:

Единица (ICAO ознака) *Unit (ICAO indicator)(*)*	Сектор/позиција (*) *Sector/position(*)*	Овластување/посебно овластување *Rating/Endorsement*	Датум на истекот на важност *Expiry date (*)*	Потпис/печат на надлежниот орган или број на дозвола и потпис на оценувачот *Signature/stamp of the authority or licence number and signature of the assessor*

(*) Не се применува на дозвола на студент ATCO
Not applicable for Student ATCO Licence

Страница 5

XIIb	**Останати посебни овластувања:** Имателот има право да користи права од следното посебно овластување (овластувања) ***Other endorsements*** *The holder is entitled to exercise the privileges of the following endorsement(s)* Посебно овластување за OJTI/STDI/ оценувач *OJTI/STDI/Assessor endorsement* / Датум на истекот на важноста *Expiry Date* (3 празни редови)	**Услови: не е применливо** *Requirements: N/A*

Прилог 2

XIII	**Забелешки:** Посебно овластување за познавање на јазик (јазици): [јазик(-ци)/ниво/датум на истек на важноста] ***Remarks:*** *Language proficiency endorsement(s): [language(s)/level/expiry date]*	Треба да се опфати и посебното овластување за познавање на јазик, нивото и датумот на истекот на важноста Овде треба да се внесат сите дополнителни информации за издавањето на дозволата.

Кратенки / *Abbreviations*

Овластувања на контролор на летањето *Air traffic controller ratings*		Услови: не е применливо *Requirements: N/A*
ADV	Аеродромска визуелна контрола Aerodrome Control Visual	
ADI	Аеродромска инструментална контрола Aerodrome Control Instrument	
APP	Приодна процедурална контрола Approach Control Procedural	
APS	Приодна надзорна контрола Approach Control Surveillance	
ACP	Обласна процедурална контрола Area Control Procedural	
ACS	Обласна надзорна контрола Area Control Surveillance	
Придружни овластувања		
AIR	Контрола на воздухоплови во лет Air Control	
GMC	Контрола на движење по земја Ground Movement Control	
TWR	Контролна кула Tower Control	
GMS	Надзорна контрола на движење по земја Ground Movement Surveillance	
RAD	Аеродромска радарска контрола Aerodrome Radar Control	
PAR	Прецизен приоден радар Precision Approach Radar	
SRA	Приод по надзорен радар Surveillance Radar Approach	
TCL	Терминална контрола Terminal Control	
OCN	Океанска контрола Oceanic Control	
Посебни овластувања во дозволата		
OJTI	Инструктор за обука на работно место On–the–job training instructor	
STDI	Инструктор за обука на синтетички уред за обука Synthetic training device instructor	
Assessor	Оценувач–испитувач Assessor	

Прилог 2

Додаток 2 кон Анекс II

УВЕРЕНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО (ATCO TOs)
***CERTIFICATE FOR AIR TRAFFIC CONTROLLER TRAINING ORGANIZATIONS* (ATCO TOs)**

Европска унија ([1])
European Union

Надлежен орган
Competent authority

УВЕРЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО (ATCO TOs)
(БРОЈ НА УВЕРЕНИЕТО/РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ)
***AIR TRAFFIC CONTROLLER TRAINING ORGANIZATION CERTIFICATE* (ATCO TOs)**
(CERTIFICATE NUMBER/REFERENCE)

Согласно Регулатива (ЕУ) бр. 2015/340 на Комисијата и согласно условите кои се наведени подолу, [надлежниот орган] со ова потврдува
Pursuant to Commission Regulation (EU) No 2015/340 and subject to the conditions specified below, the [competent authority] hereby certifies

[НАЗИВ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОБУКА]
[NAME OF THE TRAINING ORGANIZATION]
[АДРЕСА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОБУКА]
[ADDRESS OF THE TRAINING ORGANIZATION]

како организација за обука со уверение издадено согласно Дел ATCO.OR со право да спроведува обука согласно Дел ATCO, како што е наведено во приложеното одобрение за обука.
as a Part ATCO.OR certified training organization with privileges to provide Part ATCO training, as listed in the attached training approval.

Услови за одобрението и права:
Terms of approval and privileges:

Ова уверение се ограничува на правата и обемот на спроведување на обука како што е наведено во приложеното одобрение за обуката.
This Certificate is limited to the privileges and the scope of providing training as listed in the attached training approval

Ова уверение важи сѐ додека организацијата која поседува уверение се придржува кон Дел ATCO.OR, Дел ATCO и останатите важечки прописи.
This Certificate is valid whilst the certified organization remains in compliance with Part ATCO.OR, Part ATCO and other applicable regulations.

Ова уверение важи согласно придржувањето кон претходно наведените услови на одобрението и правата, освен ако не вратено, заменето, ограничено, привремено одземено или повлечено.
Subject to compliance with the foregoing terms of approval and privileges, this certificate shall remain valid unless the certificate has been surrendered, superseded, limited, suspended or revoked.

Датум на издавање:
Date of issue:

Потпис: [Надлежен орган]
Signed: [Competent authority]

EASA Образец 153 – Издание 1, страница 1/2
EASA Form 153 – Issue 1, Page 1/2

([1]) „Европска Унија“ се брише за земјите кои не се земји–членки на ЕУ.

Прилог 2

УВЕРЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО
ОДОБРЕНИЕ ЗА ОБУКА
AIR TRAFFIC CONTROLLER TRAINING ORGANIZATION CERTIFICATE
TRAINING APPROVAL

Прилог кон уверение за ATCO TO број:
Attachment to ATCO.TO certificate number:

[БРОЈ НА УВЕРЕНИЕТО/РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ]
[CERTIFICATE NUMBER/REFERENCE]

[НАЗИВ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ЗА ОБУКА]
[NEME OF THE TRAINING ORGANIZATION]

стекнала права да ја обезбеди и спроведува следната обука согласно Дел ATCO:
has obtained the privileges to provide and conduct the following training in accordance with Part ATCO:

ТИП(-ОВИ) НА ОБУКА *TYPE(S) OF TRAINING*			
Тип на обука ***Type of training***	**Курс** ***Course***	**Придружни овластувања([1])** ***Rating endorsements ([1])***	**Забелешки([2])** ***Remarks ([2])***
☐ Почетна обука за ATCO *ATCO Initial training*	☐ Основна обука *Basic training*	не е применливо *n/a*	
	☐ Обука за овластување([3]) *Rating training ([3])* ---------- ----------		
☐ Обука за ATCO за одредена единица *ATCO Unit training*	----------([4]) ----------		
☐ Континуирана обука на ATCO *ATCO Continuation training*	☐ Обука за освежување на знаењето на ATCO *ATCO Refresher training*	не е применливо *n/a*	
	☐ Обука за конверзија ([5]) *ATCO Conversion training ([5])*	не е применливо *n/a*	
☐ Обука на инструкторот за практична обука *Practical instructor training*	не е применливо *n/a*	не е применливо *n/a*	
		не е применливо *n/a*	
☐ Обука за оценувач–испитувач *Assessor training*	не е применливо *n/a*	не е применливо *n/a*	
		не е применливо *n/a*	

Одобрението за овој курс за обука важи сè додека:
(а) уверението за ATCO TO не се врати, замени, ограничи, привремено одземе или повлече; и

(б) сите активности се вршат согласно Дел ATCO.OR, Дел ATCO, други важечки прописи, и, по потреба, согласно постапките во документацијата на организацијата како што се бара согласно Дел

([1]) Надлежниот орган ги утврдува придружните овластувања согласно ATCO.B.015 за кои се спроведува обуката, ако е соодветно.
([2]) Секогаш кога е потребно.
([3]) Надлежниот орган ги утврдува овластувањата согласно ATCO.B.010 за кои се спроведува обука.
([4]) Надлежниот орган ги утврдува посебните овластувања за одредена единица, за кои се спроведува обука.
([5]) Не е општа обука, се спроведува по потреба, *ad hoc,* по добивање на посебно одобрение од надлежниот орган.

Прилог 2

ATCO.OR.:

This training course approval is valid as long as:

(a) *the ATCO certificate has not been surrendered, superseded, limited, suspended or revoked; and*

(b) *all operations are conducted in compliance with Part ATCO.OR, Part ATCO, other applicable regulations, and, when relevant, with the procedures in the organisation's documentation as required by Part ATCO.OR.*

Датум на издавање:
Date of issue:

Потпис: [надлежен орган]
Signed: [Competent authority]

За земјата-членк/EASA
For the Member State/EASA

Прилог 2

Додаток 3 кон Анекс II

УВЕРЕНИЕ ЗА ОВЛАСТЕНИ ЛЕКАРИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ (AMEs) ([1])
***CERTIFICATE FOR AERO–MEDICAL EXAMINERS* (AMEs) ([1])**

Европска унија ([2])
European Union

Надлежен орган
Competent authority

УВЕРЕНИЕ ЗА ОВЛАСТЕН ЛЕКАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ (AMEs)
УВЕРЕНИЕ [БРОЈ/РЕФЕРЕНТЕН БРОЈ]

AERO–MEDICAL EXAMINER CERTIFICATE
CERTIFICATE [NUMBER/REFERENCE]

Согласно Регулатива (ЕУ) бр. 2015/340 на Комисијата и согласно условите кои се наведени подолу, [надлежниот орган] со ова потврдува
Pursuant to Commission Regulation (EU) No 2015/340 and subject to the conditions specified below, the [competent authority] hereby certifies

[ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ ЛЕКАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ]
[NAME OF THE AERO–MEDICAL EXAMINER]

[АДРЕСА НА ОВЛАСТЕНИОТ ЛЕКАР ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ]
[ADDRESS OF THE AERO–MEDICAL EXAMINER]

како овластен лекар за проценка на здравствената способност
as aero–medical examiner

УСЛОВИ:
1. Ова уверение се ограничува на правата кои се наведени во прилогот на ова уверение за AME;
2. Со ова уверение се бара придржување кон правилата за спроведување и процедурите кои се наведени во Дел MED и/или во ATCO.MED, што е соодветно;
3. Ова уверение важи три години до [xx/yy/zzzz ([3])] во зависност од придржувањето кон условите наведени во Дел MED и/или во Дел ATCO.MED, што е соодветно, освен ако истото не се врати, замени, привремено одземе или повлече.

CONDITIONS:
1. *This certificate is limited to the privileges specified in the attachment to this AME certificate;*
2. *This certificate requires compliance with the requirements with the implementing rules and procedures specified in Paer MED and/or ATCO.MED as appropriate.*
3. *This certificate shall remain valid for a period of three years until [xx/yy/zzzz ([3])] subject to compliance with the requirements of Part MED and/or Part ATCO.MED as appropriate unless it has been surrendered, superseded, suspended or revoked.*

Датум на издавање:
Date of issue:

Потпис: [надлежен орган]
Signature: [Competent authority]

([1]) EASA Образец 148 – издание 1
([2]) „Европска Унија“ се брише за земјите кои не се земји–членки на ЕУ.
([3]) Датум на истекот на важноста: ден/месец/година

Прилог 2

УВЕРЕНИЕ ЗА ОВЛАСТЕНИ ЛЕКАРИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ (AMEs)
***CERTIFICATE FOR AERO–MEDICAL EXAMINERS* (AMEs)**

Прилог кон уверение за AME број:
Attachment to AME certificate number:

ПРАВА И ОБЕМ
PRIVILEGES AND SCOPE

[Име и академско звање на овластениот лекар за проценка на здравствената способност] стекнал право(-а) да врши воздухопловно–медицински прегледи и процени за издавање на лекарски уверенија како што е наведено во табелата подолу и да ги издава овие лекарски уверенија за:
[Name and academic title of the aero – medical examiner] has obtained the privilege(s) to undertake aero–medical examinations and assessments for the issuance of medical certificates as stated in the table below and to issue these medical certificates for:

LAPL *LAPL*	[да/датум] *[yes/date]*
Класа 2 *Class 2*	[да/датум] *[yes/date]*
Продолжување/обновување за класа 1 *Class 1 revalidation/renewal*	[да/датум]/[не] *[yes/date]/[no]*
Продолжување/обновување за класа 3 *Class 3 revalidation/renewal*	[да/датум]/[не] *[yes/date]/[no]*

_____
Датум на издавање:
Date of issue:

_____
Потпис: [надлежен орган]
Signature: [Competent authority]

Прилог 2

Додаток 4 кон Анекс II

УВЕРЕНИЕ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНО–МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТРИ (AeMCs) ([1])
***CERTIFICATE FOR AERO–MEDICAL CENTRES* (AeMCs) ([1])**

Европска унија ([2])
European Union ([2])

Надлежен орган
Competent authority

УВЕРЕНИЕ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНО–МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР
УПАТУВАЊЕ
AERO–MEDICAL CENTRE CERTIFICATE
REFERENCE

Согласно Регулатива (ЕУ) бр. 2015/340 на Комисијата и согласно условите кои се наведени подолу, [надлежниот орган] со ова потврдува
Pursuant to Commission Regulation (EU) No 2015/340 and subject to the conditions specified below, the [competent authority] hereby certifies

[НАЗИВ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА]
[NAME OF THE ORGANISATION]

[АДРЕСА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА]
[ADDRESS OF THE ORGANISATION]

како овластен воздухопловно–медицински центар согласно Дел ORA со права и обем на активности како што е наведено во приложените услови на одобрението.
as a Part ORO certified aero–medical centre with the privileges and the scope of activities as listed in the attached terms of approval.

УСЛОВИ:
1. Ова уверение се ограничува на обемот на делот од одобрението за одобрениот прирачник на организацијата;
2. Со ова уверение се бара придржување кон процедурите кои се наведени во документацијата на организацијата согласно Дел ORA.
3. Ова уверение важи во зависност од придржувањето кон условите наведени во Дел ORA, освен ако истото не се врати, замени, привремено одземе или повлече.

CONDITIONS:
1. *This certificate is limited to the scope of approval section of the approved organisation manual;*
2. *This certificate requires compliance with the procedures specified in the organisation documentation as required by Part ORA.*
3. *This certificate shall remain valid subject to compliance with the requirements of Part ORO unless it has been surrendered, superseded, suspended or revoked.*

_____
Датум на издавање:
Date of issue:

_____
Потпис: [надлежен орган]
Signature: [Competent authority]

([1]) EASA Образец 146 – издание 1
([2]) „Европска Унија“ се брише за земјите кои не се земји–членки на ЕУ.

Прилог 2

АНЕКС III

ДЕЛ ATCO.OR

УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ И ВОЗДУХОПЛОВНО–МЕДИЦИНСКИТЕ ЦЕНТРИ

ПОДДЕЛ А

ОПШТИ УСЛОВИ

ATCO.OR.A.001 Обем

Во овој дел, наведен во овој Анекс, се утврдуваат условите кои се важечки за организациите за обука на контролорите на летањето и воздухопловно–медицинските центри со цел да се добие и одржи уверение согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и оваа регулатива.

ПОДДЕЛ В

УСЛОВИ ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ

ATCO.OR.B.001 Поднесување на барање за уверение на организација за обука

(а) Условите за уверение на организација за обука се поднесуваат навремено до надлежниот орган со цел да му се овозможи на надлежниот орган да го процени барањето. Барањето се доставува согласно процедурата која ја воспоставил надлежниот орган.

(б) Подносителите на барање за прво уверение докажуваат пред надлежниот орган како тие ќе се придржуваат кон условите утврдени во Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и оваа регулатива.

(в) Барањето за уверение за организација за обука ги опфаќаат следните информации:

(1) име и адреса на подносителот на барањето;

(2) адреса(-ите) на деловното седиште(-а) (вклучувајќи го, каде е соодветно, и списокот на одредените единици на АТС), ако адресата е различна од адресата на подносителот на барањето која е наведена погоре во точка (а);

(3) имиња и детали за контакт:

(i) на одговорниот раководител;
(ii) раководителот на организацијата за обука, доколку не е лицето наведено погоре во (i);
(iii) лицето, односно лицата, кои организацијата за обука ги именувала како лица за контакт (координатори), за комуникација со надлежниот орган;

(4) датум на планираниот почеток на активностите или измените;

(5) список на типовите на обука што треба да се спроведува и најмалку по еден курс за обука од секој тип на обука што се планира да се спроведува;

(6) изјавата за придржување кон важечките услови ја потпишува одговорниот раководител, со наведување дека организацијата за обука постојано се

Прилог 2

придржува кон условите;

(7) процесите на системот за управување; и

(8) датум на поднесување на барањето.

ATCO.OR.B.005 Начини за придржување

(а) Организација може да користи алтернативни начини за придржување кон АМС, кои ги усвоила Агенцијата, за да воспостави придржување кон Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и оваа регулатива.

(б) Кога организација сака да користи алтернативни начини за придржување, таа, пред да ги спроведе истите, му доставува на надлежниот орган комплетен опис на алтернативните начини за придржување. Во описот се опфатени сите ревизии на прирачниците или процедурите кои може да се релевантни, како и проценатa со која се докажува придржувањето кон Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и нејзините правила за спроведување.

(в) Организацијата може да ги спроведува овие алтернативни начини за придржување со претходно одобрение од надлежниот орган и по приемот на известувањето како што е пропишано во ATCO.AR.A.015(г).

ATCO.OR.B.010 Услови на одобрението и права на организацијата за обука врз основа на уверението

(а) Организациите за обука се придржуваат кон обемот и правата кои се утврдени во условите на одобрението што е приложено кон уверението на организацијата.

(б) Со цел да се обезбеди дека се исполнети важечките услови наведени во Поддел D од Анекс I (Дел ATCO), правото да се спроведува обука за одредена единица и континуирана обука се дава само на организациите за обука кои:

(1) имаат уверение за давање на услуги на контролата на летањето; или

(2) имаат склучено посебен договор со давателот на АТС.

ATCO.OR.B.015 Измени во организацијата за обука

(а) За измените во организацијата кои влијаат врз уверението или врз условите на одобрението на организацијата за обука или кој било друг важен елемент од системите за управување од организацијата за обука потребно е претходно одобрение од надлежниот орган.

(б) Организациите за обука се договараат со нивните надлежни органи за измените за кои е потребно претходно одобрение покрај оние наведени во точка (а).

(в) За кои било измени за кои е потребно претходно одобрение согласно наведеното во точките (а) и (б), организацијата за обука поднесува барање за и добива одобрение кое го издава надлежниот орган. Барањето се доставува пред воведување на каква и да е измена со цел да му се овозможи на надлежниот орган да го утврди постојаното придржување кон оваа регулатива и да го измени, ако е потребно, уверението на организацијата за обука како и соодветните услови на одобрението кое се приложува кон истото.

Прилог 2

Организациите за обука му ја доставуваат на надлежниот орган севкупната релевантна документација.

Измените се спроведуваат само по добивање на формално одобрение од надлежниот орган согласно ATCO.AR.E.010.

За време на вакви измени, ако е соодветно, организациите за обука работат согласно условите пропишани од надлежниот орган.

(г) Со цел да се добие одобрение, надлежниот орган веднаш се известува за измените на елементите наведени во точка (а) настанати заради непредвидливи околности.

(д) Управувањето со, и известувањето до надлежниот орган за, сите измени за кои не е потребно претходно одобрение се врши како што е дефинирано во процедурата која ја одобрил надлежниот орган согласно ATCO.AR.E.010.

(ѓ) Организациите за обука го известуваат надлежниот орган кога ќе прекинат со своите активности.

ATCO.OR.B.020 Континуирана важност

(а) Уверението на организација за обука важи сè додека уверението не се врати или не се повлече и сè додека организацијата за обука се придржува кон условите наведени во Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 и оваа регулатива, земајќи ги предвид одредбите кои се однесуваат на постапувањето со наодите согласно ATCO.OR.B.030.

(б) Уверението се враќа кај надлежниот орган веднаш по неговото повлекување или по прекинување на сите активности.

ATCO.OR.B.025 Пристап до просториите и податоците на организација за обука

Организацијата за обука и подносителите на барање за уверение за организација за обука му овозможуваат пристап на секое лице кое е овластено од или делува во има на надлежниот орган до соодветните простории заради преглед на потребната евиденција, податоци, процедури и кои било друг материјал кој е релевантен за извршување на задачите на надлежниот орган.

ATCO.OR.B.030 Наоди

По приемот на известувањето за наоди, кое го издава надлежниот орган согласно ATCO.AR.E.015, организацијата за обука:

(а) ја утврдува причината за наодот;

(б) го дефинира акциониот план за поправни мерки; и

(в) докажува пред надлежниот орган дека поправните мерки се спроведени во рокот кој е договорен со тој надлежен орган како што е дефинирано во ATCO.AR.E.015.

ATCO.OR.B.035 Моментална реакција на проблем поврзан со безбедноста

Прилог 2

Организацијата за обука ја спроведува секоја безбедносна мерка која надлежниот орган ја наложил согласно ATCO.AR.C.001(а)(3) за активностите на организацијата за обука.

ATCO.OR.B.040 Пријавување на настани

(а) Организацијата за обука која спроведува обука на работно место го известува надлежниот орган, и која било друга организација за која државата на операторот бара да биде известена, за секоја несреќа, сериозен инцидент и настан како што е дефинирано во Регулатива (ЕУ) бр. 996/2010 на Европскиот парламент и на Советот ([1]), а кои произлегуваат од нивните активности за обука.

(б) Пријавите се доставуваат што е можно поскоро, но во секој случај во рок од 72 часа откако организацијата за обука ја утврдила состојбата на која се однесува пријавата, освен ако тоа не е можно заради исклучителни околности.

(в) Ако е соодветно, организациите за обука подготвуваат дополнителен извештај во кој ги наведуваат деталите за мерките кои тие планираат да ги преземат заради спречување на слични настани во иднина, штом ќе се утврдат овие мерки.

(г) Без да е во спротивност со наведеното во Регулатива (ЕУ) бр. 996/2010 и Регулатива (ЕУ) бр. 376/2014, пријавите споменати во точките (а), (б) и (в) се изготвуваат во облик и на начин што ги утврдил надлежниот орган и ги содржат сите важни информации за состојбата што ѝ е позната на организацијата.

ПОДДЕЛ С

УПРАВУВАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА ОБУКА НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО

ATCO.OR.C.001 Систем за управување во организација за обука

Организациите за обука воспоставуваат, спроведуваат и одржуваат систем за управување, кој го опфаќа следното:

(а) јасно дефинирани линии на одговорноста и овластувањата во целата организација, вклучувајќи ја и директната одговорност на безбедноста на одговорниот раководител;

(б) опис на сите начела на организацијата што се однесуваат на безбедноста, што се нарекува политика на безбедноста;

(в) утврдување на опасностите на воздухопловната безбедност, кои се последица од активностите на организацијата за обука, нивната процена и управувањето со поврзаните ризици, вклучувајќи ги и активностите за намалување на ризиците и проверката на нивната ефикасност;

(г) одржување на обученоста и компетентноста на персоналот за извршување на нивните задачи;

(д) документација за сите клучни процеси на системот за управување, вклучувајќи го

([1]) Регулатива (ЕУ) бр. 996/2010 на Европскиот парламент и на Советот од 20 октомври 2010, за истражување и спречување на несреќи и инциденти во цивилното воздухопловство и за укинување на Директива 94/56/ЕЗ (Сл. весник L 295, 12.11.2010, стр. 1).

Прилог 2

и процесот за запознавање на персоналот со нивните одговорности и процедурата за на оваа документација;

(ѓ) функција за следење на придржувањето на организацијата кон важните услови. Следењето на придржувањето опфаќа и систем за повратни информации за наодите до одговорниот раководител за да се обезбеди ефикасно спроведување на поправните мерки, ако е потребно.

(е) систем за управување е пропорционален на големината на организацијата и нејзините активности, имајќи ги предвид опасностите и поврзаните ризици кои се својствени за овие активности.

ATCO.OR.C.005 Договорни активности

(а) Организациите за обука обезбедуваат дека при склучување договор за или набавка на кои било делови од нивните активности, договорената или купената активност или дел од активноста се во склад со важечките услови.

(б) Кога организација за обука склучува договор за кој било дел од нејзината активност со организација која самата нема уверение согласно оваа регулатива за вршење на таа активност, организацијата со која се склучува договорот работи согласно условите на одобрението кое се содржи во уверението кое ѝ е издадено на организацијата за обука која го склучува договорот. Организацијата за обука која го склучува договорот обезбедува дека на надлежниот орган му се дава пристап во организацијата со која се склучува договорот за да се утврди постојаното придржување кон важечките услови.

ATCO.OR.C.010 Услови за персоналот

(а) Организацијата за обука именува одговорен раководител.

(б) Организацијата за обука именува лице или лица кои се одговорни за обуката. Ова лице или лица се крајно одговорни пред одговорниот раководител.

(в) Организациите за обука имаат доволен број на квалификуван персонал за планираните задачи и активности кои треба да се извршуваат согласно важечките услови.

(г) Организациите за обука водат евиденција за инструкторите за настава по теоретско познавање, која ги опфаќа и нивните професионални квалификации, соодветното знаење и искуство, како и нивната документација, процена на техниките на настава и предметите за кои имаат право да вршат настава.

(д) Организациите за обука воспоставуваат процедура за одржување на компетентноста на инструкторите за настава по теоретско познавање.

(ѓ) Организациите за обука обезбедуваат дека инструкторите по практична настава и оценувачите успешно ја завршиле обуката за освежување на знаењето со цел продолжување на нивното соодветно посебно овластување.

(е) Организациите за обука водат евиденција на лицата кои се квалификувани за процена на компетентноста на инструкторите за практична настава и на компетентноста на оценувачите согласно ATCO.C.045, заедно со нивните соодветни посебни овластувања.

Прилог 2

ATCO.OR.C.015 Простории и опрема

(а) Организациите за обука располагаат со простории кои им овозможуваат спроведување и управување со сите планирани задачи и активности согласно оваа регулатива.

(б) Организацијата за обука обезбедува дека синтетичките уреди за обука се во склад со важечките спецификации и услови соодветни на задачата.

(в) За време на обуката на работно место, организацијата за обука обезбедува дека инструкторот располага со исти информации како и лицето кое е на обука за OJT и со средства за моментална интервенција.

ATCO.OR.C.020 Водење на евиденција

(а) Организациите за обука водат детална евиденција за лицата кои се на обука или кои завршиле обука, за да покажат дека се исполнети сите услови за курсевите за обука.

(б) Организациите за обука воспоставуваат и одржуваат систем за водење на евиденција на професионалните квалификации и процени на техниките на обука на инструкторите и оценувачите, како и на предметите кои имаат право да ги предаваат, ако е соодветно.

(в) Евиденциите кои се бараат во точките (а) и (б) се чуваат најмалку пет години согласно важечкиот национален закон за заштита на податоците:

(1) откако лицето кое е на обука ќе го заврши курсот; и

(2) откако инструкторот или оценувачот ќе престанат да ја извршуваат задачата за организацијата за обука, ако е применливо.

(г) Процесот на архивирање, вклучувајќи го и форматот на евиденцијата прецизно се наведуваат во системот за управување на организацијата за обука.

(д) Евиденцијата се чува на обезбеден начин.

ATCO.OR.C.025 Финансирање и осигурување

Организациите за обука докажуваат дека имаат на располагање доволно финансиски средства за вршење на обуката согласно оваа регулатива и дека активностите се доволно покриени со осигурување согласно природата на обуката која се спроведува и дека активностите може да се вршат согласно оваа регулатива.

ПОДДЕЛ D

УСЛОВИ ЗА КУРСЕВИ ЗА ОБУКА И ЗА ПЛАНОВИ ЗА ОБУКА

ATCO.OR.D.001 Услови за курсеви за обука и за планови за обука

Организациите за обука изготвуваат:

(а) планови за обуката и курсеви на обуката кои се поврзани со типот(-вите) на обука

која се спроведува согласно условите кои се пропишани во Анекс I (Дел ATCO), Поддел D;

(б) предмети, цели на предметите, теми и поднаслови за придружните овластувања согласно условите кои се пропишани во Анекс I (Дел ATCO):

(в) начини за проценувања согласно ATCO.D.090(a)(3) и ATCO.D.095(a)(3).

ATCO.OR.D.005 Резултати од испитите и проценитe и уверенија

(а) Организацијата за обука му ги дава на увид на кандидатот неговите резултати од испитите и проценитe и, на барање на кандидатот, издава уверение со неговиот резултат од испитите и проценитe.

(б) По успешно завршување на почетната обука, или обуката за овластување за стекнување на дополнително овластување, организацијата за обука издава уверение.

(в) Уверение за завршена почетна обука се издава само на барање на кандидатот ако се завршени сите предмети, теми и поднаслови кои се содржат во Додаток 2 кон Анекс I и ако кандидатот успешно ги положил соодветните испити и процени.

ПОДДЕЛ Е

УСЛОВИ ЗА ВОЗДУХОПЛОВНО–МЕДИЦИНСКИТЕ ЦЕНТРИ

ATCO.OR.E.001 Воздухопловно–медицински центри

Воздухопловно–медицинските центри (AeMCs) ги применуваат одредбите наведени во Поддел ORA.AeMC од Анекс VII кон Регулатива (ЕУ) бр. 290/2012 на Комисијата ([1]), со тоа што:

(а) сите упатувања за класа 1 се заменуваат со класа 3; и

(б) сите упатувања за Дел MED се заменуваат со Дел.ATCO.MED.

([1]) Регулатива (ЕУ) бр. 290/2012 на Комисијата од 30 март 2012 година за изменување на Регулатива (ЕУ) бр. 1178/2011 за утврдување на техничките услови и административните постапки во врска со членовите на екипаж во цивилното воздухопловство согласно Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник L 100, 5.4.2012, стр. 1).

Прилог 2

АНЕКС IV

ДЕЛ ATCO.MED

УСЛОВИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА СПОСОБНОСТ НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ

ПОДДЕЛ А

ОПШТИ УСЛОВИ

ОДДЕЛ 1

Општо

ATCO.MED.A.001 Надлежен орган

За целите на овој дел, надлежен орган е:

(а) за воздухопловно–медицинските центри (AeMCs):

(1) органот кого го определила земјата–членка во која се наоѓа главното деловно седиште на AeMC;

(2) Агенцијата, ако AeMC се наоѓа во трета земја.

(б) за овластените лекари за процена на здравствената способност (AMEs):

(1) органот кого го определила земјата–членка во која се наоѓа главното место за вршење на дејноста на AMEs;

(2) ако главното место за вршење на дејноста на AME се наоѓа во трета земја, надлежниот орган кого го определила земјата–членка во која AME го поднесува барањето за издавање на уверението.

ATCO.MED.A.005 Обем

Во овој дел, наведен во овој анекс, се утврдуваат условите за:

(а) издавање, периодот на важноста, продолжување и обновување на лекарско уверение кое е потребно за користење на правата од дозвола на контролор на летање или од дозвола на студент–контролор на летање, со исклучок на инструкторот на синтетички уред за обука; и

(б) издавање на уверение на AMEs за издавање на лекарски уверенија – класа 3.

ATCO.MED.A.010 Дефиниции

За потребите на овој дел, се применуваат следните дефиниции:

(а) „акредитиран медицински заклучок (accredited medical conclusion)" е заклучокот на еден или повеќе медицински стручњаци, кој е прифатлив за надлежниот орган за издавање на дозволи, а кој е донесен врз основа на објективни и недискриминирачки критериуми за целите на случајот за кој станува збор, во

консултација со оперативни стручњаци или други стручњаци, по потреба, вклучувајќи и процена на оперативниот ризик;

(б) „воздухопловно–медицинска процена (aero–medical assessment)" е заклучокот за здравствената способност на подносител на барање, врз основа на проценатa на медицинската анамнеза на подносителот на барањето и воздухопловно–медицинските прегледи кои се бараат во овој дел и дополнителните прегледи и медицинските испитувања, по потреба;

(в) „воздухопловно–медицински преглед (aero–medical examination)" е преглед, палпација, перкусија, аускултација или друг начин на испитување посебно за утврдување на здравствената способност за користење на правата од дозволата;

(г) „специјалист за очи (eye specialist)" е офталмолог или специјалист за вид квалификуван за оптометрија и обучен да препознае патолошки состојби;

(д) „испитување (investigation)" е процена на сомнителна патолошка состојба на подносител на барање преку прегледи и испитувања за да се потврди постоење или непостоење на истата;

(ѓ) „надлежен орган за издавање на дозволи (licensing authority)" е надлежниот орган на земјата–членка, кој ги издал дозволите, или до кој лице поднесува барање за издавање на дозвола, или, кога лицето сѐ уште не поднело барање за издавање на дозвола, надлежниот орган согласно овој дел;

(е) „ограничување (limitation)" е состојба наведена во лекарското уверение во склад со која се постапува при користење на правата од дозволата;

(ж) „грешка на рефракција (refractive error)" е отстапување од еметропија која се мери во диоптрии во меридијанот со најголема аметропија, мерено со стандардни методи;

(з) „значително (significant)" е степен на здравствена состојба, чие влијание би го спречило безбедното користење на правата од дозволата.

ATCO.MED.A.015 Лекарска тајна

Сите лица кои се вклучени во воздухопловно–медицинските прегледи, воздухопловно–медицинските процени и издавање на уверенија обезбедуваат дека лекарската тајна се почитува за цело време.

ATCO.MED.A.020 Намалување на здравствената способност

(а) Имателите на дозволи не смеат никогаш да ги користат правата од своите дозволи кога:

(1) се свесни за какво било намалување на својата здравствена способност, кое може да ги оневозможи безбедно да ги користат своите права;

(2) земаат или користат каков било препишан или непрепишан лек, кој најверојатно може да влијае врз безбедното користење на правата од дозволата;

(3) подлежат на каков било медицински, хируршки или друг третман кој може да влијае врз безбедното користење на правата од дозволата.

Прилог 2

(б) Покрај ова, имателите на лекарско уверение класа 3, веднаш и пред да ги користат правата од нивните дозволи, бараат воздухопловно–медицински совет кога:

(1) им била извршена хируршка интервенција или инвазивна постапка;

(2) започнале со редовно користење на какви било лекови;

(3) претрпеле каква било поголема повреда, која вклучува неспособност за користење на правата од дозволата;

(4) имале каква било болест, која вклучува неспособност за користење на правата од дозволата;

(5) се бремени;

(6) биле примени во болница или на клиника;

(7) за првпат им се потребни корективни леќи;

Во овие случаи АеМС или АМЕ ја проценува здравствената способност на имателот на дозволата или на студент–контролор на летањето и одлучува дали тие се способни да продолжат да ги користат нивните права.

ATCO.MED.A.025 Обврски на АеМС и АМЕ

(а) При вршење на воздухопловно–медицински прегледи и процени како што се бара во овој дел, АеМС или АМЕ:

(1) обезбедуваат дека може да се воспостави комуникација со подносителот на барањето без никакви јазични бариери;

(2) го запознаваат подносителот на барањето со последиците на давање на нецелосни, неточни или лажни изјави за својата медицинска анамнеза;

(3) го известуваат надлежниот орган за издавање на дозволи доколку подносителот на барањето дава нецелосни, неточни или лажни изјави за својата медицинска анамнеза;

(4) го известуваат надлежниот орган за издавање на дозволи доколку подносителот на барањето го повлекол барањето за лекарско уверение во која било фаза на постапката;

(б) По завршување на воздухопловно–медицинските прегледи и процени, АеМС и АМЕ:

(1) го известуваат подносителот на барањето дали е способен, неспособен или се упатува кај надлежниот орган кој издава дозволи;

(2) го известуваат подносителот на барањето за секое ограничување кое се внесува во лекарското уверение; и

(3) ако подносителот на барањето е оценет како неспособен, го известуваат за неговото право за преиспитување на одлуката; и

(4) до надлежниот орган кој издава дозволи веднаш доставуваат потпишан, или

Прилог 2

електронски заверен, извештај кој содржи детални резултати од воздухопловно–медицинскиот преглед и процена за лекарското уверение и примерок од образецот на барањето, образецот од прегледите и од лекарското уверение; и

(5) го известуваат подносителот на барањето за неговите одговорности во случај на намалување на здравствената способност како што е наведено во ATCO.MED.A.020.

(в) AeMCs и AMEs водат детална евиденција за воздухопловно–медицинските прегледи и процени кои се извршени согласно овој дел и за резултатите од истите, за период од најмалку 10 години, или за период кој е утврден во националните закони и други прописи доколку овој период е подолг.

(г) AeMCs и AMEs му ги доставуваат на медицинскиот проценувач на надлежниот орган, на барање, сите воздухопловно–медицински податоци и извештаи, како и сите други важни информации кога е потребно за:

(1) издавање на лекарско уверение;

(2) работи поврзани со надзорот;

ОДДЕЛ 2

Услови за лекарски уверенија

ATCO.MED.A.030 Лекарски уверенија

(а) Подносителите на барање за и имателите на дозвола на контролор на летањето, или студент–контролор на летањето имаат лекарско уверение класа 3.

(б) Имател на дозвола не смее никогаш да има повеќе од едно лекарско уверение кое е издадено согласно овој дел.

ATCO.MED.A.035 Барање за лекарско уверение

(а) Барањето за лекарско уверение се поднесува на образец кој го воспоставил надлежниот орган.

(б) Подносителите на барање за лекарско уверение им доставуваат на AeMC или AME:

(1) доказ за нивниот идентитет;

(2) потпишана изјава:

(i) за медицински факти кои се однесуваат на медицинската анамнеза;

(ii) за тоа дали порано поднесувале барање за лекарско уверение или дали биле на воздухопловно–медицински преглед за лекарско уверение и, ако биле, кај кого се прегледувале и со какви резултати;

(iii) за тоа дали некогаш биле оценети како неспособни или дали некогаш лекарското уверение им било привремено одземено или повлечено.

Прилог 2

(в) Кога поднесуваат барање за продолжување или обновување на лекарското уверение, подносителите на барањето пред почеток на соодветниот воздухопловно–медицински преглед на АеМС или АМЕ им го доставуваат последното лекарско уверение.

ATCO.MED.A.040 Издавање, продолжување и обновување на лекарски уверенија

(а) Лекарско уверение се издава, продолжува или обновува само откако ќе се завршат потребните воздухопловно–медицински прегледи и процени и кога кандидатот е оценет како способен.

(б) Прво издавање:

Првите лекарски уверенија – класа 3 ги издава АеМС.

(в) Продолжување и обновување:

Лекарските уверенија класа – 3 ги продолжува или обновува АеМС или АМЕ.

(г) АеМС или АМЕ издаваат, продолжуваат или обновуваат лекарско уверение само ако:

(1) кандидатот им доставил целосна медицинска историја и, на барање на АеМС или АМЕ, резултати од воздухопловно–медицинските прегледи и испитувања кои ги извршил лекар на кандидатот или некој друг лекар–специјалист; и

(2) АеМС или АМЕ вршат воздухопловно–медицинска процена врз основа на воздухопловно–медицинските прегледи и испитувања кои се потребни за да се потврди дека кандидатот ги исполнува сите релевантни услови наведени во овој дел.

(д) АМЕ, АеМС или во случај на упатување, надлежниот орган кој издава дозволи може да побараат од кандидатот да направи дополнителни лекарски прегледи или испитувања кога е клинички индицирано, пред да се издаде, продолжи или обнови лекарското уверение.

(ѓ) Надлежниот орган кој издава дозволи може да издаде или повторно да издаде лекарско уверение, што е соодветно, ако:

(1) станува збор за случај кој е упатен;

(2) утврдил дека се потребни корекции на информациите во уверението, во кој случај се повлекува неточното лекарско уверение.

ATCO.MED.A.045 Период на важност, продолжување и обновување на лекарски уверенија

(а) Период на важност:

(1) Лекарските уверенија – класа 3 важат 24 месеци.

(2) Периодот на важноста на лекарските уверенија – класа 3 се намалува на 12 месеци за имателите на дозволи што наполниле 40 години. Лекарско уверение

Прилог 2

кое е издадено пред да наполни 40 години, престанува да важи кога имателот на дозвола ќе наполни 41 години.

(3) Периодот на важноста на лекарско уверение, вклучително кој било односен преглед или посебно испитување:

(i) се одредува од староста на кандидатот на денот на вршење на воздухопловно–медицински преглед; и

(ii) се пресметува од датумот на воздухопловно–медицинскиот преглед во случај на прво издавање и обновување, а во случај на продолжување од датумот на истекување на важноста на претходното лекарско уверение.

(б) Продолжување

Воздухопловно–медицинските прегледи и процени за продолжување на лекарско уверение може да се вршат 45 дена пред истекот на важноста на лекарското уверение.

(в) Обновување

(1) Ако имателот на лекарско уверение не се придржува кон наведеното во точка (б), потребно е да се изврши воздухопловно–медицински преглед и процена.

(2) Ако е изминат периодот на важноста на лекарското уверение:

(i) помалку од 2 години, се врши рутински воздухопловно–медицински преглед за продолжување; или

(ii) повеќе од 2 години, АеМС или АМЕ, по процена на воздухопловно–медицинските податоци на кандидатот, врши само воздухопловно–медицински преглед за обновување;

(iii) повеќе од 5 години, се применуваат условите за воздухопловно–медицински прегледи за прво издавање, а проценатa се заснова врз условите за продолжување.

ATCO.MED.A.046 Привремено одземање или повлекување на лекарско уверение

(а) По повлекување на лекарското уверение, имателот веднаш го враќа лекарското уверение кај надлежниот орган за издавање на дозволи.

(б) По привремено одземање на лекарското уверение, имателот го враќа лекарското уверение кај надлежниот орган за издавање на дозволи, на барање на органот.

ATCO.MED.A.050 Упатување

Ако кандидат за лекарско уверение – класа 3 се упати кај надлежниот орган за издавање на дозволи согласно наведеното во ATCO.MED.B.001, АеМС или АМЕ ја испраќаат соодветната медицинска документација до надлежниот орган за издавање на дозволи.

Прилог 2

ПОДДЕЛ B

УСЛОВИ ЗА ЛЕКАРСКИ УВЕРЕНИЈА НА КОНТРОЛОРИТЕ НА ЛЕТАЊЕ

ОДДЕЛ 1

Општо

ATCO.MED.B.001 Ограничувања на лекарските уверенија

(а) Ограничувања на лекарски уверенија – класа 3:

(1) Ако кандидатот не ги исполнува во целост условите за лекарско уверение – класа 3, но се смета дека нема да го загрози безбедното користење на правата од дозволата, АеМС или АМЕ:

(i) го упатуваат кандидатот кај надлежниот орган за издавање на дозволи да донесе одлука за неговата здравствена способност, како што е наведено во овој поддел; или

(ii) во случаи кога упатувањето кај надлежниот орган за издавање на дозволи не е наведено во овој поддел, проценуваат дали кандидатот е способен безбедно да ги извршува своите должности кога се придржува кон едно или повеќе ограничувања кои се впишани во лекарското уверение, и, по потреба, го издаваат лекарското уверение со ограничување(-а).

(2) АеМС или АМЕ може да продолжат или обноват лекарско уверение со истото ограничување без да го упатат кандидатот кај надлежниот орган за издавање на дозволи.

(б) Кога се проценува дали е потребно ограничување, посебно се зема предвид:

(1) дали акредитираниот медицински заклучок укажува дека во посебни околности неможноста на кандидатот да исполни услов, без разлика дали е нумеричко или поинакво, е таква што користењето на правата од дозволата нема да го загрозат безбедното користење на правата од дозволата;

(2) искуството на кандидатот кое е соодветно на работата која ја врши.

(в) Оперативни ограничувања

(1) Надлежниот орган, заедно со давателот на услуги на воздухопловната навигација, ги утврдува оперативните ограничувања кои може да се применат во специфичното оперативно опкружување за кое станува збор.

(2) Само надлежниот орган за издавање на дозволи ги внесува соодветните оперативни ограничувања во лекарското уверение.

(г) Кои било други ограничувања може да се наметнат на имателот на лекарско уверение, ако е потребно за да се обезбеди безбедно користење на правата од дозволата.

(д) Секое ограничување наметнато на имателот на лекарско уверение се наведува во истото.

Прилог 2

ОДДЕЛ 2

Услови за здравствена способност за лекарски уверенија – класа 3

ATCO.MED.B.005 Општо

Кандидатите не смеат да имаат ништо од наведеното што би предизвикало одреден степен на функционална неспособност која најверојатно би влијаела врз безбедното извршување на должностите или која би можела ненадејно да го онеспособи кандидатот безбедно да ги користи правата од дозволата:

(1) абнормалност, вродена или стечена;

(2) активно, латентно, акутно или хронично заболување или неспособност;

(3) рана, повреда или последица од операција;

(4) дејство или несакани ефекти од кои било препишани или непрепишани терапевтски, дијагностички или превентивни лекови кои ги користи.

ATCO.MED.B.010 Кардиоваскуларен систем

(а) Преглед:

(1) Стандарден 12-канален електрокардиограм (ECG) во мирување и резултат од истиот потребно е да се изврши при прегледот за прво издавање на лекарско уверение, а потоа:

(i) на секои 4 години до навршени 30 години;,

(ii) потоа при секој преглед за продолжување или обновување; и

(iii) кога е клинички индицирано.

(2) Комплетна кардиоваскуларна процена се врши:

(i) при прегледот за прво продолжување или обновување, по навршени 65 години;

(ii) потоа на секои 4 години; и

(iii) кога е клинички индицирано.

(3) При прегледот за прво издавање на лекарско уверение, при првиот преглед по наполнети 40 години и кога е клинички индицирано потребно е да се изврши процена на липидите во серумот, вклучувајќи го и холестеролот.

(б) Кардиоваскуларен систем – општо:

(1) Кандидатите со која било од долунаведените состојби се оценуваат како здравствено неспособни:

(i) аневризма на торакалната или супрареналната абдоминална аорта, пред операција;

(ii) значителна функционална или симптоматска абнормалност на кој било

Прилог 2

залисток на срцето;

(iii) трансплантација на срце или на срце/бели дробови.

(2) Кандидатите со утврдена историја на болест или дијагноза за некоја од следните состојби се упатуваат до надлежниот орган за издавање на дозволи, пред да се донесе оцена дека се здравствено способни:

(i) периферно артериско заболување, пред или по операција;

(ii) аневризма на торакалната/градната или абдоминалната/стомачната аорта, по операција

(iii) аневризма на инфра–реналната абдоминална аорта, пред или по операција

(iv) функционална безначајна неправилност на залистоците на срцето;

(v) по операција на залистоците на срцето;

(vi) неправилност на перикардот, миокардот или ендокардот;

(vii) вродена срцева мана, пред или по корективна операција;

(viii) повторлива вазовагална синкопа;

(ix) тромбоза на артериите или вените;

(x) белодробна емболија;

(xi) кардиоваскуларна состојба за која е потребна систематска антикоагулантна терапија.

(в) Крвен притисок:

(1) Крвниот притисок се мери при секој преглед.

(2) Крвниот притисок на кандидатот мора да биде во нормални граници.

(3) Кандидатите се оценуваат како здравствено неспособни кога:

(i) имаат симптоми на низок притисок (симптоматска хипотензија); или

(ii) нивниот крвен притисок при преглед постојано е повисок од 160 mmHg систоличен и/или 95 mmHg дијастоличен, со или без терапија;

(4) Почетокот на терапија со лекови заради контрола на крвниот притисок бара оценување на привремено неспособен, со цел да се утврди дека не постојат никакви значителни несакани дејства.

(г) Заболување на коронарните артерии

(1) Кандидатите со некоја од следните состојби се оценуваат како здравствено неспособни:

(i) симптоматско заболување на коронарните артерии;

Прилог 2

(ii) симптоми на заболување на коронарните артерии кое се контролира со лекови.

(2) Кандидатите со некоја од следните состојби се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и поминуваат кардиолошка процена за да се исклучи исхемија на миокардот пред да се донесе оцена здравствено способен:

(i) суспектна исхемија на миокардот;

(ii) асимптоматско помало заболување на коронарните артерии, за кое не е потребно анти–ангинално лекување,

(3) Кандидатите со историја на болест или со дијагноза за која било од следните состојби се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и поминуваат кардиолошка процена пред да се оценат како здравствено способни:

(i) исхемија на миокардот;

(ii) инфаркт на миокардот;

(iii) реваскуларизација и стентирање заради заболување на коронарните артерии.

(д) Нарушување на ритамот / спроводливост

(1) Кандидатите за лекарско уверение – класа 3, кои имаат какво било значајно нарушување на спроводливоста или ритамот, повремено или постојано, се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи, и поминуваат кардиолошка процена со задоволителни резултати пред да се оценат здравствено способни. Овие нарушувања опфаќаат што било од следното:

(i) нарушувања на суправентрикуларниот ритам, вклучувајќи повремена или постојана синоатријална дисфункција, атријална фибрилација и/или флатер (треперење) и/или асимптоматски синус паузи;

(ii) комплетен лев блок;

(iii) Мобиц (Mobitz) тип 2 атриовентрикуларен блок;

(iv) опсежна и/или слаба комплексна тахикардија;

(v) вентрикуларна пре–ексцитација;

(vi) асимптоматски продолжен QT интервал;

(vii) електрокардиографски докажан Brugada синдром.

(2) Кандидатите со која било состојба наведени во точките од (i) до (viii) може да се оценат како здравствено способни ако не постојат никакви други неправилности и ако поминат задоволителна кардиолошка процена:

(i) некомплетен лев блок;

(ii) комплетен десен блок;

Прилог 2

(iii) стабилна девијација на левата оска;

(iv) асимптоматска синусна брадикардија;

(v) асимптоматска синусна тахикардија;

(vi) асимптоматски изолиран униформен суправентрикуларен или вентрикуларен ектопичен комплекс;

(vii) атриовентрикуларен блок од прв степен;

(viii) атриовентрикуларен блок Mobitz 1;

(3) Кандидатите со историја на која било од следните состојби се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и поминуваат задоволителна кардиоваскуларна процена пред да се оценат како здравствено способни:

(i) аблатио терапија;

(ii) вграден пејсмејкер;

(4) Кандидатите со која било од следните состојби се оценуваат како здравствено неспособни:

(i) симптоматска синоатријална болест;

(ii) комплетен атриовентрикуларен блок;

(iii) симптоматски продолжен QT интервал

(iv) автоматски имплантабилен систем на дефибрилација;

(v) вентрикуларен анти–тахикардиски пејсмејкер.

ATCO.MED.B.015 Респираторен систем

(а) Кандидатите со значајно оштетување на функцијата на белите дробови се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи заради воздухопловно–медицинска процена. Оценката здравствено способен може да се донесе по опоравување на функцијата на белите дробови на задоволителен начин.

(б) Преглед:

При првиот преглед и на основа на клинички индикации потребно е да се извршат испитувања на функцијата на белите дробови.

(в) Кандидати со историја на заболување или со утврдена дијагноза на астма за која е потребно лекување мора да поминат успешна респираторна процена. Доколку кандидатот е асимптоматичен и лекувањето не влијае врз безбедноста, тој може да се оцени како здравствено способен:

(г) Кандидатите со историја на заболување или со утврдена дијагноза за некоја од следните болести се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и поминуваат задоволителна респираторна процена пред да се оценат како здравствено способни:

Прилог 2

(1) активно воспаление на системот за дишење;

(2) активна саркоидоза;

(3) пнеумоторакс;

(4) синдром на апнеја (привремено запирање на дишењето при спиење);

(5) поголема хируршка интервенција на градниот кош;

(6) хронична опструктивна пулмонарна болест;

(7) трансплантација на белите дробови.

ATCO.MED.B.020 Дигестивен систем

(а) Кандидатите со каква и да било последица од болест или хируршка интервенција во кој било дел на дигестивниот систем и неговите аднекси, која најверојатно би можела да ја намали способноста, посебно ако постои каква и да е опструкција од структура или компресија, се оценуваат како здравствено неспособни.

(б) Кандидатите не смеат да имаат хернија која би можела да предизвика симптоми на намалување на способноста:

(в) Кандидатите со нарушувања на гастро–интестиналниот систем, вклучувајќи ги и оние наведени во точките од (1) до (5) може да се оценат како здравствено способни, во зависност од задоволителната гастроентеролошка процена по успешно лекување или целосно заздравување по операција:

(1) зачестени диспептички тегоби за кои се потребни лекарства;

(2) панкреатитис;

(3) симптоматски камења во жолчката;

(4) утврдена дијагноза или историја на хронично воспаление на цревата;

(5) по извршена хируршка интервенција на дигестивниот систем или на неговите аднекси, вклучувајќи целосно или делумно отстранување или премостување на кој било од овие органи;

ATCO.MED.B.025 Заболувања во врска со метаболизмот и ендрокините жлезди

(а) Кандидатите со пречки во метаболизмот, исхраната или ендокрините жлезди може да се оценат како здравствено способни, ако се докаже стабилност на состојбата и по задоволителна воздухопловно–медицинска процена.

(б) Дијабетес

(1) Кандидатите со дијабетес (diabetes mellitus), кои треба да земаат инсулин се оценуваат како здравствено неспособни.

(2) Кандидатите кои имаат дијабетес (diabetes mellitus), но кои не треба да земаат инсулин за контрола на шеќерот во крвта се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи. Тие може да се оценат како

Прилог 2

здравствено способни, ако се докаже дека контролата на шеќерот во крвта е постигната и е стабилна.

ATCO.MED.B.030 Хематологија

(а) Испитувањето на крвта, ако е потребно, го утврдуваат АМЕ или АеМСК, имајќи ја предвид медицинската анамнеза и по физички преглед.

(б) Кандидатите со хематолошка состојба, како што е:

(1) нарушување на коагулацијата, хеморагијата или тромбозата;

(2) хронична леукемија;

(3) нарушување на хемоглобинот, вклучувајќи но не ограничувајќи се на, анемија, еритроцитоза или хемоглобинопатија;

(4) значително зголемување на лимфните жлезди;

(5) зголемување на слезината,

се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи. Тие може да се оценат како здравствено способни по задоволителна воздухопловно–медицинска процена.

(в) Кандидатите кои страдаат од акутна леукемија се оценуваат како здравствено неспособни.

ATCO.MED.B.035 Урогенитален систем

(а) Анализата на урина е составен дел на секој воздухопловно–медицински преглед. Уринатa не смее да содржи ниту еден патолошки значителен абнормален елемент.

(б) Кандидатите коишто имаат каква било последица од болест или хируршка интервенција на урогениталниот систем или неговите аднекси, која најверојатно би предизвикала губиток на способноста, особено ако има какви и да било пречки поради стеснување или компресија, се оценуваат како здравствено неспособни.

(в) Кандидатите со урогенитални нарушувања, како што е:

(1) заболување на бубрезите;

(2) еден или повеќе уринарни камчиња;

може да се оценат како здравствено способни што подлежи на задоволителна нефролошка/уролошка процена.

(г) Кандидатите:

(1) кај кои е извршена потешка хируршка интервенција на урогениталниот систем или неговите аднекси, вклучувајќи целосно или делумно отстранување или премостување на кој било од неговите органи; или

(2) кај кои е извршена потешка уролошка операција;

Прилог 2

се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи на воздухопловно–медицинска процена по целосно опоравување пред да се оценат како здравствено способни.

ATCO.MED.B.040 Инфективни болести

(а) Кандидатите кои се ХИВ позитивни се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и може да се оценат како здравствено способни по задоволителна специјалистичка процена и под услов дека надлежниот орган за издавање на дозволи има доволно докази дека терапијата не го загрозува безбедното користење на правата од дозволата.

(б) Кандидатите кои имаат дијагноза или симптоми на инфективни болести како што се:

(1) акутен сифилис;
(2) активна туберкулоза;
(3) инфективен хепатитис;
(4) тропски болести;

се упатуваат кај надлежниот орган на воздухопловно–медицинска процена. Тие може да се оценат како здравствено способни по целосно опоравување и специјалистичка процена под услов дека надлежниот орган за издавање на дозволи има доволно докази дека терапијата не го загрозува безбедното користење на правата од дозволата.

ATCO.MED.B.045 Акушерство и гинекологија

(а) Кандидатите кај кои е извршена потешка гинеколошка операција се оценуваат како здравствено неспособни до целосно оздравување.

(б) Бременост

Во случај на бременост, ако АеМС или АМЕ смета дека имателот на дозвола е здравствено способен да ги користи своите права, тој може да го ограничи периодот на важноста на лекарското уверение до крајот на 34-та недела од бременоста. Имателот на дозвола оди на воздухопловно–медицински преглед и процена за продолжување после целосно опоравување по бременоста.

ATCO.MED.B.050 Мускулен и скелетен систем

(а) Кандидатот мора да има задоволително ниво на функционалност на мускулниот и скелетниот систем, кој му овозможува безбедно користење на правата од дозволата.

(б) Кандидатите кои имаат статичка или прогресивна мускулна, скелетна или реуматолошка состојба која би можела да влијае врз безбедното користење на правата од дозволата се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи. Тие може да се оценат како здравствено способни по задоволителна специјалистичка процена.

ATCO.MED.B.055 Психијатрија

Прилог 2

(а) Кандидатите со ментално растројство или пореметување во однесувањето заради користење или злоупотреба на алкохол или други психоактивни супстанции, вклучувајќи и рекреативни супстанции со или без зависност, се оценуваат како здравствено неспособни сè до период на документирана трезвеност или престанок на користење или злоупотреба и до добивање на задоволителна психијатриска оцена по успешно лекување. Кандидатите се упатуваат до надлежниот орган за издавање на дозволи.

(б) Кандидатите со психијатриски состојби, како што се:

(1) нарушување на расположението;

(2) невротични нарушувања;

(3) нарушувања на личноста;

(4) ментално растројство и нарушувања во однесувањето,

поминуваат задоволителна психијатриска оцена пред да се врши процена на здравствената способност. Кандидатите се упатуваат до надлежниот орган за издавање на дозволи заради процена на нивната здравствена способност.

(в) Кандидатите со историја на поединечен испад или повторливи испади за намерно самоповредување се оценуваат како здравствено неспособни. Кандидатите се упатуваат до надлежниот орган за издавање на дозволи и поминуваат задоволителна психијатриска оцена пред да се донесе оцена за здравствено способен.

(г) Кандидатите со утврдена историја или клиничка дијагноза на шизофренија, шизоидно нарушување, нарушување со халуцинации или манија се оценуваат како здравствено неспособни.

ATCO.MED.B.060 Психологија

(а) Кандидатите кои имаат симптоми на стрес кои најверојатно би влијаеле врз нивната способност сигурно да ги користат правата од дозволата, се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи. Тие може да се оценат како здравствено способни по психолошка и/или психијатриска процена која покажува дека кандидатот се опоравил од симптомите на стрес.

(б) Психолошка процена може да се бара како дел од или дополнување на специјалистички психијатриски или невролошки преглед.

ATCO.MED.B.065 Неврологија

(а) Кандидатите со утврдена историја или клиничка дијагноза за некои од следните состојби се оценуваат како здравствено неспособни:

(1) епилепсија, освен во случаите наведени во (б)(1) и (2);

(2) повторливи епизоди на нарушување на свеста од непозната причина;

(3) состојби со голема склоност кон церебрална дисфункција.

(б) Кандидатите со утврдена историја на болест или клиничка дијагноза за некои од

Прилог 2

следните состојби се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и одат на дополнителна процена пред да се оценат за здравствено способни:

(1) епилепсија без рецидив по навршени 5 години;

(2) епилепсија без рецидив и без медицински третман во период подолг од 10 години;

(3) епилептиформни неправилности на ЕЕГ и спори фокални бранови;

(4) прогресивно или непрогресивно заболување на нервниот систем;

(5) една епизода на нарушување или губење на свеста;

(6) повреда на мозокот;

(7) повреди на спиналните или периферни нерви.

(8) нарушувања на нервниот систем поради васкуларни недостатоци, вклучувајќи хеморагиски и исхемиски настани.

ATCO.MED.B.070 Систем за вид

(а) Преглед

(1) Деталниот преглед на очите претставува составен дел од првиот преглед и се врши периодично во зависност од рефракцијата и функционалните перформанси на видот.

(2) Рутинскиот преглед на очите претставува составен дел на сите прегледи за продолжување и обновување.

(3) Кандидатите одат на тонометрија при прегледот за прво продолжување по навршени 40 години старост, кога за тоа постојат клинички индикации и ако постои фамилијарна анамнеза.

(4) Кандидатите им доставуваат на АеМС или АМЕ извештај од офталмолошкиот преглед во случаи кога:

(i) функционалноста покажува значителни промени;

(ii) стандардите за гледање на далечина може да се постигнат само со корективни леќи.

(5) Кандидатите со голема грешка на рефракција се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи.

(б) Острината на видот при гледање на далеку мора да е 6/9 (0,7) или подобра на секое око посебно, а острината на видот на двете очи да е 6/6 (1,0) или подобра.

(в) Кандидатите за прво издавање на лекарско уверение кои имаат монокуларен или функционално монокуларен вид, вклучувајќи и проблеми со рамнотежата на очниот мускул се оценуваат како здравствено неспособни. При прегледите за продолжување или обновување кандидатот може да се оцени како здравствено способен, под услов дека офталмолошкиот преглед е задоволителен. Кандидатот се упатува кај надлежниот орган за издавање на дозволи.

Прилог 2

(г) Кандидатите за прво издавање на лекарско уверение со стекнат супстандарден вид на едно око се оценуваат како здравствено неспособни. При прегледите за продолжување или обновување, кандидатот се упатува до надлежниот орган за издавање на дозволи и може да се оцени како здравствено способен под услов дека офталмолошкиот преглед е задоволителен.

(д) Кандидатите мора да се во состојба да ја читаат N5 таблицата, или еквивалент, на растојание од 30 – 50 сантиметри и N14 таблицата, или еквивалент, на растојание од 60 – 100 сантиметри, со корекција, ако е потребно.

(ѓ) Кандидатите мора да имаат нормални видни полиња и нормална бинокуларна функција.

(е) Кандидатите кои имале операција на око се оценуваат како здравствено неспособни сѐ до целосно опоравување на функцијата на видот. Надлежниот орган за издавање на дозволи може да ги оцени како здравствено способни по задоволителна офталмолошка процена.

(ж) Кандидатите со клиничка дијагноза на кератоконус се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и може да се оценат како здравствено способни по задоволителен преглед од офталмолог.

(з) Кандидатите со диплопија се оценуваат како здравствено неспособни.

(ѕ) Очила и контактни леќи

(1) Ако задоволителна функција на видот за должностите за кои се има овластување се постигнува само со користење на корекција, очилата или контактните леќи мора да обезбедуваат оптимална функција на видот, добро да се поднесуваат и да се соодветни за потребите на контролата на летањето.

(2) Не смее да се користи повеќе од еден пар на очила за време на користењето на правата од дозволата, со цел да се исполнат условите за вид на сите растојанија.

(3) Мора да има на располагање резервен комплет на очила со слична корекција за време на користење на правата од дозволата(-ите).

(4) Контактните леќи, кога се носат за време на користење на правата од дозволата, се монофокални, безбојни и не смее да се користат ортокератолошки леќи. Не се користат контакти леќи за моновизија.

(5) Кандидатите со голема грешка на рефракција мора да користат контактни леќи или очила со леќи со голем индекс.

ATCO.MED.B.075 Распознавање на бои

Од кандидатите се бара да покажат способност за лесно распознавање на бои (нормални трихомати).

ATCO.MED.B.080 Оториноларингологија

(а) Преглед:

Прилог 2

(1) Рутинскиот оториноларинголошки преглед претставува дел од прегледот за прво издавање, продолжување и обновување на лекарско уверение.

(2) Слухот се испитува на секој преглед. Кандидатот мора точно да разбере говор кога се тестира секое уво на растојание од 2 метри од и со грб свртен кон АМЕ.

(3) Слухот се испитува со чиста тонална аудиометрија на првиот преглед и на последователните прегледи за продолжување или обновување, и тоа, на секои четири години до навршени 40 години, а потоа на секои две години.

(4) Чиста тонална аудиометрија:

(i) Кандидатите за лекарско уверение – класа 3, не смеат да имаат никаква загуба на слухот ни на едно уво поголема од 35 dB на која било фреквенција од 500, 1000 и 2000 Hz, или повеќе од 50 dB на 3000 Hz.

(ii) Кандидатите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми за слух се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и мора да ја поминат проценатa од специјалист пред да се оценат за здравствено способни. Кандидатите за прво издавање на уверение одат на тест за разбирање на говор. Кандидатите за продолжување или обновување на лекарско уверение – класа 3 поминуваат функционално испитување на слухот во оперативно опкружување.

(5) Слушни помагала:

(i) Прв преглед: потребата за слушни помагала со цел да се исполнат условите за слух повлекува оцена неспособен.

(ii) Прегледи за продолжување и обновување: може да се земе предвид процена за здравствено способен ако со користење на слушно помагало(-а) или со соодветно протетичко средство се подобрува слухот до степен што при проценатa која се врши со испитување на целосната функционалност на слухот во оперативно опкружување се постигнува нормален стандард.

(iii) Ако е потребно протетичко средство за да се постигне нормален стандард на слухот, на располагање мора да има резервен комплет од уредот или приборот, како што се батерии, кога се користат правата од дозволата.

(б) Кандидати со:

(1) активен хроничен патолошки процес на внатрешното или средно уво;
(2) незаздравена перфорација или дисфункција најмалку на една мембрана на ушното тапанче;
(3) нарушувања на вестибуларната функција;
(4) значителна малформација или значителна хронична инфекција на усната шуплина или горните дишни патишта;
(5) значителни пречки во говорот или гласот кои ја намалуваат можноста за разбирање;

се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и одат на дополнителен ОРЛ преглед и проценка за да се утврди дека таквата состојба не влијае врз безбедното користење на правата од дозволата.

Прилог 2

ATCO.MED.B.085 Дерматологија

Кандидатите не смеат да имаат никаква утврдена дерматолошка состојба која би можела да влијае врз безбедното користење на правата од дозволата која ја имаат.

ATCO.MED.B.090 Онкологија

(а) Кандидатите со дијагноза на примарно или секундарно малигно заболување се упатуваат кај надлежниот орган за издавање на дозволи и мора да поминат задоволителна онколошка процена пред да се земе предвид процена за здравствена способност.

(б) Кандидатите со утврдена историја на болест или клиничка дијагноза за интрацеребрален малиген тумор се оценуваат како здравствено неспособни.

ПОДДЕЛ С

ОВЛАСТЕНИ ЛЕКАРИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ (AME)

ATCO.MED.C.001 Права

(а) Согласно овој дел, правата на AME се да ги продолжува и обновува лекарските уверенија – класа 3 и да ги врши односните воздухопловно–медицински прегледи и процени.

(б) Обемот на правата на AME и кој било услов во врска со истите се наведува во уверението.

(в) Имателите на уверение за AME не смеат да вршат воздухопловно–медицински прегледи и процени во земја–членка која не е земјата–членка која го издала нивното уверение за AME, освен во случаи кога:

(1) од земјата–членка домаќин добиле одобрение да ги вршат своите професионални активности како лекари–специјалисти;

(2) го известиле надлежниот орган на земјата–членка домаќин за своите намери да вршат воздухопловно–медицински прегледи и процени и да издаваат лекарски уверенија во рамките на нивните права како AME; и

(3) добиле инструкции од надлежниот орган од земјата–членка домаќин.

ATCO.MED.C.005 Поднесување на барање

(а) Барањето за добивање на уверение за AME се поднесува согласно процедурата која ја утврдил надлежниот орган.

(б) Кандидатите за уверение за AME на надлежниот орган му го доставуваат следното:

(1) лични податоци и адреса на работодавачот;

(2) документација со која се потврдува дека тие ги исполнуваат условите

Прилог 2

утврдени во ATCO.MED.C.010, вклучувајќи го и уверението за завршени курсеви за обука по воздухопловна медицина соодветна на правата за кои доставуваат барање;

(3) писмена изјава дека AME ќе издава лекарски уверенија врз основа на условите наведени во овој дел.

(в) Ако AME врши лекарски прегледи на повеќе локации, тој му доставува на надлежниот орган соодветни податоци во врска со локациите каде врши прегледи.

ATCO.MED.C.010 Услови за издавање на уверение за AME

Кандидатите за уверение за AME со права за продолжување и обновување на лекарски уверенија – класа 3:

(а) мора да се целосно квалификувани и да имаат лиценца за лекарска пракса и Уверение или доказ за завршено специјалистичко усовршување;

(б) мора успешно да го завршиле основниот и напредниот курс по воздухопловна медицина, вклучувајќи ги и посебните модули за воздухопловно–медицинска процена на контролорите на летање и посебните услови во контролата на летање;

(в) мора да му докажат на надлежниот орган дека:

(1) располагаат со соодветни простории, процедури, документација и функционална опрема соодветна за воздухопловно–медицинските прегледи; и

(2) ги имаат воспоставено потребните процедури и услови за почитување на лекарската тајна.

ATCO.MED.C.015 Курсеви за обука по воздухопловна медицина

(а) Курсевите за обука по воздухопловна медицина ги одобрува надлежниот орган на земјата–членка во која се наоѓа седиштето на организацијата која го спроведува курсот. Организацијата која го спроведува курсот докажува дека наставната програма на курсот ги содржи целите на обуката за стекнување на потребната компетентност и дека лицата кои се задолжени за спроведување на обуката поседуваат соодветно знаење и искуство.

(б) Освен во случај на обука за освежување на знаењето, курсевите завршуваат со писмен испит по предметите опфатени во содржината на курсот;

(в) Организацијата која го спроведува курсот им издава на кандидатите по успешно положен испит уверение за завршена обука.

ATCO.MED.C.020 Измени на уверението за AME

(а) AME го известуваат надлежниот орган за следните околности кои можат да влијаат врз нивното уверение:

(1) кога против AME е поведена дисциплинска постапка или истрага од страна на медицинско регулаторно тело;

Прилог 2

(2) кога постојат какви и да било измени на условите под кои е издадено уверението, вклучувајќи ја и содржината на изјавите дадени при поднесување на барањето;

(3) кога повеќе не ги исполнуваат условите за издавање на уверение за АМЕ;

(4) кога дошло до промена на локацијата каде се врши воздухопловно–медицинската пракса или е сменета контакт адресата.

(б) Ако не се извести надлежниот орган, тоа резултира со привремено одземање или повлекување на правата од уверението за АМЕ, врз основа на одлука од надлежниот орган кој привремено го одзема или повлекува уверението.

ATCO.MED.C.025 Период на важност на уверенијата за АМЕ

Уверението за АМЕ се издава за период кој не е подолг од 3 години. Уверението се продолжува под услов дека имателот:

(а) продолжува да ги исполнува општите услови кои се бараат за лекарска пракса и ја одржува регистрацијата како лекар согласно националните прописи;

(б) бил на обука за освежување на знаењето од воздухопловна медицина и за работното опкружување на контролорите на летање во последните 3 години;

(в) извршил најмалку 10 воздухопловно–медицински прегледи секоја година. Овој број на прегледи може да го скрати само надлежниот орган во оправдани околности;

(г) и понатаму ги исполнува условите од нивното уверение за АМЕ; и

(е) ги користи правата за АМЕ согласно наведеното во овој дел.

Прилог 3

Посебни услови, начин и постапка на утврдување на здравствената способност на персоналот од Класа 4, како и посебните услови што треба да ги исполнуваат здравствените установи и овластен лекар – поединец за вршење на здравствени прегледи на персоналот од Класа 4

Во овој прилог се утврдуваат условите за здравствена способност на персоналот во воздухопловството од Класа 4 во која спаѓа персоналот во воздухопловството кој не е опфатен во Класа1, 2 или 3, а подлежи на здравствени прегледи согласно прописите за соодветниот персонал во воздухопловството.

1. Општо

Условите и правилата во овој документ не можат самите по себе да бидат доволно детални, за да ги опфатат сите можни поединечни ситуации. Поради тоа неопходно е, многу одлуки, кои се однесуваат на проценката на здравствената способност да се остават на просудувањето и изборот на овластениот лекар-поединец (AME), со поддршка од надлежниот орган (AMS). Затоа, проценката мора да се заснова на лекарски преглед, кој целосно се врши согласно највисоките стандарди на лекарска практика. Мора да се посвети и долѓно внимание на правата, кои се даваат со дозволата/овластувањето кои ги применува или има кандидатот за лекарско уверение и условите под кои имателот на дозвола/овластување ќе ги користи тие права при извршување на доделените долѓности. Доколку постојат клинички индикации, треба да се изврши дополнително тестирање на она што е опишано во овој документ, под водство на соодветниот специјалист.

2. Организација на службите за воздухопловна медицина

2.1 Надлежен орган (AMS)

Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошен текст: надлежен орган - AMS) мора да има еден или повеќе лекари, кои имаат искуство во практикување на воздухопловна медицина. Надлежниот орган (AMS) е единствено одговорен за техничките лекарски прашања.
Лекарската доверливост се почитува во секое време. Овластениот лекар-поединец (AME) осигурува дека на надлежниот орган (AMS) му се стават на располагање сите усни и писмени извештаи и електронски складирани информации за здравствените прашања за имателите/кандидатите за дозвола, за да се користат од страна на надлежниот орган (AMS) за вршење на лекарска проценка.

2.2 Воздухопловен медицински центар (AMC)

Воздухопловниот медицински центар (AMC) се определува и овластува или неговото овластување се продолжува по избор на надлежниот орган (AMS).

Воздухопловниот медицински центар (AMC) е

(а) дел од определена болница или медицински институт, или поврзан со нив;

(б) вклучен во клиничка воздухопловна медицина и поврзани активности;

(в) раководен од страна на овластен лекар-поединец (AME), одговорен за координирање на резултатите од проценката и потпишување на извештаи и уверенија и има вработено лекари со соодветна обука и искуство во воздухопловна медицина;

(г) опремен со лекарско-технички капацитети за прегледи од областа на воздухопловната медицина.

2.3 Овластен лекар-поединец (AME)

Надлежниот орган (AMS) определува и овластува лекари, кои имаат квалификации и дозвола за практикување на медицина и кои се соодветно обучени за воздухопловна медицина, за вршење на лекарски прегледи за Класа 4. На овластениот лекар-поединец (AME), кој е одговорен за координирање на резултатите од проценката и потпишување на извештаи му се дозволува пристап до каква било претходна

Прилог 3

документација за воздухопловна медицина која ја има надлежниот орган (AMS) и која е поврзана со прегледите кои може да ги врши овластениот лекар-поединец (AME).

2.4 Обука на овластен лекар-поединец (AME)

